УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ„
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ- СКОПЈЕ

# КРЕАТИВНОСТА НА УЧЕНИЦИТЕ НИЗ СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Магистерски труд

Ментор:
Проф. д-р Марија КОСТОВА

Кандидат:
Мариета ПЕТРОВА

Скопје, Мај 1996 година

## С О Д Р Ж И Н А


*В О В Е Д* 1

*П Р В Д Е Л*

*ТЕОРЕТСКИ СОГЛЕДУВАЊА НА ПРОБЛЕМОТ* 11

*1. ОПШТЕСТВЕНАТА УСЛОВЕНОСТ, КРЕАТИВНОСТА НИЗ СЛОБОДНИТЕ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ* 12

*2. ТЕОРЕТСКИТЕ ОСНОВИ НА КРЕАТИВНОСТА ИЗРАЗЕНА НИЗ СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ* 19

2.1 Дефинирање на поимот креативност и креативните активности 22

2.2 Природата на креативноста и активностите кај учениците (како да се стане креативен и активен) 24

2.3 Природата на креативноста и креативните индивидуи 27

2.4 Предуслови за изразување на креативноста кај учениците во процесот на едукацијата 31

2.5 Некои учења за креативноста 33

*3. НАДАРЕНОСТ И КРЕАТИВНОСТ* 44

*4. СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ И УЧЕНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ* 52

4.1 Креативноста, слободното време и учениците 57

4.2 Креативноста и слободните ученички активности 63

4.3 Организација на слободните ученички активности 75

4.4 Видови на слободни ученички активности 84

*5. МАНИФЕСТИРАЊЕ И ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА КРЕАТИВНОСТА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ* 92

5.1 Карактеристики и особености на креативноста на личноста на ученикот 93

5.2 Можноста за креативно изразување кај децата

– учениците во основното училиште 97
5.3 Улогата на наставникот во негување на креативноста кај учениците 100
5.4 Воспитувањето на креативноста 103

*6. УЛОГАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО НАСОЧУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСИТЕ И КРЕАТИВНОСТА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО НАСТАВАТА И УЧЕНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ* **108**
6.1 Теоретски согледувања за проблемот на креативноста изразена преку наставата и ученичките активности 113

## *В Т О Р   Д Е Л*

*МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО* **117**
*1. ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ* **118**
1.1. Предмет на истражувањето 119
1.2 Дефинирање на основните поими 122
1.3 Предмет и значење на истражувањето 125
1.4 Цел и задачи на истражувањето 126
1.5 Хипотези на истражувањето 127
1.6 Варијабли на истражувањето 128
1.7 Примерок на истражувањето 129
1.8 Методи, техники и инструменти на истражувањето 131
*2. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО* **134**
*3. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА* **138**
*НЕКОИ ФУТУРОЛОШКИ ВИЗИИ* **146**
*Л И Т Е Р А Т У Р А* **155**

## *КРЕАТИВНОСТА НА УЧЕНИЦИТЕ НИЗ СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ*

### *В О В Е Д*

***Симпатичниот и необучен монструм на креативноста ЕМК е роден во текот на подготовката на книгата од Велимир Срича "Управување на креативноста" во издание на "Школска книга", Загреб, 1991 година.***
***Симпатичниот МК најпрвин бил разбушавен, заблест и рогат, додека Велимир, Брана и Светлан не му го дадоа сегашниот изглед кој со задоволство се маскира и ја покажал креативноста. (Тоа потврдува дека креативците се необични, помалку чудни и необични).***
***"Фантазијата е поважна од знаењата"***
***(Алберт Ајнштајн)***

Во современите услови на живеење и дејствување, сé повеќе се актуелизира и наметнува потребата од теоретско-студиско и педагошко проучување и третирање на креативноста и слободните активности, особено кај децата и учениците од основното образование.

Во таа смисла сé повеќе се наметнува потребата од иновирање, трансформирање на системот на воспитанието и образованието, третирајќи ги децата - учениците - субјектите како рамноправни партнери и субјекти, како индивидуи со свои потреби, желби, интереси, склоности и способности, што овозможува изразување, манифестирање на креативноста и креативните способности низ разновидните детски и ученички активности.

Многубројни истражувања констатираат и потврдуваат дека поради тврдоста, шематизмот, вкалапеноста, незнаењата, насилствата, како и колективните психози, кај учениците предизвикуваат страв, немоќ, отпорност од слободата и притоа акцијата и критичката мисла се гуши и уништува една со друга.

Денешното училиште како воспитно-образовна институција се наоѓа пред нови реформски предизвици, што настануваат како резултат на многуте општествени, демократско-плурални движења и промени, плурално-економски, а и како резултат на историско-културно-националното наследство, посебно во сферата на воспитанието и образованието.

Во таа смисла во современите услови на дејствување и валоризирање се јавува критика за работењето и успешноста на денешното училиште како воспитно-образовна институција. Тоа посебно е изразено во педагошката теорија, наставната практика, посебно во класовно-часовниот и одделенски систем, што потекнува од времето на Коменски, бројноста на учениците, оптовареноста со поголем број на часови, примена на класичните форми на наставна работа, занемарувањето на учениците и нивните индивидуални потреби, отсутноста на родителите, стручните соработници и слично, имаат негативни реперкусии, посебно на самостојноста, слободата, интересите, потребата, афинитетите, односно креативноста и слободните активности.

Времето во кое живееме и дејствуваме со сегашните промени и предизвици не поттикнуваат на анализирање на третманот, поставеноста и ефикасноста на денешното училиште и неговото иновирање и преобразување во новото училиште, кое ќе

го одразува времето и потребите, прогресот, креативноста и творештвото.

Во таа насока, интересно е да се нагласат видувањата и сознанијата на повеќе теоретичари и научни работници, педагози и практичари кои спомнуваат дека во денешни услови се јавува потребата од иновирање на денешното училиште, за што е потребно организирано и смислено дејствување на повеќе чинители во иновирањето на ново и современо училиште што ќе одговара на барањата и времето на педагошката наука, како и индивидуалните потреби, интереси, афинитети, што ќе ја одразуваат креативноста, мобилноста, творештвото и ќе ги задоволуваат современите потреби и барања.

Изнесеното потврдува дека денешното традиционално училиште, а во одредени средини и полудневно училиште и понатаму егзистира и наидува на тешкотии и целосно не гизадоволува современите тенденции и барања.

Меѓутоа, сознанијата во педагогијата посебно во училишната педагогија засновани на постигнувањата, познавањата и искуствата од развиените воспитно-образовни системи овозможуваат подруг пристап третирајќи го училиштето како воспитно-образовна институција со специфична задача, улога и функција во прифаќањето и едукацијата на учениците и креативноста, односно ученичките активности.

Поаѓајќи од изнесените специфики, треба да се каже дека воспитанието и образованието не треба да се поистоветува со училиштето, иако тоа и понатаму е значаен чинител во насочувањето, едуцирањето и помагањето на единката за

перманентно знаење и учење, дејствување, прилагодување, сообразување и творење во соодветни познати и непознати ситуации. Ваквиот пристап го иницира и прашањето на доживотното воспитнно-образовно учење и прогресивно менување на личноста не само во институционални туку и во вонинституционални форми на воспитно-образовно дејствување и ангажирање низ слободните активности (разни секции, клубови, друштва, дружини и др.). Тоа пак значи дека воспитно-образовната дејност не треба да се сфати како потрошувачка, туку како интегрална и задолжителна компонента на воспитно-образовната активност, едукацијата во креативно-творечка смисла на индивидуалитетот на личноста на ученикот, зошто овој есенцијален сегмент битно влијае врз задоволување на секојдневните воспитно-образовни слободни активности и културни потреби на субјектот во средината на едукацијата, живеењето и секојдневното дејствување.

Така и денешното училиште во своето трансформирање се наоѓа пред нов реформски предизвик со цел и намера да има поголема автономност во структурирањето на планско-програмската и програмско-курикуларна проекција, елаборација, операционализација и конкретизација и апликација за изнаоѓање на нови курикуларни модели, што ќе претставуваат современ тренд и предизвик на прогресивното и разговетно - развојното. Многу од досегашните реформски зафати и промени на училиштето имаа одредени идеолошки определби, кои во сегашниве услови и прилики се надминати.

Меѓутоа, училиштето не може да стои надвор од општеството, особено основното училиште што претставува темел на севкупната воспитно-образовна стварност и активност. Училиштето треба перманентно да ги следи општествените процеси, промени, движења и потреби, со цел да претставува еден постулат каде ќе се одвиваат современите иновационо-трансформациони и реформски трендови. Во тој контекст и училиштето треба да ги помага, развива и усовршува општествбените процеси и барања. Тоа значи дека училиштето и општеството се наоѓаат во една дијалектичка поврзаност и единственост во градењето на курикуларно-модуларната проекција и содржинско-програмската реализација, евалуација и валидација на постигнатите резултати кај учениците во непосредната воспитно-образовна практика.[1]

Кога зборуваме за иновирање и трансформирање на денешното училиште треба да се има предвид и внатрешната педагошка реформа на училиштето во смисла на осовременување и дидактичко макро и микро презентирање на воспитно-образовните содржини на еден модерен, современ начин во презентација на една нова иновативно-модуларна презентација на самата креација. Таквите иновации во училишни рамки настануваат како резултат на современите техничко-технолошки и педагошко-футуролошки сознанија, трендови и законитости. Во досегашната практика имаше определен застој во одредени развојни етапи на училиштето кога недовлно ги следеше современите предизвици, затоа се инсистира тоа со својата дејност

---

[1]) Valentin Puževski, Osnovna škola - pojava, razvoj i perspektive, Institut za pedagogijska istraživanja, Filozofski fakultet, Zagreb, 1989, str. 20

и креација да ги поттикнува и развојните општествени, научни, економски и други трендови и секогаш да има правовремен усет за следење на секојдневните иновативни промени. Тоа посебно е значајно за благовремено дејствување на училиштето во образовната и културната средина и во социо-економското милје на дејствување и одразување на современите предизвици на времето во кое живееме.

Постојните училишта кај нас не ги обезбедуваат стандардите и нормативите на педагогијата и образованието. Поконкретно, денешното училиште отстапува од духот на времето. Многу од училиштата се препуштени сами на себе. Се преферира образовната, а се запоставува воспитната функција, а тоа има длабоки секојдневни импликации во воспситното дејствување (појава на болестите на зависност од алкохол, дрога, криумчарење, психоматски и девијантни појави и однесувања, непослушност, пасивност, незаинтересираност и сл.). Тоа говори за секојдневен ангажман на сите воспитни фактори и чинители не само во училиштето, туку и надвор од училиштето со меѓусебна соработка, контактирање, соработување и заемно и единствено воспитнои дејствување врз најмладите при што во тој временски период се формира и воспитува личноста на детето како утрешен граѓанин. [2]

Изнесените сознанија потврдуваат дека денешното училиште покрај тешкотиите и срединските разлики, настојувања и предизвици, упатуваат на трансформирање и иновирање на училиштето во современо, модерно и демократско-плурално училиште. Со други зборови, училиштето ја менува филозофијата

---

[2]) Д–р Боривој Самоловчев, Теоретските и методичките основи на воспитната работа, Универзитет „Св. Кирил и Методиј„, Скопје, 1984, стр. 47–74.

на своето постоење и воопшто суштината и битот на едукациско-интеракциско дејствување. Учењето добива димензии на процес на комуникација и може да се управува и со кибрнетички методи. Тоа потврдува дека учењето не е само процес на запомнување, според наставниот план и програма кое е по мерка на апстрактно учење, туку тоа се повеќе станува индивидуално, диференциран процес на самоактивност, а се со цел за развивање на метакогницијата кај учениците. Тоа значи учениците да се оспособат самостојно да го развиваат индивидуалното мисловно и творечко ангажирање, при што ќе дојде до израз самостојноста, творештвото, активноста, критичкото и креативно мислење и дејствување, како и развивање на интелектуалните и умствените способности кај учениците.[3]

Интенциите за осовременување и модернизирање на училиштето како институција да може да се носи со современите иновативно-информатички потреби и барања, д-р Владимир Пољак во својата студија *"Дидактичке иновације и педагошка реформа школе"* и *"Школа и учење"*, наведува трансформирање и иновирање; надминување на традиционализмот во наставата и училиштето; негативистички однос кон училиштето изразено низ девизата "Долу училиштето: (Иван Илиќ), смрт на училиштето и општество без училиште (што е нонсенс и неприфатливо); скептичен дискутабилен и сомнителен однос кон училиштето и неговата улога во сегашниот историски момент; позитивен однос спрема училиштето, одлучно, безрезервно определување за училиштето како општествена установа и нејзината нужност во

---

[3]) Д-р Радивој Квачев, Развијање способности за учење код ученика, Институт за педагошка истраживања, Београд, 1985.
D-r Milan Bakovljev, Suština i perspektive misaone aktivizacije učenika, Beograd, 1983.

сегашниот историски момент на научната и тѕехнолошка револуција. [4]

Во овој цитат авторот приоритет му дава на новиот модерен стил на изградување на ново училиште -реформирано врз иновативните трендови на новото современо, модерно училиште што е одраз на современоста и иновациите во повеќето развиени земји и воспитно-образовни системи.

Поконкретно, тоа значи училиштето треба да ги задоволи потребите и барањата на субјектот-ученикот за самостојно изразување низ процесот на наставата и вонинституционалните и вонучилишните активности со цел за автореализација и израз на творечко-креативните интереси, потреби, желби и барања, што ги задоволувало неговите севкупни креативно-развојни способности, преку наставните содржини, слободните активности, во училиштето и надвор од него, во што голема улога игра активноста на наставникот. Наставникот притоа се јавува во улога и функција на организатор, програмер, планер, аналитичар, методолог, методичар, едукатор, реализатор, организатор и валоризатор на севкупните ученички активности во училиштето, пак и надвор од него.[5]

Императивно на овие цели и задачи се поставува барањето пред наставниците и учениците за поголема мобилност, будност, ефикасност и креативност, односно наставникот да се јавува во улога и функција на водител на активностите и насочувач и координатор, а учениците перманентно да ги будат своите

---

[4]) D-r Vladimir Poljak, "Škola i učenje", Pedagoški rad, br 1/1990, Zagreb, str. 34.
[5]) D-r Marko Stevanović, Kreativnost nastavnika i učenika u nastavi, Istarska naklada, Pula, 1986.

интелектуални, емоционални и волеви активности за перманентно иновативно креативно-творечко развивање на своите интелектуални и умствени способности, односно ученикот сам да ги бара и изнаоѓа модуларните решенија низ изведување на поедини наставни и воннаставни активности, а не тој да биде пасивен рецепиент и да чека готови одговри од наставникот. Значи, ученикот треба да научи како да учи, како да ги спечалува знаењата, како да го развива своето критижко, творежко и креативно мислење и однесување, односно да ги совлада принципите на метакогницијата во педагошкото дејствување и однесување во училиштето и надвор од него.

Од извесното може да се согледа и констатира дека креативноста е мошне значаен сегмент во развојот на учениковата личност, а посебно во воспситно-образовната, наставната и воннаставната, односно слободните активности кои претставуваат полигон за мисловно, творечко и креативно однесување на учениковата личност, при што улогата на наставникот е од посебна важност како насочувачка и водителска. Од тие прижини воспитувањето на креативноста заслужува внимание, бидејќи воспитувањето на креативноста подразбира широка педагошка акција во задоволување на конкретните потреби, во потрага по креативни индивидуи и генерации, за стручно оспособување и воспитување на родителите, воспитувачите и наставниците, за ослободување на нивните креативни потенцијали и ставање во служба на воспитување и развивање на креативноста кај децата, учениците, партиципиентите.

"Воспитувањето на креативноста на педагошко-психолошки и методски план далеку поорганизирано одошто е во моментот, мора да се конкретижира уште од предучилишниот период. Во тој Контекст и играта како најспецифична творечка активност треба да се насочува во развојна функција на следните ментални процеси".[6]

На планот на восспитувањето на креативноста мошне значајни се истражувањата и потврдувањето на повеќето теоретичари кои притоа укажуваат дека родителите, воспитувачите, наставниците, педагозите и психолозите треба да ја почитуваат индивидуата, прашањата, да ги пронаоѓаат одговорите. Да се почитуваат необичните и оригинални идеи и ученикот и индивидуата сама да ја открие нивната вредност, и слижно.

Во стилот на перманентното учење и образование креативноста се јавува како битен сегмент на вредносна ориентација кај учениците и трудот и учењето треба да претставуваат ноторна и движечка сила кај учениковата личност во неговото секојдневно активно и креативно-творечко однесување. Од тие причини проблемот заслужува посебно внимание за негово теоретско, студиско и апликативно истражување и вреднување во педагошката теорија и практика, односно во одделните подсистеми и степени на воспитно-образовната активност и дејствување.

---

[6]) Д–р Никола Петров, м–р Вл. Михајловски, Креативноста и воспитувањето, „Биангл„, Битола, 1995, стр. 22.

# П Р В  Д Е Л

## ТЕОРЕТСКИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА ПРОБЛЕМОТ

## 1. ОПШТЕСТВЕНАТА УСЛОВЕНОСТ, КРЕАТИВНОСТА НИЗ СЛОБОДНИТЕ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Од анализата на стручно-теоретските извори, а и од воспитно-образовната практика, може да се согледа и констатира дека општествените услови и околности во одредени општествено-политички системи имаат свој одраз и влијание во развитокот и унапредувањето на училиштето како воспитно-образовна институција, на неговата поставеност, организираност, ангажираност и во таа смисла и изразување на креативноста и креативните потенцијали на учениците низ разновидните наставни и вонаставни активности на дејствување.

Од изворите на повеќе научни трудови може да се согледа дека одредени општествени механизми не секогаш се во прилог на промените и некои од нив настојуваат да го зцачуваат постојниот систем и односите во него.

Во таквите општествени услови индивидуата, личноста, детето, ученикот, можат да напредуваат и да ги развиваат и оживотворуваат своите идеи.

Тоа потврдува дека индивидуите како личности носат со себе определени потенцијали во смисла на креативност, надареност, талентираност и слично.

Меѓутоа, општествените услови и околности се тие кои ги насочуваат и продуцираат креативните идеи. Од тие причини во средината на општественото дејствување во поширока и потесна смисла на зборот, потребно е да постојат одредени поволни услови и околности во кои поединецот ќе се најде себеси и во тоа наоѓање ќе може да поставува идеи, да твори, создава и менува. Потребно е

толерантно демократско општество, кое е заинтересирано за поединецот и поединецот да се најде себеси во општеството и дејствувањето.

Во такви услови и околности секоја индивидуа ќе се најде себеси, не ќе постои наметнување, не ќе има колективен дух и еднаквост, туку изразувањето на индивидуалноста, прифаќање на идеите и мислите на поединецот, негување на креативно-творечките способности. Тоа говори дека со таквиот однос и третман, се создаваат услови и можности и за менување на општествените, материјалните, демократските услови и можности што ќе овозможат да доаѓаат до израз креативците, истражувачите, и при тоа ќе се почитува вредноста на постигањата, апликативноста и нивната практична примена.

Изнесеното потврдува дека доколку сакаме квалитативен развој, општеството, државата, треба да создаваат можности и услови да биде флексибилно, и да ги прифаќа иновациите, творечко-креативните способности и нивно спроведување во практиката.

Наведеното потврдува дека во оние општества кои тешко ги напуштаат стереотипните однесувања, продуктивноста е само квантитативна, нема квалитет, и не е сообразена со современите трендови, со техниката, технологијата, заостануваат и прават "лет во место".

Земјите на современиот свет се соочуваат и денес се наоѓаат на крстопатот од кадфе се издвојуваат три патишта. Зависно од тоа, колку се вреднува знаењето, колку е развиена информациската инфраструктура и каков е општиот однос кон

инвентивноста, способноста и креативноста на поединецот и институциите во неа.

Во таа смисла денес во практиката во светските релации присутна е една тријада на поставеност на креативност и творештво. Така едни од земјите се вбројуваат во иновациско оппггество, други во имитативно оппггество, а трети во неинвентивно оппггество.

Во историска смисла се наоѓаме помеѓу минатото, во кое инвентивниот поединец се сметал за чуден, сегашноста во која на иноваторите им се придава важност и значење и иднината во која креативниот поединец ќе го добие заслуженото место во општеството.

Значи, се очекува во инвентивното општество на иднината да доминира висока технологија, инвентивност, творештво, нови модулации, изуми и патенти и сл.[7]

Техничко-технолошките, информатичко-иновационите дострели, откритија имаат свој одраз и влијание на начинот на живеењето, дејствувањето и начинот на едуцирањето на учениците и индивидуите, бидејќи информатичко-компјутерската техника овозможува секој ученик да се најде себеси како во стекнување, така и во проверување на знаењата и во индивидуално-логичкото и математичко-смислено сознавање и изразување на своите креативни можности и способности.

Во таа смисла треба да се нагласи дека техниката, технологијата треба да дојде до израз во вонраставнмите активности, низ слободното време. Од искуствата, поставеноста и

---

[7]) Херера–Мандиќ, Образование за 21 столеќе, „Свјетлост„ Сарајево, 1992;

третманот во многу земји, а делумно и кај нас од досегашната практика, вонnаставните активности во нивната поставеност и организираност овозможуваат на еден поголем број ученици да се вклучат во нив, да ги изнесуваат своите идеи, да се ангажираат во сообразувањето и изразувањето и едуцирањето и на способностите и интересите, потенцијалите и при тоа да даваат свој прилог и придонес во индивидуалното, групното и одделенското афирмирање на одделните содржини, кои можат да имаат своја практична примена, а преку тоа овозможуваме поставување на една платформа за негување на учениковите креативни можности и потенцијали за творештво.

Од анализата на повеќе стручно-научни трудови, од теоријата и практиката, може да се согледа дека овој вид на активности не е поставен на вистинското место и не се третира како значаен , туку му се дава периферно место и се формализира заради што се намалува интересот на учениците, наставниците и родителите.[8]

Во смисла на напред изнесеното на ова место потсетуваме дека на европско ниво секоја година во месец мај се организира во Мабург или Хановер, Меѓународна изложба на аудио-визуелни, иновациско-технички и наставни средства познати под името ДИДАКТА, на која се презентираат европските и светските иновациски, технички можности кои овозможуваат примена на модерната образовна технологија,што е во функција на

---

[8]) Креативно–талентираните ученици, [illegible] ученици спрема условите можеме да ги ангажираме како соработници во наставата и надвор од неа. Тие можат повремено да преземат дел од работите што ги наведува наставникот. Тука треба да се има во предвид: воспитните, а и образовните задачи. Поконкретно наведени се некои работи што можат да ги изведуваат талентираните ученици и во наставата и вонnаставните активности. (Види Ivan Cvetić, Darovite učenici kao suradnici u nastavi, "Napredak", br. 2, 1991, Zagreb, str. 203-206;

иновативно-творечките и развивање на креативните можности и способности, как кај наставаниците, така и кај учениците и воспитаниците.

Слични вакви презентации, демонстрации, изложби на наставни средства и учебни помагала на модерната информациско-комуникациска технологија во 1990 година во Атланта-САД е организирана ваква изложба на творечки изуми и патенти.[9]

Во прилог на ова ќе потсетиме дека и во денешното општество постои стремеж за пораст и спремност за акумулација на учење, знаење и умеење на поединците за што е потребна организираност, трансформираност, иновираност и прилагоденост на воспитно-образовните институции за општеството и поединците.

Современото општество што е и општество на иднината го карактеризира информациската интегрираност на сите форми на човековата работа и активност. Во него креативноста ќебиде ослободена од многу елемнети на присила, а развојот на инфраструктурата посебно, комуникациската, ќе даде непредвидливи можности за рационализација на животот и творештвото.

Во такво заокружување, креативните иновативни потенцијали ќе бидат незаобиколлив темел на кој треба да стои целото општество, односно и институциите на системот.

Ако во минатото доминираше вербализмот на знаењата на учениците и механичкото учење, во седумдесеттите години на овој век примена во наставата наоѓаат програмираната натстава и програмираното учење со помош на програмирани учебници и

---

[9]) Поопстојно за ова види: V. Srića, Upravljanje kreativnosti, Školska knjiga, Zagreb, 1992, str.

секвенции. Односно, во "мода" беа поставени специјализираните училници. Во осумдесеттите години на овој век отпочнаа нови процеси на примена на компјутерите во наставата. чиј информатички тренд поинтензивно отпочна по деведесетите години, при што се бара поголема инвентивност, мобилност, творештво и креативност од страна на учениците и воспитаниците, во смисла тие да го развиваат своето критижко, творечко и креативно мислење, односно сами да научат да ги спечалуваат знаењата и да умеат да се служат со методите, техниките на интелектуалното учење и креативно однесување во сите иноваативно-творечки ситуации.[10]

Изнесените сознанија потврдуваат дека иновациите и творештвото е условено од развиеноста на општеството, материјално-финансиските можности и основи, како и од развојно-истражувачките единици во сите сфери на општествено-производственото дејствување, а посебно во иновациско-образовните постулати.

Тоа потврдува дека треба да излеземе од стереотипноста, да се надмине шематизмот и вкалапеноста на мислите, да се ориентираме кон сопствените потенцијали за успешен "влез" во модерна Европа, што може да го мотивира секој поединец и секој човек за инвентивно-креативно дејствување.

Ако сакаме да ги негуваме, воспитуваме особините на индивидуалноста, креативноста, инвентивноста, надареноста, како нужност и задача се наметнува прашањето за редефинирање на системот на воспитаните и образованието, посебно секој еден

[10]) Д–р Ѓорѓе Лекиќ, Школска медијатека„ Јединство„, Приштина, 1986;

подсистем, целите и задачите, структурираноста на наставните планови и програми, и третманот на индивидуата на ученикот-детето, како партнер и субјект во воспитно-образовното дејствување.

Ваквата поставеност е воочлива во повеќе земји и Европа, посебно во Германија и Скандинавските земји, Јапонија, Израел, Франција и други. Од тие причини и ние треба да го прифатиме предизвикот на трансформирањето и иновирањето, да ги почитуваме сопствените позитивни постигања и искуства и да ги сообразуваме современите тенденции согласно нашите услови и можности.

## 2. ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА КРЕАТИВНОСТА ИЗРАЗЕНА НИЗ СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

> ***"Зарем не е голема штета за општеството кога нејзините високо надарени членови, идни млади творци мораат да преседат во училишните клупи, кога се најспособни за творечки дела; зарем нивната стручна дејност не би можела и порано да се заврши, бидејќи по својата природа тие се исклучително способни личности-ученици? Зарем не би било корисно тие млади луѓе што порано да се обезбедат, за да можат потполно да творат„. (Д-р Борислав Стевановиќ, Стваралачко мишљење, Зав.за издавање удџбеника, Београд, 1969).***

Во современи услови на живеење и дејствување се наметнува фактот од иновирање и трансформирање на постојниот истем на воспитание и образование во Република Македонија, од причини што сегашниов, постојниов е граден, темелен врз други идејни, општествени, организациони и стручно-научни постулати, давајќи предност на колективитетот, а запоставувајќи ја индивидуалноста како второстепено. Сето тоа, потврдува и укажува на императивот за менување на вистинската ситуација, за изнаоѓање на нови можности и нов третман и пристап кон личноста, индивидуата, со цел неговите творечки потреби да го имаат примарното место, а не да се гуши самоиницијативноста и творештвото.

Во тој поглед и познатиот стручњак за образование Едгард Фор вели дека компонентите на креативната дејност, акциите и мислењето се неоттуѓив и интегрален дел на индивидуата на детската личност.

Во смисла на изнесеното, слично сфаќање има и Радован Рихта, кој покрај другото вели дека традиционалниот систем на

воспитание и образование ги подготвува луѓето за живот во следните 50 години. Но, системот на образованието го прави тоа на начин што одговара на потребите на денешнината, а не на идната етапа на развојот. Тоа пак само по себе укажува дека традиционализмот, шематизмот, вкалапеноста и еднострaноста не создаваат услови и можности за изразување, манифестирање и едуцирање на креативно-творечките потенцијали. И како да се стане креативен во дејствувањето, во наставата, во секојдневната практика на живеење и однесување, тоа е виталното и отворено прашање што бара одговор од едукаторите и истражувачите во едукативната теорија и практика.

Кога зборуваме за креативност и нејзино изразување низ слободните активности, повеќе помислуваме на оние таленти кои ја оплеменуваат личноста и индивидуата. Во тој поглед се наметнува потребата да одредиме, разграничиме што е креативност и нејзините белези, и како истата може да се препознае и идентификува кај личностите. Но, пред овие суштински карактеристики треба да се даде еден кус развоен тренд на креативноста низ општествено-историските настани во определени општества.

Историјата со своите историографски развојни етапи укажува на менливоста и развојните можности, културни, иметнички, материјални, технички, како и од развитокот на научната мисла. Тоа потврдува дека иновациите не се привилегија на гениите, туку на сите лица кои изразуваат желба, стремеж, потреба кон и мала способност и можности за креативно иновационо творештво, размисли и идеи.

Креативноста и активностите како поим во педагошката литература и периодика се третираат во поново време. Меѓутоа, интересот за овој феномен е присутен од времето на постанокот на човекот.

Првите обиди за толкување на креативноста биле едноставни, мистични и религиски. Поконкретно, се третирале како сфаќања и како претстави за креативната моќ. Тогаш луѓето ја поврзувале со еден или повеќе богови. Според овие верувања Господ е единствен творец. Моќта на креаирање е негова и ретки се оние кои тој ќе одлучи да им ја подари таа моќ.

Ваквите сфаќања и толкувања присутни се во античките легенди и митови во Стара Грција, Рим Египет и други источно цивилизациски земји.

Со појавата на граѓанската класа, се појавува и критичен однос кон овие сфаќања. Луѓето сами почнуваат да се сметаат потенцијални и вистински творци.

Во новите услови преовладува ново сфаќање "помогни си самиот, па и Господ ќе ти помогне". Тоа значи дека креативноста од божја станува човечка особина. Меѓутоа, тоа не може да биде својствено на сите луѓе, туку само на поединци.

Со јакнењето на економската моќ, индустриската развиеност се доведува до поголеми ивестиции во креацијата, инвенцијата, зашто и моќните институции се стремат да ги добијат најдобрите креативци - истражувачи, во кои се вбројуваат: научниците, креативците, уметниците, поетите и др. Значи во почетокот на 20-от век се направени и првите обиди за активно творештво, за третирање и проучување на креативноста, што ќе овозможи и нов

однос и пристап кон ова суштествено едуколошко прашање, подеднакво значајно за педагошката теорија и за воспитната и образовната практика.

### 2.1 *Дефинирање на поимот креативност и креативните активности*

Во современата педагошка и психолошка литература и периодика се користат повеќе термини за децата, учениците, индивидуите со изразени интелектуални и истражувачки способности и особини, како на пример: креативност, надареност, талентираност, творечко мислење, активност, самоактивност, самостојна работа и слично.

Креативноста не е ништо друго, туку црти на личноста што нормално се дистрибуира кај сите деца, како способност, кај некои деца во поголема, а кај други во помала мера.

Тоа е стил и начин на живеење и секојдневно однесување на имагинарно-творечко-креативните личности и индивидуи во флексибилните однесувања и имагинарното творење и создавање на нешто модерно-иновационо и творечко.

Во тој поглед ќе го споменеме амерканскиот психолог Торенс. Тој креативноста ја определува како процес низ кој личноста станува свесна за еден проблем, тешкотија, или пак на знаење, за кој не може да најде познато и готово решение. Така бара можни решенија, поставувајќи, проценувајќи хипотези, проверка и соопштување на резултатите.

Креативноста не се проучува педагошки, психолошки, но и од филозофско-технолошки и економски аспект. Па така се говори

за креативни можности, потенцијали, надареност, однесување, креативен чин, креативна продукција и сл. Тоа говори дека креативноста во современото културно, цивилизациско, техничко, технолошко живеење, станува составен дел на човековото живеење, дејствување и однесување.

Во таа смисла заслужува внимание и мислењето на Гилфорд, кој за креативниот дух на личноста на индивидуата нагласува дека се манифестира креативното однесување кое опфаќа: откривањем скицирање, планирање, класифицирање и слично.

Во воспитно-образовната, едукативната дејнсот, креативноста се поистоветува со креативното знаење, мислење, настава, и во тој поглед повеќето педагози укажуваат на креативноста во воспитно-образовното дејствување, на креативноста на наставникот и ученикот, ученикот и слободните активности основа за изразување и едуцирање на креативноста и слично.

Изнесеното потврдува дека креативноста на воспситно-образовната дејност: наставната и воннаставната е комплексна и бара целосно анализирање, дефинирање и проучување, бидејќи учениците не може да се издвојуваат како посебни без учениците, наставните содржини, ученичките активности, наставните и воннаставните активности, туку во интегрално единство на заемно дејствување и едуцирање.

Од анализата на повеќето трудови од повеќе теоретичари, психолози, педагози и други интердисциплинарни дисциплини, а и од досегашниот третман, креативноста може да се дефинира како динамичен човечки феномен, како индивидуален феномен, како

комуникација со индивидуата, како постојана скепса, како храброст за одење во непознатото, како спремност за ризик, како способност за творење и создавање на нови оригинални и општествено корисни дејности, како можност за самопотврдување, како пат кон еманципација на личноста, како шанса за индивидуална среќа и благосостојба, а и како предизвик на хуманистичка трансформација на иднината.[11]

### *2.2 Природата на креативноста и активностите кај учениците (како да се стане креативен и активен)*

Креативноста како особина на индивидуата, и како феномен, во теоријата и практиката, се повеќе се актуелизира и полемизира и проужува и проблематизира, за нејзина едукација и практична примена.

Говорејќи за природата на креативноста, и воопшто за нејзината функција во сферата на воспитанието, образованието и наставата, неопходно е да го спомeнeме и сфаќањето на познатиот теоретичар д-р Радивоје Квашчев, кој извонредно ја согледува природата на креативноста во воспитанието и образованието, а и во наставата. Поконкретно тој го истакнува когнитивниот стил на личноста и на истражувачот. Притоа, тој укажува дека когнитивниот стил на личноста го чинат: манифестирање на тенденцијата да се појде во нов правец во образованието, наставата, учењето и решавањето на проблемот, а и обид за

[11]) Д–р Никола Петров, м–р Владимир Михајловски, Креативноста и воспитувањето, „Биангл„, Битола, 1995, стр.4–21;

ослободување од стереотипниот и шаблонизираниот начин во решавањето на задачите. Потоа, поставување на флексибилни хипотези, творечка примена на знаењата, трансформација на старото искуство, покреативна методологија на решавање на проблемите, интегративен начин на решавање на проблемите и промена на гледиштата при докажувањето.

Потоа, персоналистичкиот склоп на интелигенцијата и спознајниот стил на личноста, се забележителни. Тоа е предодреденост за љубопитност и чувствителност за проблеми, како и отвореност на духот за произведување на идеи.

Изнесените сознанија упатуваат на тоа, дека, природата на креативноста и творештвото како индивидуални особини на личноста во процесот на едуцирањето, учењето и поставувбањето и решавањето на проблемите бара посебен пристап, ослободување од стереотипноста на меморијата, механичкото учење, шематизмот, вкалапеноста и друго.

Тоа потврдува дека мозокот на индивидуата не е голем магацин во кој се наоѓаат кутии полни со информации. Шифрите ни служат да ја отвориме поединечно секоја кутија и да ја пронајдеме нивната содржина.

Копчињата ни помагаат да ја поврземе содржината на две или повеќе кутии заедно. Потсетувањето на една содржина од една кутија со друга го нарекуваме асоцијација.[12]

Љубопитноста е својствена за секоја индивидуа. Кај некои таа се изразува во поинаква мера, кај едни во умерена, а кај трети делимижно. Како резултат на тоа, произлегуваат и најразлични

---

[12]) Поопстојно види кај Ozimac, Sirća i dr. Dijete i kreativnost, Globus, Zagreb, 1989

прашања. Прашањата служат да се осмисли процесот на барања, а и создавање на идеи, за заемно поврзување на идеите во барањето на вистинска и поттикнувачка асоцијација, ни помагаат добро осмислените и поставените прашања, за што на истите треба да се обраќа внимание, а не да се запоставува. Тоа е што тие не става во улога на размислување, поттикнување и размислување.

Творечкото размислување се фундира на одредени асоцијации за отварање на процеси, да го поврземе вообичаеното со невообичаеното, инвентивното, творечко-креативното и слично, тоа, пак, укажува дека длабочината и познавањето на инвентивноста и творештвото не се достигнува само со давање на одговри, но и размислување по поставените прашања, кои можат да мобилизираат, активираат и да доведат до нови размислувања и нови идеи.

Посебно треба да се истакне дека учениците во наставата пројавуваат интерес и љубопитност за повеќе содржини, појави, процеси и проблеми, а тоа пак, не наведува на фактот дека истите трба да станат чувствителни спрема условите и околностите и влијанијата. Поконкретно, кај нив треба да се поттикнува истражувањето и да ги наведуваме да доаѓаат до идеи, како база и основа за развој на љубопитноста и инвентивноста. Оспособување да ја следат секоја идеја, развивање на толерантност кон новите идеи, создавање на креативна атмосфера на часот во активностите и слично. Потоа, надминување на застарените начини и постапки на учење и поттикнување на учениците креативно да учат по пат на водење и давање на инструкции и развивање на форми на самоучење.

## *2.3 Природата на креативноста и креативните индивидуи*

Природата на креативноста според повеќе сознанија е непосредно, неспоредливо автентична, индивидуална особина на личноста, која има неспоредлива улога и функција за снаоѓање и изразување во дадени ситуации. Тоа е од прижини што повеќе од способностите на индивидуата мора да се подредат на ризикот во откривање на новото и во соожувањето на големите животни искуства.

Во тој поглед и теоретичарот Пол Лангран во својот труд "*Човекот во развој*" напоменува дека механизмите со кои што сегашната цивилизација ја прифаќаат цената на сигурност поради пари и престиж, принудени се таа цена да ја одржуваат со полсушност, фундирана на хиерархија н асовеста, на победниците на нивната трка, и помирување со поразените, што во практиката е условена од конформираноста, за одржување на поредокот заснован на прилагодба на послушноста.

Изнесеното сознание на споменатиот теоретичар потврдува дека креативноста не бара потчинетост, туку слободоумност во творењето и снаоѓањето во неопходните ситуации.

Во таа смисла и воспитно-образовната дејност и учењето во наставата и воннаставните активности треба да се сфати како можност и потреба за креативно насочување, изразување, сознавање и учење.

Тоа е во согласност со конкретните услови и наставни и воннаставни специфичности. Тоа може да се поткрепи со фактот

на Торенс, кој нагласува дека креативното учење е правото учење-вистинско и какао такво тоа треба да дојде до израз кај учениците.

според повеќе сознанија креативното учење опфаќа повеќе компоненти: учениците треба да бидат чувствителни спрема надворешните стимулси; поттикнување, манипулирање и истражување со средства, објекти, идеи како основ за инвентивноста и љубопитноста; оспособување за систематско испитување на секоја идеја од учениците; развивање на толеранција кон новите идеи; развивање на креативна атмосфера во одделението во наставата на часот и вонаставните активности; надминување на застареноста во учењето и решавањето на задачи; поттикнување на учениците креативно да учат преку самоучење кај учениците.

Слични сфаќања по однос на природата на креативноста има и проф. д-р Радивој Квашчев, кој меѓу другото нагласува дека битни и суштествени компоненти на творечкото мислење се: флексибилност, односно еластичност што се манифестира преку разни одговори и стратегии во решавање на проблемот:

- творечката фантазија, пронаоѓање нешто ново во разни ситуации со помош на фантазијата;

- толерантност кон неопределеноста;

- толеранција кон искуствата кои не се во согласност со постојните вистини;

- отвореност и затвореност на искуството, личностите со "отворен ум" се способни да ги синтетизираат новите верувања во нов сознаен систем, а личностите со "затворен ум" се способни за образување на нови познавателни системи од разни видови;

- креативна генерализација, воопштување на информации со противно значење и развивање на нови хармонични целини;

- флуентност на идеите-произведување на повеќе идеи, зборови, одговори, наслови, реченици и слично;

- откривање и развивање на проблемот базиран на когнитивни процеси - откривање и развивање на нови програми, правила и принципи и подобрување на постојните програми;

- мотивациони и конативни способности на творечко мислење-насоченост кон нови необични и неочекувани и духовити решенија на проблемот и нивно отстапување од утврдените шаблони, стереотипи и навики.[13]

По природа креативното учење е учење на решавање на проблеми каде доаѓа до израз организацијата на проблемската настава. Паралелно доаѓа до израз и креативното мислење кое пред се е дивергентно мислње, мислење што е насочено во пронаоѓање на повеќе решенија и одговори, од конвергентното мислење, што е насочено во наоѓање на логички решенија и одговори.

По својата природа креативното учење е и логичко учење, и како специфични логички методи значајно влијаат и на воспитанието и унапредувањето на креативноста во воспитно-образовната, наставната и вонннаставната и слободните активности на учениците.

Покрај реченото треба да се подвлече дека креативното може да биде и критичко мислење со кое се оценува веројатноста, исправноста на претпоставките и врз таа основа се формулира

---

[13]) Проф. д–р Радивој Квашчев, Развитак креативног понашања личности, „Свијетлост„, Сарајево, 1983, стр. 39;

проблемов, и креативното мислење има две антагонистички тенденции: произведување на поголем број идеи и нивна логичка евалуација, вреднување.

Од изнесеното може да се каже дека креативноста покрај продуктивноста може да се изрази на експресивен начин, односно се работи за експресивна креативност која се одликува со изворност и оригиналсност. Продуктивната претставува развиена способност, надареност каде доаѓа до израз смисленото творење кај поединецот.

Покрај продуктивно-експресивната, во теоријата на психолошко-педагошките истражувања и валоризирања се говори и за инвентивна креативност која се однесува на откривање на нови начини на создавање што влијаат врз многу творци,, а и за емергентна креативност која е највисок ред и се однесува на откривање на нови принципи кои се од функционално значење.

Тоа потврдува дека креативноста, автентична и индивидуална, и интелигенцијата не се идентични, туку се работи за две димензии на човековото мислење, учење, творење, или како психолозите го нарекуваат интелигентно поведение.

Во прилог на реченото, постојат сознанија дека не постојат значајни разлики меѓу половите во однос на креативноста. Истражувањата говорат дека и машките и женските подеднакво се креативни. Покрај општите способности и интелигенцијата која е адекватно користење на креативноста, факторите на развојот на личноста се особено значајни за креацијата. Тоа се однесува на упорноста, мотивацијата и оддаденоста на учењето, работата и доследноста до сопствените напори и ставови.

Од посебно значење за креативноста се и поволните прилики во средината, од општествената евалуација и вреднување, од постигањата на генерацијата, на творците од поедините полиња на дејствување и слично.

## *2.4 Предуслови за изразување на креативноста кај учениците во процесот на едукацијата*

Од анализата на литературата и периодиката може да се согледа дека проблемот на креативноста и нејзиното изразување преку наставната дејност и ученичките активности во различни средини е третирана од развојниот требд на општеството, системот на образованието, образованост на кадарот, партнерскиот однос, како и од предусловите за слободно, мобилно и автентично изразување на потребите, желбите, склоностите и доживувањата.

Посебно во тој поглед своите видувања ги изнесува д-р Владимир Срича, [14] кој меѓу другото наведува: "Дајте ми информации, средства, компјутер и неоходни услови и слобода во креацијата, ќе конструирам нов свет". Ова упатува на сознанието дека за аизразување на креативноста, потребни се неколку предуслови кои можат да бидат основа за креативно изразување како општочовечки потенцијал што го мотивираат човекот да работи.

Во таа смисла ќе наведеме некои од нив:

- творечкото размислување претставува истовремено свесна и несвесна активност. Поконкретно, се темели на асоцијации кои

14) D-r Vladimir Srića, Upravljanje kreativnošću, Školska knjiga, Zagreb, 1992;

можат да ја потпомогнат способноста за поинвентивно, пооригинално поставување на проблемот со што се овозможува продлабочување на когницијата во дадена програмска ситуација;

- креативната имаагинација претставува согледување на нови релации кои пред тоа не постоеле;

- слободата на креативната мисла отстапува од вообичаеноста, односно од впуштање во необично и нестандардно однесување-во активен однос;

- стимулирање на поголем број на разлики во мислењето, што претставува и афирмација на аиндивидуите, на личностите;

- почитување на општо животно правило: "се е релативно", дека поедионецот на ништо не треба безрезервно да му верува;

- стимулирање на индивидуалното и тимското учење;

- тимското учење во наставата и активносстите;

- присуство на емотивната компонента во секој вид на творештво;

- поволните услови и прилики во соодветната средина на живеење и дејствување;

- постоење на надворешните фактори во средината на живеењето и дејствувањето, степенот на демократизацијата, слободата на изразување на мислата, стабилноста на регулативата на законска, правна држава и слично;

Во прилог на изнесеното во книгата под наслов "***Креативноста и воспитувањето***" од проф. д-р Никола Петров и м-р Владимир Михајловски,[15] се вели дека значаен предуслсов и услов за креативното изразување е степенот, структурата на

---

15) Д–р Никола Петров, м–р Владимир Михајловски, Креативноста и воспитувањето, „Биангл„, Битола, 1994, стр. 14;

воспитниот, односно наставниот кадар. Поконкретно речено, насочувањето, квалитетот и начинот на водењето на организацијата на воспитно-образовната, наставната, како и слободните ученички активности е зависен токму од тој кадар кој согласно квалификациите, педагошко-методската едуцираност и партнерскиот однос, ќе им овозможат на учениците како партнери да ги изразат своите креативно-творечки афинитети, способности, во конкретното дејствување и изразување на содржините и активностите.

Во таа смисла авторите наведуваат дека и мотивираноста, поттикнувањето и инвентивноста и толеранцијата се значајни чинители во отстранувањ на непотребностите, пречките, блокадите, тврдоста и слично, што условува и слободно, автентично изразување на замислите, концепциите, постапките, задачите и при тоа доаѓа до разрешување на задачите и задолженијата, успешно, зависно и творечко.

Покрај тоа, за изразување на ова потребно е и создавање на клима во семејството, училиштето, одделението, класот, со толеранција, сигурност, смиреност, чувство на емотивност, а тоа се добри предуслови за изразување, активирање, учење, вежбање кое создава основи за развивање, изразување и едуцирање на креативноста.

## *2.5. Некои учења за креативноста*

Креативноста како проблем и феномен одамна бил предмет на истражување и проучување за што постојат одредени сфаќања,

учења. Денес, исто така е предмет на проучување и истражување од повеќе интердисциплинарни области, а исто така и во иднина во футуролошки димензии и понатаму ќе биде предмет на истражување, од причини што поголем број од истражувањата се вршени одф различни аспекти и позиции како што се: психолошки, педагошки, социолошки и др. Повеќе од афаќањата во интегрална смисла не даваат објаснување за креативноста како феномен, процес. Во тој поглед ќе наведеме некои, како што се: психоаналитичките учења, асоцијативните, гешталтистичката и други теории и учења.

Психоаналитичарите велат дека креативниот процес е сублимација на инфантилните, сексуални или импулсивни процеси во општественото општење и однесување. Во тој поглед како претставници треба да се земат: Адлер, Фројд и други психолози.

Слично сфаќање по однос на психоанализата имаат и хрватскиот универзитетски професор д-р Руди Супек, кој вели дека творењето, уметничкото творење е блиско до неврозата и претставува прочистување, ослободување, односно катарза од емоционалните предизвици и комплекси.

Од тоа може да се рече дека психоанализата за креативноста вели дека е објективизација на потиснатите желби и конфликти и имагинарно задоволување на истите низ творештвото. Додека пак претставниците на асоцијативното учење за креативноста како што се Расел, Коган и др. велат дека даваат толкување на механизмите по кои се одвива креативното мислење. За нив креативното мислење е всушност формирање на комбинации од асоцијативни елементи. Тие извршуваат одредени барања, или пак

се употребливи. Поконкретно, доколку новите елементи се подалечни, дотолку и решението може да биде покреативно.

Некои од претставниците на асоцијативното учење сметаат дека механизмите засновани на асоцијацијата се одвиваат преку откривање со среќна случајност. Вториот механизам е сличноста, а третиот е со помошта на медијацијата на социјаативните елементи. Тоа значи две рани идеи ги поврзуваме и сфаќаме преку трета идеја.

Гешталтистичката теорија по однос на креативноста ја потенцира мисловната активност како можност за раѓање на креативноста. Поконкретно, претставниците на ова учење, велат дека креативното мислење е реорганизација на проблемот, откривање на нови врски и односи што ќе доведат до ново решение. Односно, реорганизираноста се однесува на согледување на соодносите меѓу деловите и целината. Претставниците на оваа теорија први ја примениле експерименталната ретроспЕкција при проучување на проблемското миСлење. Затоа и многу од подоцнежните теории за креативноста се засновани на гешталтистичките принципи.

Но и покрај изнесеното, некои современици сметаат дека како слабост и недостаток на ова учење е тоа што реорганизацијата на проблемот го сметаат како суштинско во творечкото мислење, при што се запоставува откривањето на новите содржини.

Кога говориме од гледиштето на насоченоста на мисловниот процес, треба да се каже дека разликуваме два вида на мислења: ***конвергентно и дивергентно мислење.***

Конвергентното мислење е насочено кон единственото решавање на проблемот, што значи постоење на едно решение. На конвергентното мислење се темелат дијагноиза на болести, тестови на знаења, интелигенција, квизот, крстозборите, разделувајќи го проблемот на делови, да го осознаеме, а потоа да ги апстрахираме дилемите за поедините сегменти.

Со разбирањето на деловите на проблемот, се обидуваме да градиме мозаик на разбирање на целината. Таквото мислење по секој проблем има едно и едно решение го вклучуваме во секојдневноста на учењето, наставата и на другите активности.

Додека пак, дивергентното мислење, споредено со конвергентното се одвива поинаку. Поконкретно, истите не се насочени врз едно решение. Тие се распарчени на повеќе можни и различни решенија. Дивергентниот пристап може да се спореди со празно сликарско платно на кое идеи носи уметникот со разни идеи без однапред даден план. Бројот на решенијата е бесконечен, а границите на поставувањето и решавањето го одредува времето и фантазијата.

Во прилог на реченото, познати се видувањата на американскиот психолог Гилфорд кој по однос на дивергентното мислење истакнува дека тоа е синоним на оние видови на интелектуални активности кои му припаѓаат на творештвото и креацијата. Пример е архитектот кој проектира куќа со разни решенија и наставникот во наставата кој предвидува разни начини на разработка, сфаќања и учења на наставните содржини.

Покрај дејноста меѓу конвергентното и дивергентното мислење има други поделби што можат да се сретнат во

психологијата и дидактиката. Една од нив поаѓа од разликување на вертикално и латерално мислење.

Вертикалното мислење се движи постапно од еден до друг чекор и може да се прикаже со дијаграм. Мислата се развива постепено, насочена е кон една цел и еднмо решение.

Со други зборови проблемот кој се решава се дели на делови, а потоа се решава чекор по чекор.

Ваквата поставеност на мисловниот процес е воочлива во разрабаотката на новите наставни содржини што се даваат проблемски и тие се делат по логички целини, за на акрајот да се соединат и да се дојде до решение и конкретна разработка.

А пак, латералното мислење и мисловната активност ги избира кривините. Тоа е полно со асоцијации кои извираат од сите страни, попречувајќи го главниот тек на мислите.

Идеите следат една по друга, наликувајќи на состојба на медитација во која постои нагласено чувство на слсобода и опуштеност. Забраната, наредбите, тврдоста, контролата, самоконтролата, или влијанието на разните конформистички механизми, го сузбиваат тој облик на креативно мислење. Оваа форма на мислење е спортивна на рационалната, го афирмира интуитивното сознание.

Медицисnките истражувања даваат т.н. теорија на лева и десна страна на мозокот. Левата страна на мозокот наоѓа примена во егзактно научната анализа и се базира на логиката и каузалнопричионско-последичните врски и односи. За разлика од неа, десната страна на мозокот им помага на писателите,

уметниците да ги согледаат дифузните проблеми за кои не постојат стандардни решенија.

Во изразувањето и примената на креативноста значајна улога има рамнотежата меѓу вертикалното и латералното мислење. Тоа значи и при вистинска креативност, латералното мислење му претходи на вертикалното мислење, а тоа е условено од ред објективни и субјективни услови и околности што треба да се имаат во предвид во процесот на наставата, наставните и слободните ученижки активности.

Од литературата, периодиката и истражувањата вршени на овој план во повеќе земји, посебно на креативно-творечкото мислење, констатирано е дека постојат повеќе техники на креативното мислење. Во тој поглед заслужува внмимание да се анализзираат нелкои од нив.

***Слободни асоцијации.*** Техниката на слободно асоцирање се фундира врз регенерација на идеите што доаѓаат од умот. Го пуштаме духот слободно да лута, да трага и да бара. Тоа значи може да се служиме со збор, скица, доживување, чувство или било што друго поврзано со проблемот и предметот за кој размислуваме, или за проблемот што не тишти и преокупира.

Притоа, важно е да се запишува содржината на оние "кутии на мозокот" за кои во почетокот споменавме, што не водат до слобода на асоцијацијата. Карактеристично е што повеќе од идеите што се јавуваат може да бидат дури и некорисни. Но, постои и реална можност некои од нив да бидат и оние правите, вистински идеи.

***Анализа со помош на метафори.*** Оваа техника на анализа со метафори не упатува до сознавањето ако пролистаме одредена книга со афоризми, може да се најдат безброј идеи. Убавата метафора е необичен начин на поврзување на две идеи, на две работи што често не одат заедно како начин на пронаоѓање на потребни идеи што го креираат мислењето.

Анализата со метафора отвора многу можности. Тоа е за креативноста и такво мислење и изразување. Метафората е добар начин за креирање, "невозможни" и "нелогични врски" помеѓу идеите, да се смислат што понеобични и поинвентивни предлози и решенија. Тоа претставува добра основа за креативно изразување.

***Анализа со помош на листа на активности.*** Анализата од овој вид на активности, во практиката на дејствување и во едукацијата се изразува. Поконкретно, анализата создава согледби на битните димензии на некој процес и притоа доаѓаме до идеи за негово подобрување, разрешување. Изнесеното упатува дека треба да се користат разни формални листи што ќе го поттикнува асоцирачкиот процес. Такви листи можат да бидат енциклопедии од различен вид, тлефонски именици, речници, монографии и друго, зависно од целта за која сакаме да ги употребиме. Единствена цел за користење на листите не треба да биде непосредно решавање на проблемот што не мачи, туку важно е да се најде поттик што ќе не насочи кон регенерирање на идеи и поставување на прашања од видот за кој се сака да се реши прашањето.

***Листи на прашања.*** Тие како техника се корисни, и за креативноста и мислењето и изразувањето се доста значајни. Во

прилог на тоа е и народната мудрост "Тој што не прашува нема ´ништо´ да сознае". Според тоа, прашањата се еден од двигателите на иновациското мислење.

Поаѓајќи од изнесеното, теоретичарот Роберт Шанк развил специфичен облик на примена на листа на прашања. Така тој составил повеќе прашања што луѓето ги поставуваат за работите и активностите, најчесто. Ваквата листа на прашања треба да се користи системно во секоја проблемска ситуација во која бараме некој креативен пристап за решавање на проблемот. Понекогаш прашањата можат да ни се чинат бесмислени, или пак неважни. Но, може да не наведат на поттик и иновативно творештво.

***Прашања за предметот***

1. Од каде може да се добие X?
2. Дали X тешко се наоѓа?
3. Што може да се прави со X?
4. Зошто некој сака да има X?
5. Како некој успева да набави?
6. Имате ли навика на X-ање?
7. Како поседувањето на X се сложува со други навики?
8. Што може да се стави во X?
9. Што се оди со X?
10. Што направивте со својот стар X?
11. Тоа што имате X, говори ли нешто за Вас?
12. Дали е проблем да се нема X?
13. Дали е тешко да се задржи своето?

***Прашања за активности***

1. Што обично се случува по X?
2. Што ве наведе на X-ање?
3. Што е потребно за X-ање?
4. Како се случи прв пат да X-ате?
5. Како можете да X-ате без....?
6. Со кого сé можете да X-ате?

7. Зошто се случува Х-ањето?
8. Кои уште активности имаат исти последици како Х-ањето?
9. Ви се допаѓа ли Х-ањето?
10. и слично

(Види кај V. Sriča, Upravljanje kretivnošću, Školska knjiga, Zagreb, 1992)

***Смешни прашања.*** Измислувањето на смешни прашања означува инвентивен однос кон животно-работните ситуации. Познатите и нормални работи со хумор се доведуваат до необични односи, а со тоа се предизвикуваат инвентивности.

Понекогаш може да постанеме покреативни со тоа што поставуваме смешни и шеговити прашња. На поставените прашања се добиваат и шеговити одговори, без смисла, а тоа може да не наведе на инвентивни и корисни идеи.

Практиката покажува дека примената на смешните прашања на проблемот може да вроди плод со форма на пријатно изненадување и низа интересни акции. Во таа смисла ќе споменеме некои:

1. Што би се случило кога Х би можел да лета?
2. Има ли мојата омилена песна некаква врска со Х-от?
3. Што за Х-от мисли мојата мајка, мојот најдобар пријател?
4. Може ли Х да се направи поубав, а може ли посмешен?
5. Што значи Х-от за мојата институција?
6. Што значи Х-от за мојата генерација?
7. Може ли Х-от да се пеправи во нешто друго?

Од изнесените теоретски согледувања и сознанија може да се рече дека креативноста и развитокот на истата, изразувањето и воопшто тој процес на едуцирање на творечкото и креативното мислење, претставува сложена интелектуална активност, која се карактеризира со индивидуална оригиналност, сообразена согласно

конкретните услови на дејствување во средината на живеење. Поконкретно креативното мислење се карактеризира со способноста на појдовните елементи, услови и околности во основното образование, во училиштето, одделението-класот, наставните предмети и содржини, односно ученичките активности и при тоа, да се насочи, да се согледа нов пристап на сознавање, сфаќање и толкување на податоците, промената на знаењата и смислата и согледување на нови функции на постојните елементи за решавање на наставните содржини, задачи и слично.

Во таа смисла може да се каже дека има три типа на творечко размислување: објаснување, предвидување и инвенција.

Објаснувањето е потребно бидејќи дава можност да се види што се случило, или предвидување на некое доживување. Предвидувањето пак прогнозира можни последици, а инвенцијата пак создавање на нови идеи за нови можности и решенија.

Во таа смисла и повеќе теоретичари укажуваат на повеќе компоненти на творежкото мислење: оригиналност, имагинарност, флуентност, флексибилност, критичност и логичното милсење. Наведените компоненти во праксата на воспитно-образовната и *наставна дејност*, *како и воннаставната дејсност*, доаѓа до израз преку ученичките активности . Примената на истите е зависна од третманот и поставеноста на индивидуата на личноста, од партнерскиот однос, од слободата на мислата, идеите, итн.

Современите истражувања за креативноста и процесот на креативното творештво доведе до бројни сфаќања, заеднички белег на современите сфаќања за нејзиниот третман, како природно и општочовечко и универзално својство и феномен.

Тоа заслужува и натаму да се проучува и третира. Вака сфатена теза за креативноста упатува на оптимистичко уверување дека секој поединец има креативен потенцијал што му е даден со наследството. Но, во колкав степен и како тој ќе се оствари зависи од конкретните услови, од мобилноста и активноста и од процесот на едукацијата.

Во таа смисла треба да се каже дека, денешното современо училиште, посебно основното како базично образование, треба да се насочи, иновира и трансформира кон развивање и воспитување на слободата на мислата и творештвото, за што и одреден број на научници од едукацијата укажуваат на разновидните форми на наставна работа од педагошко-дидактички и психолошки аспект.

Од досегашните согледувања, анализи и делумни истражувања во областа на педагогијата и психологијата, сметам дека може да има значајна улога во анимирањето на стручно-практичните и научни работници за мобилен, активен и творечки однос.

Тоа пак ќе отвори процес за примена на повеќе форми на осовременување на наставата и наставните форми и ученичките активности. Во тој поглед, во педагошката теорија и практика ја истакнуваме улогата и функцијата на креативноста во наставата, на проблемската настава, на истражувачката настава, самостојната работа на учениците, вежбовните активности во учењето и мислењето на децата и учениците.

## 3. НАДАРЕНОСТ И КРЕАТИВНОСТ

Најнапред ќе се обидеме да дадеме некои семантичко-семиолошки и концепциски определби на поимската детерминација на надареноста, а потоа ќе се осврнеме на истите прашања што се однесуваат на креативноста кај децата и учениците.

Секако дека надареноста и креативноста се сфаќаат во едно дијалектичко единство и во меѓусебна поврзаност, едната компонента е во заедница со другата и чинат една единствена дијалектичка целина. Не е можно одвојување на едната целина од другата, туку во еден дијалектички и аналитичко-синтетички контекст треба да се сфаќаат и разгледуваат. Тоа го правиме од причини што не може да се сфати и замисли креативноста без надареноста а и обратно. И двете компоненти се огледаат во перманентната и непрекината активност на систематско работење, вежбање и навикнување на една системност и постапност во понирањето и задлабочувањето на есенцијалните, битните и фундаменталните активности на една дејност.

Најнапред збор-два за надареноста. На почетокот на оваа синтагма, на овој есенцијален и фундаментален поимски детерминант, сакаме да укажеме на потребата дека надареноста како психо-педагошка есенцијалност и интегрален и неоделив дел на психологијата на личноста претставува значајна карактеристика во психологијата на личноста и учењето. Во тој контекст слободно може да се каже дека надарените ученици и деца имаат позабележителни успеси и поуспешно ги решаваат од другите деца

проблемските ситуации во наставата и учењето, а и во секојдневната дејност, работа и комуникации.

Но, се поставува прашање, дали надареноста како особина на личноста на психологијата на детето, ученикот и младинецот е вродена или пак стекната особина. Ние би рекле дека и едната и другата компонента се взаемно условени. Односно, тоа пак од друга страна ќе рече дека диспозициски надареноста може да биде наследена особина од родителите на детето-ученикот, или пак од нивните родители, или пак од нивните претци. Меѓутоа, не постои строго селективна надареност како нативизам и наследство, се разбира ако подоцна низ детскиот живот и нис развојната психологија на детето-ученикот и младинецот не се вечбаат одредени когнитивни, конативни или пак психомоторни особини кај личноста. Напротив, надареноста треба да претставува една иманентна функција на човековото постоење и егзистирање.

Надареноста во тој контекст претставува една интродукција во креативноста. Тоа пак од друга страна ќе рече дека надареното дете или ученик ќе има поголеми креативно-иновативни и творечко-создавачки елементи на конструктор, на нови визии и проекти, на нови идеи и модуларна проекција, што пак од друга страна говори за есенцијалноста и фундаменталноста на проблематикава која е предмет  на нашиве опсервации и креативно-творежки и имагинарно-мисловни презентации на есенцијата - на онаа што е суштина на нашите очекувања во смисла на објективна дидактичка макро и микро педагошка артикулација во непосредната воспитно-образовна практика на есенцијалните

сегменти на овој сегашен и иден феномен на детската (учениковата) иманенција и егзистенција.

Надареноста во тој контекст всушност и претставува општа способност или пак специфична способност на надворешно манифестирање на оноа што е битно, суштинско, носечко и творечко-креативно во смисла на создавање на нови идеи, размислувања, имагинации и творештво.

Оттука се и нашите заложби надареноста уште од најраната детска возраст да се воспитува, да се поттикнува и насочува за она што води кон прогрес и имагинарно-мисловно, творечко и креативно однесување во сите животни и работни ситуации во сите средини на човековото опкружување.

Во тој контекст ќе потсетиме на некои семантички размислувања во поглед на овие круцијални прашања. Така на пример, во германското јазично подрачје се сретнува синтагмата wunder kind (детско чудо). Што значи тоа? Едноставно, детето размислува како во својот развоен зародиш конкретно, врз поедини предмети, појави, претстави, секако дека кај него се развива и имагинарното (фантастичното) во неговите размисли. Детето конструира во свеста нешто чудно, нешто фантастично, се зенесува во различни ситуации низ различни професии. Тоа е возач, авијатичар, уметник, поет, ликовен творец, машиновозач, учител, воспитувач, инженер кој конструира разни предмети и објекти. Значи, се развива фантазијата кај децата. Со тоа секако дека уште од најраните детски години кај детето се развива и воспитува психологијата на професионалните желби, интереси, потреби, влијанија, углед на афирмирани професии и инспирација

од оние професии што го "занесуваат" детското чувство. Значи професионалната ориентација, професионалните потреби, желби и интереси се јавуваат кај децата од најмладите детски години.

Детето е мудрец. Измислува разни инагинарни ситуации. Тоа значи професионално за идната своја професија и занимање почнува да размислува уште во детската градинка, а потоа и низ основното училиште, низ разновидните воспитно-образовни подрачја и програмски содржини, пак и одредени теми кои ко насочуваат детето кон поодделни професии. На пример, на часовите по математика, детето црта нешто, конструира, или пак пишува песнички за животот, љубовта кон родителите, другарчињата, пријателите и слично. Наставникот треба перманентно и будно да ги следи сите дечиња, да види која е нивната животна преокупација и така низ неговото персонално ученичко досие да го бележи и насочува детскиот интерес, потреби и внимание кон што детето покажува интерес и како да се насочува.

По однос на дидактичките опсервации, а и психолошката насоченост и педагошките импликации на надареноста како педагошко-психолошки проблем свои искажувања имаат многубројни педагози и психолози, од кои ние би потсетиле само на некои од нив, како што се: Гарднер, Блум, Иван Корен, Реј, Јарошевски, Пијаже, Елконин, Ериксон, Гордон, Осборн и др. Се разбира секој од нив на свој начин, од различни аспекти ја третираат и интерпретираат надареноста како психо-педагошки проблем, при што доминантно место му даваат на активноста на детето и ученикот во развивање на неговата надареност и воспитување во тој дух, а што е предуслсов и за креативните

развојни можности на детската и младешката индивидуа. Тоа значи да се почитува психологијата на детето-ученикот, неговата развојна психологија, и аналогно на тоа да се наградува и почитува воспитувањето на истите особини кај личноста.

Кај надареноста постојат неколку иманентни развојни фази, како што се: препаративната (подготвителната) фаза, фазата на инкубацијата, фаза на мисловно преработување на стекнатите знаења и сознанија; потоа следува фазата на илуминација, односно по опстојната анализа на проблемот, донесување и конкретни решенија за излезни ситуации вон кои се наоѓа индивидуата на детската личност, и на крајот следува фазата на верификација, проверување и апликација на стекнатите знаења, сознанија, умеење и навики за непосредна практична примена на одредени сознанија во непосредната воспситно-образовна практика.

Креативноста, покрај надареноста и мошне значајно прашање. Човек-дете треба да е надарено за да може да креира и обратно. Креативноста е резултат на ангажираноста на личноста на детето и индивидуата и барање на одредени модуларни решенија и излез од "лавиринтот".

Што подразбира креативноста? Како да се сфати креативноста? Прашање мошне сложено, актуелно и суштествено. Секако дека како што говори и самата синтагма, креативноста подразбира нешто менливо, разговетно-развојно и мисловно-критичко согледување на нештата, на одредени појави, предмети и настани. Тоа пак од друга страна преведено од педагошката психологија на "чист" педагошки јазик, во педагошката теорија и практика укажува на перманентната мобилност и на

перманентното образование, на перманентното учење, на доживотното учење и работа. Значи креативноста треба да се "спечалува", да се "заработува", а не да се чекаат "готови решенија".

Оттука е мошне голема грижата и одговорноста на воспитувачите и наставниците, децата перманетно да ги насочуваат на индивидуално изнаоѓање на решенија кога тие се ставаат пред одредени проблемски ситуации. Значи, да не очекуваат децата и учениците готови, шематизирани, вкалапени решенија, туку тие самите да се поставуваат во улога и функција на перманентни "трагачи" на вистината. Според тоа, креативноста перманентно го "буди" и воспитува детскиот-ученички ум. Тоа постојано размислува. Си ги поставува прашањата: како, зошто, од каде и слично. Односно, детето го "дисциплинира" своето мисловно, творечко и креативно битие, и постојано се прашува и бара соодветни одговори и решенија на "стари", или пак на "нови" прашања. Во тој контекст индивидуата дали се наоѓа во раното детство, во детството и младоста, или пак во зрелото доба, перманентно е мобилна, флексибилна, функционално и интенционално насочена кон "истражувач" на стварноста и активноста. Со тоа тој согледува колку е макотрпен и сложен тој интелектуален развоен пат, што бара размисли, а не готови механички решенија. Затоа и интелектуалната дејнсот е потешка од физичката работа што бара едноставни решенија.

Во тој контекст би потсетиле дека креативноста е во тесна и меѓусебна поврзаност со надареноста. таа не се наследува како готова еднаш дадена и така да се остави на натамошно развивање.

Нема натамошно развивање без вежбање. Впрочем, и навиките се систематизирани активности кои најнапред бараат на децата и учениците да им се дадат знаења, потоа тие да се поставуваат на повисоко рамниште на умеење, а потоа настануваат навиките како автоматизирани дејствија и увежбаност. Кај креативноста ситуацијата е нешто подруга, повидоизменета. Таа е нешто поконструктивна. Детето се наоѓа во улога на "истражувач", "инженер", "конструктор". Од него се бара постојана будност и активност. Секогаш тоа треба да биде мобилно поставено во различни интелектуални, мисловни, творечки ситуации на конструктивност на мислите и идеите во главата, а и нивно апликативно, практично експонирање и применување.

Креативната личност е секогаш "немирна" личност. Таа никогаш не чека готови решенија. Има перманентен "интелектуален немир". Можеби за тоа има и право. Зошто? На прагот на 21-от век во услови на информатичката ера, во времето на третиот технолошки бран, перманентното образование и учење се наоѓаат во непрекинат развоен тренд. Ученикот, детето, младиот и возрасниот човек секогаш треба да работи, да учи и да живее во мобилни, креативни и творечки ситуации. Времето на кое наидуваме бара будност, отвореност, свртеност кон животот, прашањата и проблемите на секојдневното живеење и работење, а не да се седи со "скрстени раце". Тоа е животот, дејност и работа во стилот на перманентното образование, на перманентното и доживотно учење, односно човекот ужи додека е жив. Затоа тој работи, ужи и живее за денес, но и за утрешнината. Тоа е стил на успешен "влез" на прагот на 21-от век, како футуролошки

димензии и опсервации, свртеност кон иднината низ сегашноста. Тоа е филозофијата на животот.

## *4. СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ И УЧЕНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ*

Слободното време е предмет на научно-стручна експлорација и експликација на посебната педагошка дисциплина - педагогијата на слободното време.

Проблематиката е подеднакво значајна за проучување, како од професионално-педагошки, така и од општествен карактер. Ова прашање има, би рекле свои теориски, но и емпириски карактер на истражување на непосредната воспитно-образовна стварност и активност, во училиштето и надвор од него.

Слободното време како теорија и практика е подеднакво значајно прашање за проучување како кај децата, така и кај младите и возрасните. Тоа е мошне значајно прашање за проучување и истражување во повеќе научни дисциплини. Според тоа ова прашање има интердисциплинарен, а би рекле и мултидисциплинарен карактер. Но, на ова место нас не интересираат педагошките, андрагошките димензии, односно слободното време кај децата и учениците.

За неговото правилно проучување, секако потребни се и емпириски истражувања. Тие истражувања во минатото не беа предмет на емпириски истражувања, туку повеќе преовладуваа, се разбира во методолошка смисла, дедуктивните истражувања.

Додека, пак, во поново време, педагошката теорија е поткрепена со емпириски истражувања, со цел да се согледаат и практичните димензии на слободното време и неговата реализација во училиштето и надвор од него.

Во тој контекст низ емпириските истражувања, на преден план доаѓа индуктивната метода.

Во теоретските опсервации за оваа суптилна проблематика накусо ќе потсетиме на некои размисли за есенцијата на оваа есенцијална и фундаментална проблематика за педагогијата на слободното време.

Имено, на Салзбуршките разговори одржани во 1965 година опстојно се расправаше за слободното време и тоа се смета како време за учење и работа; како време за психофизичка рекреација и домор; како време на одење од местото на живеење до местото на работа; време за професионална и општествена дејнсот; како време за живот во семејството и домаќинството и слично.

За слободното време интересни искажувања имаат и францускиот филозоф Жан Пол Сартр, потоа американскиот филозоф и социолог Маркузе, кој слободното време го смета како време надвор од учењето, работата и одржување на животот. Маркузе слободното време го смета како организирана работа и учење и како ослободување од општествените обврски.[16] Според Карл Маркс, пак, слободното време и слободата ја смета како спознатa нужност.[17] Богдан Шешиќ смета дека хуманизацијата на работата, претставува и карактеристика на општественото живеење и комуницирање.[18] А Александар Тодоровиќ вели дека слободното време го овозможува творештвото и создавање на услови за тоа.[19]

---

[16]) H. Markuze, Analiza zapadne industriske civilizacije, Zagreb, 1979, str.195;
[17]) Карл Маркс, Критика на Готската програма, „Култура„, Скопје, 1962, стр.92;
[18]) Богдан Шешиќ, Савремени човек и свет, Београд, 1969;
[19]) Александар Тодоровиќ, Ослобаѓање рада, „Култура„, Београд, 1969, стр.227;

Овие размисли укажуваат дека слободното време треба да се сфати како време за изразување на човековите потенции, можности, креација и творештво.

Жорж Фридман, познат француски социолог, исто така вели дека слободното време е насочено кон решавање на егзистенцијалните прашања на човекот. Односно, тој слободното време го сфаќа како хуманизација на современиот живот на човекот во општеството.[20]

Каплан за слободното време вели дека претставува антитеза на работата како економска функција; како психичко доживување; како вредносна и културна ориентација; како активност поврзана со играта.[21]

Францускиот социолог Димаздие вели дека слободното време е збир на активности за кои личноста се определува според своите желби и можности во време на одморот и забавата, кога доброволно личноста се ангажира.[22] Всушност Димаздие е и еден од значајните претставници на Социологијата на слободното време. Според Димаздие, слободното време претставува збир на активности за кои се определува личноста според своите афинитети, можности, склоности и способности.

По однос на фунцкиите што ги има слободното време постојат исто така одредени размислувања.

Шмит смета дека слободното време главно има три позабележителни функции: одморот, разонодата и забавата и развивање на личноста. Првата функција има за цел и задача да се

---

20) Žorž Fridman, Razmrvljeni rad, Zagreb, 1956, str. 136;
21) Kaplan, Izazov slobodnog vremena, Sarajevo, 1964, str. 234;
22) J. Dimazdie, U susret civilizacije slobodnog vremena, Zagreb, 1973, str. 76;

отстранува заморот, за што се разбира мошне поволно влијаат разонодата и забавата. Третата функција е исто така мошне значајна за севкупниот развиток на детската личност, а и по тоа.[23]

Бареш во своето дело "***Социјалнаша условеносш на образованиешо во слободношо време***" [24] говори за две значајни функции на слободното време: имено, тој говори за "отсуството заради учење" и исто така ја истакнува мас-медиумската комуникација во процесите на учење. Р. Кенет, пак, говори за три функции на слободното време и тоа: забавата и разонодата; самореализацијата, самоидентификацијата и самопотврдувањето и самоунапредувањето.[25] Шелски, пак, смета дека слободното времеима мошне големо место, улога и значење во креацијата и творечкото изразување на личноста.[26]

Секако дека довчерашната педагошка Ју-теорија, доста забележително место по ова прашање има размислувањето на Владимир Јанковиќ. Во тој контекст ни се чини дека неговата студија под наслов "***Слободношо време во современаша йедагошка шеорија и йракса***", претставува мошне значајна студија по оваа комплексна, актуелна и суптилна проблематика. Според В. Јанковиќ, слободното време е она време кое на личноста и овозможува учење надвор од училишните обврски, од секојдневните професионални задачи, време искористено за одмор,

---

23) Наведено според J. Dimazdie, U susret civilizacije slobodnog vremena, Zagreb, 1973, str. 98;

24) Г. Бареш, Социјална условеност образовања слободног времена, Београд, 1979, стр. 195;

25) Slobodno vrijeme i svestrani razvitak ličnosti, Zagreb, 1972, str. 56;

26) H. Šelski, Skeptička generacija, Zagreb, 1965, str. 164;

рекреација, развивање на личноста и исполнување на истото со позитивна содржина.[27]

За слободното време исто така мошне забележителна е и книгата од советувањето одржано во 1969 година во Башко поле и Дубровник, што претставува Зборник на трудови од овој значаен научен собир. Секако во тој Зборник поместени се значајни научни искажувања на познати теоретичари и практичари, познати на педагошката теорија и практика, кои низ своите научни реферати ги презентираат научните, општествените, практичните и емпириските сознанија и истражувањата на овој план вршени во тоа време на просторите на поранешна Југославија.[28]

И Никола Филиповиќ има интересни размислувања за слободното време.[29] Тој слободното време го разгледува во функција на обавување на низа позитивни и корисни активности во смисла на рационализација и економизација во користење на истото со позитивни дејности и активности, што има големо воспитно-образовно значење во психофизичкиот развиток на можностите, склоностите и способностите на личноста кон она што е позитивно и прогресивно.

На крајот, но не и како последно размислување, ги бележиме и размислувањата на нашиот голем теоретичар во сферата на воспитанието и образованието на возрасните, проф. д-р Боривој Самоловчев, кој слободното време го разгледува од аспектот на едукативната репродукција на човекот; од аспектот на

---

27) Поопстојно за ова види: V. Janković, Slobodno vrijeme u suvremenoj pedagoškoj teoriji i praksi, PKZ, Zagreb, 1967;
28) За ова види: Колоквиј слободно вријеме?, Башко поље, 1969;
29) За ова види кај D-r Nikola Filipović, Vannastavne aktivnosti, Zavod za izdavanje udžbenika, Sarajevo, 1963;

реализацијата на функцијата на дезалиенацијата; од аспектот на реализација на функцијата на самоидентификацијатsa и самопотврдувањето на личноста; и од аспектот на реализација на функцијата на рекреацијата. [30]

Акцептирајќи ги сите напред презентирани размисли, може да се каже дека слободното време има круцијално место во педагошката/андрагошка теорија и практика, кај бројни теоретичари и практичари.

### *4.1 Креативноста, слободното време и учениците*

Од досегашната разработка, повеќе беше изнесено за креативноста како процес и појава, како средство и особина на личноста на индивидуата која по својата функција се јавува индивидуално.

Имајќи предвид дека креативноста и творештвото се нераздвоен дел од мисловната и имагинарната ситуација во која се наоѓа ученикот, и дека, преку ученичките активности поавтентично доаѓа до израз, кои исто така се составен дел на воспитно-образовниот процес, организирани според наоѓање на секој ученик, зависно од интересите, склоностите, можносстите, афинитетите, способностите, што сметаме дека во дадениот момент истите се дадени како можност во нормативата и регулативата како декларативни, а во практиката во некои средини, истите се и формализирани и недоволно се сексплонираат.

Имајќи предвид дека дел од ученичките активности се изведуваат во слободното време со учениците потребно е да се

---

[30]) Поопстојно за ова види: проф. д-р Боривој Самоловчев, Теоријске основе војног васпитања и образовања, ВИЗ, Београд, 1976, стр. 97;

задржиме на слободното време, односно педагогијата на тоа време, бидејќи тоа и слободните активности се предмет на проучување на Педагогијата на слободното време. Поконкретно, оваа педагошка дисциплина во досегашната дејнсот утврдила повеќе теоретски сознанија и законитости, како што е теориското проучување и практичните истражувања на педагошките можности на слободното време, факторите кои имат влијание на користењето на слободното време, функциите на слободното време, планирањето, организирањето и структурата на слободното време, како и улогата на активностите на учениците, методи и начини на користење на слободното време, оспособување на кадри за работа со учениците во слободното време и слободните активности и слично.

Покрај наведеното, кога станува збор за активностите на учениците и слободното време, треба да се споменат некои основни карактеристики кои треба да се почитуваат при изборот на активностите, како што се: слободата, индивидуалниоста, самоактивноста, разновидноста, смисленоста, почитувањето на разликите меѓу половите и возраста на учениците.

Од делумните искажувања за креативноста, ученичките активности и слободното време, може да се согледа дека повеќето од теоретичарите и практичарите се истомисленици, дека слободното време и ученичките активности даваат вонредни можности за воспитување на креативноста низ ученичките активности. Поконкретно, можностите се остваруваат низ разни активности кои функционално се различни, активности за одмор и разонода, за здравствено-физички развиток, културно-уметнички

активности, работно-технички активности, математичко-информатички активности итн.

Во смисла на напред изнесеното, треба да се истакне дека слободното време и слободните ученички активности не треба да се сфатат како надополнување на наставата и училиштето, туку поширoко, пофлексибилно, бидејќи училиштето како воспитно-образовна и педагошка институција има своја смисла на организирање, постоење и активирање на младите, учениците, наставата како специфичен процес низ кој се реализираат целите и задачите на воспитанието и образованието преку наставниот план и програма, наставните содржини, како и разновидни форми, начини, постапки и активности на дејствување, што секако е значајна страна и компонента на едукациското дејствување.

Меѓутоа, слободното време, ученичките активности кои можат да бидат вонаставни и вонучилишни имаат друга смисла на активирање, организирање и ангажирање на учениците и младите, слободното време да го исполнат со позитивни содржини кои ги избираат според афинитетот, интересите, склоностите, потребите и професионалното ориентирање и насочување.

Наставата низ слободните ученички активности овозможува истата да се прошири, продлабочи и да ги активира, мобилизира и творечки ангажира учениците, критички, креативно, мисловно имагинарно да создаваат, да ја осознаваат стварноста и да пројавуваат разновидни и творечки активности. Поконкретно речено, низ наставните содржини учениците се стекнуваат со одредени претстави, поими, знаења и искуства од повеќето

наставни предмети и научни области што служи како основа за нивно натамошно когнитивно осознавање и надградување.

Меѓутоа, треба да се рече дека кај некои ученици кои посебно пројавуваат интерес и склоности за одредени наставни предмети, теми и содржини, наставата покрај тоа што им овозможува да сознаат и творечки да се продлабочат, ги насочува за самоопределување преку разновидни изборни активности, како што се јазични, литературни, математички, технички, техничко-спортски и физичко-здравствени и рекреативни, да се определат и таму во содејство со другите соучесници и наставници кои се задолжени да планираат, програмираат, организираат, реализираат, валоризираат и антиципираат се што е од непосредна помош за активно и творечко дејствување и однесување.

Во поголем број основни училишта кај учениците од одделенската и предметната настава, може да се констатира дека, во праксата на организираноста постојат разни ученички активности, како во состав на училиштето и во одделението и класовите, и поголем број на оние кои се определуваат за оваа или онаа секција, односно активност во зависност од афинитетот и творечката способност кон предметот.

Одреден број на ученици во активностите учествуваат со радост, задоволство, нестрпливо очекувајќи ги програмските активности. Несомнено дека учениците преку овие активности ја манифестираат креативноста и творечкиот потенцијал и на еден или друг начин да ја потврдат способноста, афинитетот, определеноста за поедини активности за нивно успешно иавршување на задачите.

Вака поставеноста на задачите, училиштето, наставата, вонучилишните и воннаставните активности овозможуваат успешно да ја реализираат својата функција како воспитно-образовни институции, а тоа претставува чекор напред во афирмирањето на училиштето како општествено-педагошка институција, во воспитување и едуцирање на културата во користењето на слободното време од учениците, а тоа пак, укажува дека, училиштето покрај образовната, треба да ја преферира воспитната улога и функција, што значи дека истото кај младите треба да воспитува општа култура за активно, творечко и мобилно-креативно однесување не само во училиштето, туку и во потесната и пошироката општествена заедница, со активна партиципација на неговата мобилност и творечки потенцијали.

Тоа нешто извонредно можеме да го поткрепиме со сознанието на проф. д-р Богдан Суходолски кој нагласува: "Училиштето не е педагошки луксуз како што се смета од аспект на традиционалните форми на подготовка за живот, туку во вистинска смисла на зборот е и основно прашање на современото воспитание на индивидуите, прашање од кое зависи нејзиното помирување со животот, како и интензитетот на нејзиното дејствување, прашање од кое истовремено зависат општествените вредности на индивидуата во услови во кои културата и стопанството толку зависат од потребите и интересите на младите".[31]

Овие укажувања од познатиот полски педагог и академик Богдан Суходолски за слободното време и слободните ученикови

---

31) Д-р Богдан Суходолски, Три педагогије, „Дуга„, Београд, 1974, стр. 200

активности се од пресудно значење за учениците, бидејќи тие по афинитет можат да се определат за разни активности, преку кои ќе изразат, афирмираат и потврдат одредени индивидуални склоности, афинитети и спсособности, а преку тоа ќе создадат почва, клима на восприемање и творечко и мисловно активирање и ангажирање на учениците, што со својот ангажман ќе дадат поттик за активно однесување во средината во која живеат и работат, а и за менување на традиционализмот во наставата и училиштето, односно тие да бидат секогаш будни и активно-творечки мобилни да реагираат во средината и да отстапат од грубиот шематизам, традиционализам и вкалапеност, туку да бидат фкелсибилни и креативни во средината на живеењето и дејствувањето во секоја средина каде што тие секојдневно живеат, учат и творат.

Покрај училиштето, семејството и другите ученички и детски организации во кои тие членуваат, треба да дејствуваат и да создадат поволни услови и околности кои ќе им овозможат насочување, ангажирање и исполнување на слободни содржини, а сот оа ќе се одбегне ризикот на девијантно поведение и асоцијативните појави кои во сегашни прилики попримаат одредени димензии.

Таквите активности однапред училиштето ги програмира, во состав на класот, одделението, наставните предмењти, теми и дисциплини, се со цел ученикот целосно да се оддаде на позитивните воспитни активности и содржини што ќе ја прават личноста на детето и ученикот активно и творечки мобилна и

перманентно ангажирана личност, што е и барање на времето во кое живееме и работиме.

## *4.2 Креативноста и слободните ученички активности*

Креативноста и слсободното време на учениците најизразито и највпечатливо се манифестира преку слободните ученички активности. Тие се јавуваат како резултат на тоа што доаѓа до израз слободата, интересот, афинитетот, склоноста, љубопитноста итн. како и желбата за самоизразување, самопотврдување и афирмација на детската, односно учениковата личност.

Тоа потврдува дека суштината на воспитно-образовното дејствување се состои од две основни компоненти кои се во заемна и тесна поврзаност. Поконкретно, пренесувањето на културно-историските текови, достирели во сферата на науката се стекнуваат и здобиваат преку воспитно-образовното дејствување и од друга страна воспитно-образовниот процес се третира и како психолошко-педагошко насочување и формирање на знаења кои имаат свој одраз и влијание врз креативноста. Процесот на едукацијата се манифестира и изразува преку повеќе наставни и воннаставни активности, во рамките на одделението, училиштето и надвор од училиштето преку членување во разни воспитно-образовни, културни, забавни, технички и рекреативни институции, асоцијации, друштва, дружини, клубови, секции и слично.

Преку нив доаѓа до израз самостојноста, самоактивноста, креативноста и творештвото. Изнесеното говори дека во процесот

на наставата напред наведените сознанија и барања не можат целосно да се реализираат. Колку и да сакаме училиштето да го доближиме и иновираме до самите ученици, што е и современа интенција ученикот да биде активен субјект и партнер во наставата, тоа не е можно од повеќе услови и околности.

Додека пак, слободните ученички активности за разлика од наставата која има обврзно-задолжителен карактер, во овие слопбодни активности дејнсота се одвива по самоиницијативен пат и по лична определба и желба и склоности на ученикот.

Карактеристично е да се каже дека слободните ученички активности по својата функција, намена и содржина претставуваат составен и дополнителен дел на наставниот план и наставните програми, а со тоа тие се во функција на училиштето и задачите и обврските на овие воспитно-образовни установи.

Покрај изнесеното, треба да се каже дека слободните ученички активности се третираат и како воннаставни активности кои ги организираат учениците со помош на ученичките и детските организации и заедници кои имаат своја воспитна и образовна улога и функција во смисла на целосно искористување на слободното време и исполнување на истото со позитивни воспитно-образовни и спортски и физичко-здравствени и технички и културни активности. Поконкретно, тие со наставата и самиот тој процес го прават единството на воспитно-образовното дејствување на училиштето, на одделението и класот, а се разбира по одредени функции и во различни односи спрема наставата.

И покрај тоа што овие активности се наоѓаат во поврзаност со наставата, сепак тие по својата функција, квалитет, однос се наоѓаат и на различни односи и релации.

Во процесот на наставата исто така има одредени самостојни активности на учениците, кои понекогаш тешко се одвојуваат од слободните активности, бидејќи во некои од нив посредно раководи наставникот. Додека пак, слободните активности се организираат и ги изведуваат учениците по свое организирање, интересирање и наоѓање, пак по таа основа и раководењето со слободните активности и наставата. Посредно, пак во организацијата и изведувањето на слободните активности повремено учествуваат и наставниците. Додека, во процесот на наставата учениците работат слободно, самостојно, како соработници на наставникот, а во слободните активности треба да бидат иницијатори и организатори, а наставниците нивни соработници. Тоа пак говори дека со ученичките активности раководат ученичките и детски органи во организации што ги бираат учениците, што е важно за слободните активности на учениците.

И покрај тоа што учениците самостојно ги избираат, насочуваат, организираат и изведуваат активностите, не значи дека наставниците се пасивни набљудувачи. Напротив, тие ги поттикнуваат учениците и ги насочуваат, упатуваат, ги мобилизираат и ги воведуваат во основите и техниките и начините за успешно и креативно изведување на слободните ученички активности.

Покрај тоа што слободните активности се надвор од наставата и училиштето, училиштето е должно да им овозможи на

учениците да се вклучуваат во разновидните воннаставни дејности на училиштето и наставата. Поконкретно, наставниците, училишните органи и стручните, хуманитарните организации, треба да настојуваат секој ученик во зависност од интересот да биде вклучен во некој вид од активностите.

Изнесеното говори дека училиштето создава услови и можност за организирање и реализирање на разновидни слободни активности, а учениците секој според своите интереси и способности бира во која ученичка активност ќе се вклучи.

Според тоа, слободните ученички активности, даваат слобода, овозможуваат изведување и организација на изборни дејности, содржини, активности кои се преокупација, интерес, афинитет на самите ученици.

Од анализата и валоризацијата на слободните ученички активности, како и од литературата и периодиката може да се согледа дека слободните активности овозможуваат сузбивање и отстранување на недостатоци во организација на училиштето, одделението, наставата, а посебно во организацијата на наставата, како посебно значајна воспитно-образовна дејност.

Впрочем, тоа, јасно може да се види од книгата на проф. д-р Владимир Јанковиќ, ***"Слободното време и слободните активности во педагошката теорија и пракса"***.[32]

Од изнесеното се гледа дека во слободните активности доаѓаат до израз индивидуалните склоности, интереси и способности на учениците. Имајќи го предвид изнесеното може да се согледа дека ученичките активности овозможуваат полесно и

32) Vladimir Janković, Slobodno vrijeme i slobodne aktivnosti u pedagoškoj teoriji i praksi, Zagreb, 1978;

поедноставно да ги изразат своите литерарни, музички, технички и спортски склоности. Од тие причини слободните активности придонесуваат за успешно професионално насочување на учениците во натамошното нивно образование и школување.

Исто така, ученичките активности на одредена категорија ученици им овозможуваат да ги надополнат своите знаења, да се активираат и мобилизираат за активно и творечко однесување и позитивно доживување.

Во педагошката теорија и практика се потврдува сознанието дека одреден број ученици поттикнати од успехот и креативно-творечкото изразување на слободните активности, постигнуваат и позабележителни резултати во наставата. Тогаш иницијативите, самостојноста, слободата доаѓаат до повисок степен на изразување и манифестирање. Слободата, пак е основа и услов за креативно-творечко однесување и мобилизирање.

Слободните ученички активности по својата функција и намена не се само за насочување и развивање на индивидуалните способности на учениците, туку имаа и свое воспитно влијание во смисла на социјализирање, соработување, натпреварување и изградување на интерперсонални врски и односи.

Во реализацијата на овие активности поеднакво се вклучни и учениците и наставниците како водители а учениците како субјекти и партнери во реализацијата на слободните ученички активности. Тоа создава услови и можности за иницијативност, самоодговорност, натпреварување, соработување и постигнување на креативно-творечки ефекти од ангажирањето и учеството во слободните ученички активности и воспитно-образовни содржини.

Низ слободните ученички активности, училиштето ги напушта строгите институционални рамки, а прави еден опфат на учениците во нивното професионално и општествено ангажирање низ вонучилишните и наставните активности и преку ангажманот на учениците вон, во тие вонучилишни активности, излегува надвор од училишната рамковна ориентација. Тоа пак потврдува дека во училиштата и наставата преовладува општественото дејствување за поголемо и поопфатно ангажирање.

Тие активности надвор од училиштето, учениците ги манифестираат низ разновидни форми, како што се на пример: организирање на разновидни активности по повод Денот на пролетта - познат како Ден на екологијата, каде учениците се вклучуваат во разновидни активности за пошумување на голетиините, чистрење на градот, уредување на наслебите, организирање на приредби и одбележувања со пригодни настапи на овие манифестации. Потоа, одбележување на Денот на УНИЦЕФ со пригодни свечености и одбележувања, потоа Детската недела, организирање на актуелни предавања за асоцијативните појави, како што е зависноста од дрогата и алкохолот, сидата и др.

Изнесените сознанија упатуваат и потврдуваат дека слободните ученички активности што се составен дел на училиштето, но како воннаставни и вонучилишни активности имаат значајна улога и функција во насочувањето, организирањето и успешното изведување, при што доаѓа до израз интересот, афинитетот и склоноста на учениците кон одредени активности, што пак е основа и услов за креативното изразување на индивидуата, а и за афримација на училиштето и излегување на

истото и забележување на активности во рамките на комуната и пошироката општествена заедница.

Во смисла на досега изнесеното, Љубомир Коциќ помеѓу другото вели: "Слободните активности се значајно воспитно подрачје на дејствување и затоа имаат посебно место во структурата на воспитно-образовните дејности на училиштето. Иако имаат посебни особености, карактеристики и начин на работа, тие својата дејност ја подредуваат на општата цел на воспитанието и образованието, и заедно со останатите форми на воспитно-образовните дејности на училиштето даваат свој придонес за формирање на личноста на учникот.[33]

Изнесените сознанија за улогата и значењето на слободните активности упатуваат дека слободните активности честопати се претопуваат во склопот на наставниот план и програма, на наставниот процес, и како резултат на тоа во одредени средини се запоставуваат и стануваат второ и третостепени.

Наставата и наставниот процес и покрај многубројните согледувања и реформирања, се уште го држи класичниот стил на работа. Во наставата преовладува традиционализмот, класичноста, интелектуализмот и што повеќе знаења, теоретизирања и историцизми.

Со тоа пак, се создава јаз помеѓу традиционалното и иновативното и оневозможува да дојде до израз слободата на индивидуалното креативно однесување, афинитет, склоноста кон одредени активности што се основа и услов за изразување на креативноста и творечкото однесување.

---

[33]) Љубомир Коцић, Слободне активности у структури васпитно–образовне делатности школе, „Настава и васпитање„ бр. 3/1972, стр. 307;

Многубројни анализи и испитувања говорат дека наставата не дава доволно можности за развивање на самостојноста и иницијативноста кај учениците. А истата не обезбедува потребна индивидуализација на наставата и учењето. Тоа е затоа што наставните теми и содржини од наставните планови и програми се задолжителни за сите ученици.

Во смисла на понапред реченото, повеќе истражувања говорат дека наставата не овозможува учениците успешно да се подготвуваат за живот, а и за самостојно извршување на задачите. Во тој контекст се и нашите заложби дека слободното време треба рационално и ефикасно да се користи за изведување на слободните ученички активности во училиштето и надвор од него.

Според повеќето согледувања од педагошката литература и периодика, од истражувањата вршени на овој план, констатирано е дека слободните активности во развојот на личностите на учениците имаат значајна улога и функција, односно во структурата на воспитната дејност на училиштето. Во 1958 година со Општиот закон за школство, слободните активности добија правна основа, а пак училиштата обврска за нивно реализирање на задачите на училиштето.

Меѓутоа, и во подоцнежните нормативи и регулативи, повеќето како декларативна одредба беа нормирани, а во практиката запоставувани и занемарувани.

Во најновиот Закон за основно воспитание и образование донесен во 1995 година и со Измените и дополнувањата од март 1996 година може да се согледа дека тие имаат свој третман и нормираност, меѓутоа за нивното оживотворување потребна е

ангажираност на повеќето субјекти, како и пбезбедување на средства, помагала, прибор и материјално-финансиски претпоставки и услови.

Од досегашните опсервации во педагошката теорија и воспитно-образовната практика во нашите животни (образовни) и работни услови, како и користењето на искуствата по овој однос од другите земји, може да се согледааат и некои позитивни теориско-практични определби и поставеност на ученичките слободни активности.

Во таа смисла повеќето од согледувањата се дека слободните активности се погодни форми за задоволување на ученичките активности и интереси. Тие ги прошируваат и продлабочуваат знаењата, а и практижно се ангажираат за изведување на одредени активности, развиваат самоактивност, самоиницијативност, креативност и творештво, што битно влијае и на професионалните желби и интереси на учениците во врска со изборот на наредното училиште, позив и занимање. На некои ученици им помагаат да се афирмираат, а оние што се интровертни психолошки типови им помагаат за нивно самодокажување и разбивање на монотонијата и еднималичноста. Тоа пак, ја прави личноста на ученикот перманентно будна и мобилна. Тоа обезбедува на учениците и културно-спортска разонода, а и за користење на слободното време што е импулс, а и за поврзување на училиштето со животот и општествената средина на дејствување и соработување.

За улогата, важноста и значењето на слободните ученички активности свои искажувања презентира и проф. д-р В. Пољак, кој вели дека слободните ученички активности се посебен вид на

активностри што треба да имаат посебно место во склоп на воспитно-образовното дејствување. Но, слободните ученички активности не треба да се идентификуваат со групната форма на наставна работа, со работните активности и со кружоците кои исто така се организираат од група на интересенти, ученици по повеќе основи, барања, интереси и задачи, од причини што тие имаат своја функција и улога, а ученичките активности имаат посебна улога и функција каде доаѓа до израз самостојноста, склоноста, способностите, креативноста и творештвото. Поконкретно, проф. д-р В. Полјак истакнува дека слободните активности не треба да се поистоветуваат со наставата, ниту да се вклучуваат во редовната наставна работа.

Тие, ако така се сфатат ќе ја нарушат улогата и функцијата, а и принципите според кои се одвива наставната дејност.[34]

Тоа пак негативно би се одразило врз општата подготвеност на учениците во општообразовната спремност. Терминолошки слободните активности имаат две синтагми и тоа "слободни" и "активности". Слободата како синтагма и поим подразбира демократско, автономно, слободно изразување и манифестирање на ученикoвите потреби и склоности. Додека пак активностите искажуваат и стојат помеѓу слободата, желбата, интересите за мобилно, творечко и активно афирмирање и потврдување на индивидуата за одредена дејност, содржина и работа.

Слободните активности во основа ја имаат слободата на учениците во нивното определување и ориентирање кон наведување на одредени активности надвор од наставата во

---

[34]) Поопстојно за ова види: D-r V. Poljak, Celovitost nastave, "Školska knjiga", Zagreb, 196[illegible]

шема на слободните активности во основното училиште

Со целокупната работа раководи училиЇен одбор, наставнички совет и директор

Со слободните активности рараководи совет на пионерите на училиштето /одреди/




Училишни, пионерски и младински масовни акции: прослави, манифестации, излети, натпревари, походи, логорувања, летувалишта, училишни весници, списанија, библиотеки, театри, кина и други слични активности

Извор: Поткоњак, д-р Никола, Слободне активности у основној школи, "Настава и васпитање", бр. 1

рамките на училиштето и надвор од него. Меѓутоа, тоа пак не значи дека слободата во изведување на активностите треба да води до анархија, туку слободата се сфаќа како спозната нужност за осознавање, за мобилкизирање, за творење, за креативно изразување и манифестирање на учениковите желби, потреби, афинитети, интереси итн.

Покрај слободата во одредување на содржината на ученичките активности, често пати се дава до знаење дека во одредување на содржините на слободните ученички креативности, треба да се имаат во предвид детско-учениковите потреби и интереси, што како и слободата претставува значаен критериум, што на овој елемент значајна важност му дава и Фериер, во книгата "*Активна школа*". Тука доаѓаат до израз повеќе интелектуално, естетски, социјални и други дејности. Меѓутоа, научните сознанија во психологијата и педагогијата говорат дека потребите и интересите се значајни чинители кои треба да се почитуваат.

Интересите не се идредуваат од внатрешните биолошки зџаконитости, туку се условени од условите на учениковото живеење, односно дали ученикот врши активност во оваа или онаа област за која тој изразува интерес.

Според тоа, интересите не се дадени како готови, туку се развиваат низ живеењето и дејствувањето. Бидејќи условите за живеење не се подеднакви кај повеќе ученици, посебно во семејството, според тоа и интересите и потребите на учениците се разлижни. Тоа говори дека низ слободните ученички активности, треба да се поттикнуваат на перманентна активност, на будење на

љубопитноста, на будење на "интелектуален немир" за перманентно осознавање и учење.

Наведените сознанија не упатуваат на фактот дека децата во однос на интересите и потребите се разликуваат и сите не покажуваат интерес за оваа или онаа активност. Од тие причини, денешниот степен на развиток на науката и техниката, укажува дека, во сегашни услови на живеење треба да се создадат услови за поширокo и поопстојно дејствување и соработување на аповеќе содржини, активности, кои го поттикнуваат и развиваат и прошируваат интересот за разни дејности.

Во таа насока треба да се сфатат некои основи врз кои ќе се темелат, едуцираат и апплицираат творечките способности кај учениците.

Меѓутоа, во реализацијата на овие активности треба да овладаат со методологијата и методиката, техниките и инструментите, начините и патиштата, како тие воспитно да влијаат и дејствуваат врз учениците и воспитаниците во определување за успешно изведување на одредени слободни ученички активности во рамките на училиштето и надвор од него.

Меѓутоа, не треба да се сфати дека слободните ученички активности треба да бидат насочени кон професионализам, туку напротив преку нив кај учениците да се воспитува аматерижмот и да се побудува, љубов кон идните професии. Слободните ученички активности во тој контекст треба да создадат масовност, да будат разновидни интереси, при што е можно некои од тие интереси во понатамошниот период да претставуваат и идна професија. Затоа учениците треба да се запознаваат со активностите на културно-

уметничкиот и спортскиот аматеризам; кај нив да се гаи чувство и симпатии за создавање љубов кон разновидни активности, како што се: литературно-драмските и културно-уметничките, спортските, техничките активности и други кои ќе го окупираат интересот, желбите и потребите на учениците и ќе им овозможат стекнување и проширување на своите знаења, умеења, творечки активности, и со тоа слободните активности го губат тесно-училишниот третман, туку добиваат во поширока смисла креативно-творечки, а со тоа на училиштето се отвара простор за широко дејствување во средеината на живеење и воведување и подготвување на учениците за живот.

Покрај изнесеното, ученичките активности имаат и посебна воспитна вреднсот, затоа што низ истите се гаи социјализацијата, чувство на натпревар, моралните вреднсоти, смисла за соработка, афирмација, а со тоа се развива изолираноста, затвореноста, монотонијата и се создава свежина и оптимизам за креативно-творечко изразување.

### *4.3 Организација на слободните ученички активности*

По изнесените сознанија за улогата и функцијата на слободните ученички активности, се наметнува потребата од изнесување на организационите основи за организирање на ученичките активности кои услсовуваат нивна практична примена.

Во литературата и периодиката се изнесуваат повеќе основи, меѓутоа повеќето од тие се истомисленици, дека, во организирањето и одредувањето на основите, треба да се имаат во

предвид формите на организирање во склоп на одделението и класот, вонодделенските и вонкласните форми, како и вонучилишните форми.

Според тоа, можеме да говориме за три форми на организирање на ученичките активности: одделенско-класовна форма на слободни ученички активности, што се организираат во одделението и класот, односно за одделението и класот, кои по содржина, намена и функција можат да бидат најразлични;

- вонодделенски и вонкласни форми на ученички слободни активности, кои се организирани од одделенските и класните наставници, односно од одделенскиот и класниот совет;

- вонучилишни слободни активности, што се организираат надвор од училиштето, како што се: родителските совети, Детската организација, Сојузот за грижи, Народна техника, екологистите и други хуманитарни и невладини и непартиски организации.

Карактеристично е да се каже дека во практиката на дејствување во некои средини, во поголема или помала мера се застапени сите форми на организирање, а нивната организираност зависи од повеќе услови и околности.

Со напоменувањето на ваквото организирање сакаме да укажеме на можностите и содржините во организацијата на слободните активности, а со тоа и секое ограничување и одредување на некои од овие форми нема да ги постигне саканите форми и ефекти.

Во прилог на ова накусо ќе се задржиме на одделенско-класните форми на организирање на ученичките активности кои

даваат широки можности за изразување на креативноста и творештвото на учениците за повеќе интереси, потреби, желби и околности.

Наставникот надвор од наставата за учениците по групи организира одредени слободни ученички активности според афинитет на учениците кон одредени теми и содржини.

Ваквото групно организирање на одредени активности во помали групи од по неколку ученици дава можност наставникот надвор од наставата со групи од ученици да ги развива и воспитува наставните, творечките и мобилизаторските активности кон одредени теми и содржини што се афинитет и преокупација на учениците, при што во рамките на одделението-класот учениците не можат целосно да ги искажат своите потесни интересирања што претставуваат нивна преокупација и интерес.

На пример, од областа на физиката учениците во одделението-класот ги изучуваат електромоторите. Тука сите ученици немаат поеднакви склоности кон електромоторите, затоа ќе дојдат до израз низ одделенските и класовни слободни активности, оние ученици за кои надвор од наставата во слободното време електромоторите се нивен интерес, желба, склоност и потреба да ги изразуваат своите мобилизаторски и творечко-креативни можности и способности.

Исто така и во рамките на предметот биологија учениците пројавуваат интерес кон препарирање на птици и животни. Секако дека тоа во наставата не е подеднаков интерес за сите ученици, туку само за поединмци, пак низ овие активности по група на

учЕници треба и можат да дојдат на преден план, токму таквите интереси и склоности.

Оттука може да се каже дека вонодделенските и вонкласните активности не можат во целост да ги реализираат наставните содржини, туку низ нив се вршат одредени дополнителни ученички слободни активности во смисла на задоволување и проширување на учениковите знаења и умеења за природата и другите активности што се од непосреден интерес за учениците и кои претставуваат дополнување на програмските и наставните содржини во усвојувањетоп на знаењата.

Вонодделенските и класни форми на организирање на слободните ученички активности, како и одделенско- класовните одделенски активности претставуваат една повисока форма на организирање на слободните ученички активности кои може да ги организира наставничкиот совет, родителскиот совет за учениците од целото училиште, и како такви имаат за цел и задача да им овозможат организирање на корисно-културно креативно изразување и доживување на учениците во нивното слободно време и на тој начин, да ги насочи кон лично ангажирање, мобилизирање, а со тоа се отстрануваат од негативните влијанија и од улицата кои во дадениот тренд земат поголем замав.

Од тие причини, овој вид на активности имаат поголем образовен ефект и влијание за сите ученици, одделенија, класови и ученици во целина.

Во прилог на изнесеното училиштето е задолжено преку Наставниот план и програмите како документи од посебно училишно и општествено значење, а и со другите документи што

се однесуваат на училиштето како воспитно-образззовна и наставно-општествена институција и устаанова, во рамките на училиштето да ги мобилизира, организира, реализира и валиризира разновидните ученички слободни активности, да буди и воспитува кај учениците творечко-мобилизаторски и креативно-реализаторски способности со цел тие да ги изразуваат своите потенцијали, можности, интереси и склоности кон се она што е нивен непосреден интерес и ориентација.

Во прилог на изнесеното треба да напоменеме дека во воноддеденските и вонкласните активности, наставниците по активи и одделенија, групираат помали групи за изведување на овој вид на активности, а за слични активности родителите од родителскиот совет на одделението-класот и училиштето организираат други активности за кои и учениците и родителите пројавуваат заемен интерес и афинитет, за што поголем број се воспоставува непосредност, заемност, комуникативност, се развиваат интеракциските и соработничките односи и јакне процесот на социјализацијата, слободата, творештвото, се создаваат вонредни услови за креативно-творечко однесување, изразување во непосредната училишна средина.

Додека пак, во други групи се вклучуваат ученици од различни одделенија на повозрасни и помали, како на пример: групи на млади биолози, млади поети и литерати, млади техничари, млади екологисти, ликовни, вокално-инструментални групи, групи на моделари, ракетари, спортски активисти и слично.

Тоа пак претставува значаен чин за заемност, соработка и другарување и натпреварување. Тоа води кон афирмација на поединците, одделението и училиштето.

За сите напред наведени групи покрај ангажираноста, самоопределувањето на учениците, значајна улога во организацијата на овој вид на активности, имаат и наставниците, особено нивната педагошко-психолошка и дидактичко-методска подготвеност, што е клучна за овој вид на активности.

Тоа потврдува дека, покрај наставната дејност, наставниците треба да бидат едуцирани и за организирање и реализирање на слободните ученички активности, што во дадениот момент се смета за празнина во образованаието и воспитувањето, бидејќи процесот на творештвото и ученичките активности претставуваат фундаамент на креативно-творечкото изразување и манифестирање.

Вонучилишни форми на организирање на слободните ученички активности претставуваат како повисок степен на организирање на активностите надвор од училиштето, бидејќи на нивното организирање имаат влијание и други фактори. Во склопот на слободното време дејствуваат повеќето такви фактори. На пример, во склоп на училиштето постои детска организација, која дејствува согласно Конвенцијата за правата на детето.[35]

Во склоп на детската организација децата формираат различни групи по склоности, интереси и желби.

Покрај Детската организација дејствуваат и други организирани форми, како што се: младите историчари кои по

---

[35]) За ова види: Конвенција за правата на детето, Совет за грижи и воспитување на децата, Скопје, декември 1990 год.

определени содржини и активности го запознаваат крајот на живеење[2] и дејствување преку историски натпревари, и слично.

Во општите заклучни разгледувања по напред наведените три форми на учениково органзирање на слободните активности, би можеле воглавно да се каже дека истите имаат мошне позитивно и корисно стручно и професионално влијание кои битно влијаат врз психологијата и воспитувањето на учениците за позитивно искористување на слободното време низ слободните активности што се услов и начин на изразување.

Изнесените сознанија укажуваат и упатуваат дека во практиката на организирање на слободните ученички активности се користат повеќе стручно-научни сознанија на кои се надоврзуваат и стекнатите искуства од практичната организираност и поставеност, бидејќи, во повеќе средини, различно се организираат зависно од развиеноста на училиштето, од бројот на вработените, стручните квалификации, интересот на родителите, другите хуманитарно-општествени организации.

Врз таа основа во сите основни училишта не е на исто рамниште. Некаде се организираат организирано, систематски, планирано, во целокупниот план на училиштето и посебно се прават програми, некаде се организираат делумно , а во некои средини инстинктивно. Тоа укажува на потребата дека согласно законската регулатива слободните активности задолжително да се планираат и програмираат.

Во таа насока, проф. д-р Мухамед Мурадбеговиќ посебно се залага за создавање на нужни и неопходни услови за организација

на ученичките активности. Во тој поглед ќе изнесеме некои согледувања што говорат во прилог на проф. д-р М. Мурадбеговиќ.

- изготвување на долгорочни програми на организирање на слободните ученички активности во слободното време;

- изготвување на годишни планови и програми во кои ќе се реализираат слободните ученички активности;

- конкретни оперативни планови за нивно реализирање.[36]

Во програмите треба да се предвидат сите потребни услови и можности во зависност од потребите, средствата, од општествено-економската поставеност, објектите, просторот, опремата и слично.

Исто така во програмите би требало да се дадат и учесниците кои како експоненти ќе ги реализираат и ќе го дадат својот максимален прилог и придонес за сознавање, доживување, творење, активирање и сл. Додека пак во годишните планови треба да се вклопат таксативно годишните програмски активности по конкретни и по месеци и тромесечја и недели, одредени активности.

Во тримесечното, месечното, неделното и дневното планирање и програмирање на слободните ученички активности, во тие планови треба да постои согласност и корелација со воспитно-образовните содржини предвидени во Наставниот план и програм, со цел преку истите да се надополнуваат и продлабочуваат знаењата кај учениците.

Додека пак, при оперативните планирања се предвидуваат учесниците и учениците и конкретните содржини од соодветните

---

36) Prof. d-r Muhamed Muradbegović, Aktivnosti u slobodnom vremenu, značajna pretpostavka razvoja mladih, "Iskustva", čas. za školska i pedagoška pitanja, br. 9-10, Sarajevo, 1972;

активности, во смисла на средства, прибор, помагала, подготовка, што би претставувало фундамент, база за креативно-творечко изразување и афирмирање на поединците и групите.

Задоволувањето на напред наведените бараза по однос на организирањето и планирањето, упатуваат, дека слободните ученички активности во слободното време се значаен вид на активности.

Тие треба да се организираат и изведуваат во зависност од интересите, потребите и склоностите и врз таа основа да се предвидат побогати содржини, низ кои ќе дојде до израз активноста, интеракцијата, а со тоа ќе се обезбеди повисок степен на сознајно-интелектуално развивање и напредување, посебно на мисловната активност и на развивање на когнитивните процеси, а со тоа и самата креативност и творечко изразување и манифестирање.

Во услсови на математизацијата, информатизацијата, компјутеризацијата и напредокот на науката и научно-техничката и технолошка револуција, исто така, треба да се истакне фактот и потребата од организирање на слободните ученички активности и во таа насока, зашто живеење во време на информатиката, во време на третата технолошка револуција, кад екомпјутерите и сметачката техника се поставуваат како основен предуслов и инпут на прагот на 21-от век, посебно во училиштето и во другите сфери на социјално-техничкото однесување и комуницирање, особено во развитокот на информатичката револуција.

## 4.4 Видови на слободни ученички активности

Најпрво би сакале даистакнеме дека во нашата педагошка теорија и практика и во периодот пред воведувањето на училишните реформи во просветата и школството постоеле одредени слободни активности, како на пример: ученичките организации, како и ученичките вонnаставни слободни активности.

Меѓутоа, по донесувањето на Општиот закон за школство кај нас, по 1958 година овие активности на учениците во слободното време, познати како слободни ученички активности, добиваат и правно-јурисдиктичка основа, законски регулирани и определени. По воведување на Реформата на школството по 1958 година кај нас, во наставните планови и програми тоа беше како во основното училиште, така и во средните општообразовни и стручни училишта, слсободните ученички активности постанаа обврска задолжителна за училиштата. Со тоа се инсистираше училиштето покрај образовната, да ја негува и воспитната функција и улога што ја има во професионалниот и општествениот живот. Тоа е затоа што слободните ученички активности покрај општообразовната улога, функција и задачи, ја остваруваат и восспитната.

Така во некои ужилишта тогаш во поедини наши Ју-републики имаше дури и по неколку десетини слободни ученички активности, што говори за нивната експанзија, за нивната бројна, квантитативна, но и за квалитативни промени.

Меѓутоа, треба да се истакне фактот дека видовите на слободните ученички активности колку на број и во каков обем и квалитет истите ќе се реализираат зависи од видот на училиштето.

Во тој контекст би потсетиле и од мноштвото ученички слободни активности би ги навеле во конкретниов случај: Подмладокот на Црвениот крст, Извидничката организација, потоа клубови од разни видови, како што се на пример: клуба на моделари, клуб на ракетари и сл.

Постојат разни видови на слободни активности на учениците, како што се: слободните научно-преметни активности; слободните технички активности; слободните економско-производни активности; слободните културно-уметнички активности; слободните фискултурни, спортски и забавни активности и сл.[37]

Слободните научно-предметни активности се изведуваат од страна на група на ученици кои покажуваат особен интерес и успех во рамките на едно наставно подрачје, како што се математиката, биолошките, хемиските, физичките, техничките и други активности. Учениците по одделни научни гранки кои имаат желба да ги прошират и продлабочат своите познавања од одредена научна област се организираат во дружина, друштва, подмладоци и слично.

На состаноците тие истражуваат, експериментираат, вежбаат, стекнуваат и продлабочени научни знаења со примена на методата на индукцијата, доаѓаат и до дедуктивни заклучоци. Тоа особено се однесува во сферата на природно-математичките и научно-техничките активности.

---

[37]) Поопстојно за ова види: Милан Ј. Јанушевиќ, Организација наставе, ЗАвод за издавање уџбеника Н Р Србије, Београд, стр. 120–131, каде се елаборирани фундаменталните дејнсоти, како и во друга педагошка литература за ова.

Во овие групи учениците стапуваат доброволно според своите афинитети и интереси, но под водството на предметниот наставник што ги организира и насочува и води учениците во групи во успешното изведување на овие активности.

И на ова место треба да се одбележи дека низ овие активности, секции и дружини учениците покрај образовната ја негуваат и воспитната функција, со примена на одредени истражувачки активности. Меѓутоа, треба да се води сметка за наставникот таа одредена секција да не ја стави исклучиво во служба на наставата по неговиот наставен предмет за надополнување на знаењата, туку тој да се јавува во улога на водител, кординатор и насочувач на активностите на овој план, да не се наметнува на соодветната секција, туку само да ги мотивира учениците сами да истражуваат, експериментираат и сл. Во тие скеции можат да работат ученици од исто одделение, како и од пониските одделенија. Во тој случај постарите ученици би биле како помагачи и насочувачи на активностите.

Така помладите ученици би биле вклучени во овие секции и активности, се разбира оние што се талентирани и што покажуваат одредени способности и склоности кон одредени научни области, со цел за постигнување на подобри резултати. Со тоа би се овозможило и надминување на т.н. класичен, традиционален ужилишен одделенско-часовен систем, а во групите би се јавувало интенција на натпреварување, докажување и афирмација на учениковата личност, со што тие би се осамостојувале во изведување на активностите на овој план и постигнување на резултати дури и до натпросечно ниво.

- Слободните технички активности, исто така се значајни за техничкото воспитување на учениците и младите во училиштето и надвор од него. Тука се сметуваат оние ученички активности што се надвор од наставата, организирани низ разни клубови, секции, друштва, дружини, како што се: секцијата и клуб на фотоаматери, на радиоаматери, моделари, ракетари, електромашинци, авто-мото секциите и слично. Во повеќето училишта сите овие секции се изведуваат во рамаките на клубот на "Народна техника", каде што има повеќе секции од технички карактер. Такви активности се изведуваат и во рамките на училиштето пртеку наставниот предмет Основи на техничкото образование. Меѓутоа, познавањето на овој предмет се продлабочуваат низ овој вид на технички слободни активности.

Преку овие активности учениците и младите стекнуваат широко знаење од областа на техничката култура, која е неопходна во условите на информатичката ера во која постепено зачекоруваме.

За изведување на овие активности покрај наставниците по овој наставен премет, надвор од училиштето можат да се вклужуваат и работат со учениците и младите на овој план лица кои имаат натпросечни познавања и интереси од областа на техниката, како што се инженери од сите профили и струки, кои можат да ги насочуваат и оспособуваат учениците и младите да се служат со техниките и инструментите од областа на техничката култура.

На тој план и основните и средните училишта би можеле да се поврзуваат со средно-стручните училишта, како што се

градежно-технички, машинско-технички, електро-технички и други средни училишта чии наставници би биле од посебна помош и корист на учениците што покажуваат интерес кон слободните технички активности.

- Слободните економско-производни активности се исто така значајни за ученичките знаења и развивање култура на воспитна клима и акција од областа на економско-производните познавања. Тука можат да се наведат рабаотата и вклученоста на учениците во ученичките задруги, работа на учениците во училишните градини, или пак во училишните производни економски и материјално-финансиски добра, помош и учество во изведување на одредени производни акции во заедница со земјоделската задруга, земјоделски комбинат и стопанства, учество на младински работни акции и сл.

Низ овие форми на дејности кај учениците се развива и воспитува на штедење, на рационално и економично работење, на воспитување на производно-економска култура, на рационализација и економизација на времето, средствата и тн.

Тука посебно би ја истакнале активната воспитна улога и функција на ученичките задруги, како мошне значајна и практична воспситна форма на ученичкото организирање на слободните активности на тој план.

Низ дејноста на ученичката задруга учениците се учат и воспитуваат како да планираат, програмираат, дејствуваат, соработуваат, рационализација на материјално-финансиските средства, организацијата на работата, воспитување на другарски и

соработнички социо-интеракциски и социо-кохезиони врски и односи и слично.

Тука би се навеле и ученичките економии каде учениците употребуваат и применуваат различни агро-технижки мерки, вештажки ѓубрива, обработка на земјиштето, репроматеријали, семиња, негување и одгледување на овошни дрвца и сл.

Дејноста на овој план се одвива на принципот на заедничко живеење и соработување, на колективизам и другарство, на јакнење на интелектуалните, емоционалните особини кај личноста, на воспитување на особините на волјата и карактерот итн. Преку овие активности всушност и се формира и воспитува учениковата и младта личност за активно учество како утрешен граѓанин во сферата на трудот, било да е тој производител, или пак општествено корисен труд.

- Слободните културно-уметнички активности се исто така мошне значајни слободни ученички активности. Овие активности имаат за цел кај учениците и младите да го развиваат и воспитуваат културниот аматеризам, низ разните секции, дружини, друштва итн. Тие се особено значајни за восп̆итување на ученичките активности, како што се: ликовните, музичките, драмските, рецитаторските, фолклорните, итн.

Низ овие активности и секции учениците ги манифестираат своите склоности, надареност, пак и талентот на пример за: музицирање, уметничко обликување, рецитирање и слично. Постојат повеќе такви секции: драмска, литерарна, уметничка, филмска, инструментално-вокална, хорска, рецитаторска, балетска и др.

Учениците на овој план уредуваат: училишни весници, ѕидни весници, фото клубови и изложби на трудови на учениците, уредување и претставување на активностите преку разгласната станица, подготовка за дејности на ученичката трибина, работа во училишната библиотека, медијатекарството, развивање и воспитување на мас-медиумската комуникација, аудио-визуелната и касетна продукција и сл.

Со таквата актива кај учениците се воспитува духот на уметничкото изразување и колективизмот.

- Слободните фискултурни, спортски и забавни активности, се посебно значајни за рекреацијата и масовното спортско изразување и физичко и здравствено воспитување на децата и младите. Тоа е мошне потребно за физичкото формирање и воспитување на најмладата и младта детска личност, зошто физичката кондиција е услов и за ментална кондиција.

Преку овие активности се оди на застапеност на принципот на масовност, колетивизам, другарство, соработништво, натпреварување, воспитување на моралните особини на личноста, изградување на волјата и карактерот и воопшто за формирањето и восцитувањето на личноста на ученикот и младиот човек.

Тука дејствуваат разни секции: ракометна, фудбал, одбојка, пинг-понг, шах и др. Тука се и културно-забавните и рекреативни активности: приредби, прослави, свечености, игранки, матинеа, забавни вечери, логорувања, излети, натпреварувања во културно-уметнички аматеризам и слично.

Ваквата лепеза на низа активности овозможува учениците слободното време низ овие форми на слсободни ученички

активности да го исполнат со позитивна и воспитна содржина. Тоа пак говори за едукативната функција на овие активности.

Во општите заклучни согледувања по видовите на овие слободни ученички активности, би можело накусо да се рече дека овие активности од различни видови се мошне корисни за учениците и за младината. Тие се мошне значајни за формирањето и воспитувањето на младата личност, а и за исполнување на слободното време со позитивна содржина. Тие го развиваат и воспитуваат натпреварувачкиот дух, ги развиваат креативноста и творештвото, личноста ја прават и когнитивно, конативна и емоционално-стабилна и социјализирана личност, што е мошне значајно за успешно обавување и изведување на едукативните активности и реализација на едукативната функција во нејзиниот тоталитет.

## 5. МАНИФЕСТИРАЊЕ И ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА КРЕАТИВНОСТА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Кога говориме за оваа суптилна проблематика на ученичко-детската креативност, се наметнува потребата да истакнеме некои согледувања за изразување и препознавање на креативното однесување од вообичаените активности на учениците.

Имено, ученикот-детето, често пати, ги поврзува работите на необичен, оригинален и на него својствен начин. Ваквите оденсувања се резултат на неизграденоста на вообичаените асоцијации, активности и модели на мислење што се присутни кај возрасните.

Затоа треба да се прави разлика меѓу тоа што било предизвикано од спонтаноста и незнаењето и од тоа што е намерна активност, која е проследена со мобилност, расположение, со желба, со интерес, што секако треба да се има во предвид во препознавањето.

Од повеќето согледувања и валоризирања на однесувањата кај децата и учениците, констатаирано е дека поголем дел од однесувањата претставуваат имитација на возрасните на некое однесување.

Според психолошките сознанија, констатаирано е дека во детството и раната училишна возраст, постои "имитативно"однесување", што е значајно и оправдано. Преку имитацијата се учи да сознава, збогатува и стекнува со културните, хигиенските, работни навики како и да научи како да се учи.

Изнесениот пример вели дека идентификацијата е оправдана, се додека тое не почне да го губи идентитетот, и да биде нечија копија.

Тоа говори дека треба да има граница за имитативно однесување, за да не го гуши индивидуалитетот и да не ја гуши креативноста. Во спротивно, постои опасност личноста да постане збир на имитации, што се надоградуваат, а со тоа да го изгуби и идентитетот.

Изнесеното сознание за манифестирањето и препознавањето на креативноста, говори дека при едуцирањето во семејството, родителите, наставниците, училиштето, треба да се запознава индивидуалитетот на личноста на детето, воспоставување на заемни и непосредни односи и врски, партнерско договарање и соработување, како и поддржување на одредени активности кои можат да бидат поттик за изразување и манифестирање на креативноста што укажува на потребата дека креативноста и воспитанието се наоѓаат во заемен однос и по пат на воспитанието на желбите, интересите, потребите, креативноста индивидуално се изразува преку поведението и во наставата, учењето и наставните и вонnаставните активности кои се основа за изразување на креативноста и творештвото.

## 5.1 Карактеристики и особености на креативноста на личноста на ученикот

Многубројните истражувања кои се вршени кај нас и во многу европски земји, потврдуваат дека особеностите и карактеристиките на креативните деца и ученици се одликуваат со

посебни начини на однесување, изразување, мислење, сфаќање и слично.

За креативните ученици се вели дека во основа се интелектуално поразвиени од останатите и како резултат на тоа и нивната физичка, говорна и социјализациско-комуникациска развиеност е на повисоко ниво. Поконкретно, креативните ученици се посамостојни, подобро информирани и маат поизразена мисловна активност во откривањето на заемните и причинско-последичните врски и односи.

Исто така, и на емоционално-социјален план тие се чувствителни, изразуваат спремност за соработка, и на еден или на друг начин настојуваат да ја изразат и манифестираат способноста, афинитетот, преку конкретно решавање и разрешување на задачи, задолженија и активности.

Во прилог на наведеното, во теоријата и практиката на воспситно-образовното дејствување, преовладува мислење дека креативните ученици се разликуваат од останатите по некои карактеристики и особености. Поконкретно, креативните ученици изразуваат развиена љубопитност и интерес за создавање, откривање и оживотворување на сознанието.

Додека пак, кај други се забележува поизразена волева активност, поставување на одредена цел, начините на изразувањето, истрајноста, упорноста, самостојност, сигурност и слично.

Изнесените карактеристики укажуваат и потврдуваат дека во процесот на едукацијата, треба да се создаваат соодветни и

поволни услови и околности, и при тоа секоја индивидуа да се бара себеси.

Ваквото сознание може да се потврди од искажувањата на поголем број истражувачи, како што се Мост и Коган на познатиот Фелст-проект кои следеле деца и ученици од раѓањето па се до 30-годишна возраст.

Истражувањата на поголем број теоретичари говорат за континуитетот за особините на личноста. Во рамките на овие истражувања, поголем број истражувачи говорат дека интересирањата на креативните ученици се многустрани. Поконкретно, тие бргу и лесно совладуваат одредени наставни содржини, како и спонтано и без потешкотии прифаќаат решавање на одредени задачи и активности. Тоа може да се потврди со фактот што учениците преку слободните активности прават интересни збирки, помагала, изработки, албуми, а имаат и разни хобија и изведуваат повеќе мисловни игри и активности.

По однос на нормалната популација креативно-надарените ученици имаат повисок степен на емоционална сигурност и стабилност. Тие не се склони на фалење, афримирање и не ги проценуваат своите вредности. Напротив, тие се социјабилни, сигурни и отпорни на искушенијата, а и изразуваат смисла за хумор, оптимизам и добра меморија.

Според Торенс, постојат три главни карактеристики според кои се разликуваат креативните и надарените ученици од основно училишната возраст од останатите ученици. Тој укажува дека креативните ученици често ги изразуваат невообичаените содржини и задачи, задачите и проблемите ги решаваат на свој

сопствен начин, активноста ја изразуваат преку забава, радост, хумор и сл. Додека пак, Мира Чудина- Обрадовиќ, истакнува дека креативните деца-ученици имаат повеќе особини што се јавуваат по одреден ред. Во таа насока, кај детето уште од најрано треба да се јави чувство на сигурност и доверба во околината. Отсуството од стравот води до спонтаност и слободно изразување.

Тие се и следни карактеристики на креативноста, за потоа поизразито да се јави љубопитноста, самодовербата и градење на позитивна слика за себеси, за осамостојувањето и за социјалниот конформизам.[38]

Наведените карактеристики за кои предходно говоревме, својствени се за креативните ученици од основното образование. Меѓутоа, креативните особености како готово не се јавуваат. Напротив, нивното манифестирање бара третман, начин и постапка на едуцирање за потоа истите да се изразат во практиката на живеењето, дејствувањето, наставата и наставните активности. Поконкретно, детето-ученикот во училиштето наидува на повеќе промени, проблеми, активности, задачи и задолженија.

Во тоа прифаќање потребно е насочување, разбирање, создавање на поволни услови и околности, во обезбедувањето на средства, помагала, во одредувањето на задачите и активностите, а со тоа давање и можност за автономно, слободно изразување на секоја индивидуа. на тој начин доаѓа до израз флексибилноста, фантазијата, самостојноста на мислењето, за сметка на вкалапеноста, меморизирањето, пасивното учење. Во практиката

---

[38]) Čudina-Obradović, Mira, Razvoj osobina ličnosti kao pretpostavka kreativnosti, Zbornik radova Andragoškog ventra, Zagreb, 1987, str. 134-136

креативните ученици имаат притисок и непријатности од соучениците и наставниците.

Тоа треба да се сфати и разбере и да им се овозможи натаму да ги развиваат тие својства. Тоа говори дека креативноста и воспитанието заслучуваат внимание, и дека падот на креативноста е повеќе резултат на срединските, социјалните и занемареност на воспитните влијанија. Тоа укажува на потребата дека креативноста треба да се воспситува, оплеменува, негува и оживотворува низ целиот работен и животен век.

## *5. 2 Можности за креативно изразување кај децата -учениците во основното образование*

Детето-ученикот како единка се раѓа, доаѓа на свет во социјалната средина. Покрај другите одлики тоа е и социјално битие.

Во социјалната средина постојат разни форми на однесување, сорабаотување и дејствување. Наспроти тоа, постојат и одредени противречности и блокади на креативното изразување. Затоа, посебно значајно за иднината на општеството, за идните генерации е влијанието на најтесната средина: семејството и другите средини на детето-ученикот како што е училиштето. Тоа говори дека во семејството и училиштето значајна улога за развој и израз на креативноста имаат родителите, нивниот однос, наставниците, со заемно дејствување и покренување на иницијативи за создавање услови и можности за креативно изразување и однесување. Поконкретно, родителите во семејната средина треба да имаат толерантен однос, почит на индивидуата, но и поставување на

барања, задачи и активности, низ кои ќе треба да дојде до израз самостојноста на личноста.

Тоа говори дека во семејството и училиштето има и адекватни постапки на стандарди, кои ја оневозможуваат личноста во изразувањето на индивидуалните можности и потенцијали, а тоа емоционално и душевно ја осиромашува личноста.

Руди Супек, по однос на тоа вели: "Ние навистина често ја слушаме изреката дека сите деца до шест години се генијални, а со петнаесет години постануваат сосема просечни, готово медиокритети. Може да се каже дека одговорноста за таквата еволуција лежи во нашите класични, традиционални методи на воспитување".[39]

Изнесеното потврдува дека ставовите на родителите и нивното однесување кон децата имаат пресудно влијание врз креативноста. Репресивниот однос создава одбрамбени механизми, несигурност, пасивност. А, пермисивните се засновани на награда, иницијатива, поттик, доверба, мотивација и слично.

Според Ерих Фром, претерано заштитувачкиот однос на родителите може да претставува "златен кафез". Децата со тоа ја задушуваат креативноста и слободата. Во тој "златен кафез", детето добива се, под услов да не посака да излезе од него. Секако дека таквата заштитничка улога и функција го води ученикот кон несигурност во своето акционо дејствување и манифестирање на својата самостојност и творечки иницијативи и секогаш очекува

---

39) Rudi Supek, Razvitak i učenje u vezi s kreativnišću, "Pedagoški rad", br. 3-4, Zagreb, str. 112;

некој друг да ја води неговата активност и соработничка улога во групата, колективот и сл.[40]

Според повеќе теоретичари, креативноста како индивидуална активност, манифестирање и изразување е својствена само за слободните и независните личности. Според тоа, независните и самостојните ученици се и зрели и способни за индивидуалност, изразување и прифаќање на повеќе активности и манифестации.

Во напред изнесеното, во восспитно-образовното дејствување, секогаш треба да го имаме предвид училиштето како воспитно-образовна институција, кое е за прифаќање на младите генерации и воспитување и создавање на поволни услови за нивно интелектуално, социјално и емоционално, но волево развивање и напредување. Така се создава основа на сознание, претстави, и поими за природата и околината што овозможува постепено да ја изразува креативноста.

Училиштето настојува согласно педагошките сознанија, да му даде современи текови и движења на манифестирање и изразување на она што го мотивира ученикот за креативно манифестационо изразување. Во таа смисла училиштето како институција за воспитание и образование, за разлика од семејството, е водено од квалификувани педагошки кадри. Како основа за работа на воспитно-образовната, тоа е наставниот план и програма по кои тече наставата, како и наставата за талентираните и надарените, и другите ученички активности преку

---

40) Ерих Фром, Бекство од слободе, „Нолит„, Београд, 1969, стр. 23;

кои се дава можност секој ученик според свое видување да најде начин на изразување.

Училиштето како институција во смисла на изнесеното, треба да претставува и општествена и културна институција за опфаќање на младите за мисловно, творечко и креативно изразување.

Училиштето како воспитно-образовна институција има голема улога во воспитното насочување и креирање на личноста на детето и ученикот за успешно оспособување, за успешно учење, а го оспособува и како утрешен граѓанин во успешноста на изведувањетоп на работите, работните задачи и се друго што е во функција на училиштето и ученикот.

Во тој контекст и училиштето, семејството, родителите и учениците сите се поставени во улога и функција на заедничко соработување и изградување на една функционално-креативна личност која ќе може самостојно да твори и да создава нови материјални добра и духовно и интелектуално богатство.

## 5. 3 Улогата на наставникот во негување на креативноста кај учениците

Наставникот како носител, насочувач, планер, програмер, реализатор и конкретизатор на наставната и воспитно-образовната дејност е значаен фактор на училиштето, односно наставата.

Наставникот, како субјект кој посебно е образован, оспособен и оквалификуван за оваа дејност, има одговорна, сложена и деликатна работа.

Тој остварува и врши професионална и општествена функција и должност, и во таа смисла треба да им овозможи на учениците непосреден и заемно-партнерски однос, да се стекнуваат со нови знаења, умеења и навики кои ќе претставуваат основа за сознавање, учење и натамошно напредување.

Покрај тоа што наставникот овозможува стекнување на знаења, реализирање на наставната програма, и воведување во процесот на учењето, во таа одговорна улога треба да има педагошки такт во запознавањето и откривањето на учениците по однос на нивните индивидуални особености и склоности. Поконкретно, во наставната и вонннаставната дејнсот, сите ученици подеднакво не постигнуваат еднакви ефекти и резултати.

Истовремено, сите ученици не пројавуваат интерес за сите предмети, содржини и активности.

Ваквите специфики и индивидуалности во процесот на наставните, воннаставните и слободните активности, бараат понепосреден пристап и партнерско дејствување и соработување, при што ќе дојде до израз слободата, афинитетот, интересот и склоноста во поведението, во мислењето, сфаќањето, изразувањето и манифестирањето на креативноста и творештвото.

Во изразувањето на креативноста и творештвото кај учениците, наставникот со својотличен став, углед и пример треба да претставува вистински воспитен фактор, креатор, носител, насочувач на сите активности што стојат пред него во поглед на реализацијата на целите и задачите на наставата, на наставните планови и програми, теми и содржини, во реализацијата на слободните активности во слободното време, во неговото активно,

мобилно и творечко-креативно насочување и изразување и со неговиот активен личен пример перманентно да ја буди и насочува креативноста кај децата-учениците и своите воспитаници.

Наставникот како носител на активностите треба да има повисоки и професионални квалификации и аспирации затоа што извршува една одговорна и деликатна работа, улога и функција. Поконкретно, тој треба да ги следи новините во струката и занимањето, во практиката на дејствувањето, предизвиците на иновациите и тенденциите.

Покрај тоа, креативниот наставник верува во себе, се натпреварува и соработува со другите наставници од активот, одделенските и предметните наставници и со педагошко-психолошката служба. Секогаш тој е во потрага по нови сознанија, тенденции кои се присутни во теоријата и бараат оживотворување во практиката.

Креативниот наставник е и критичен и самокритичен, но не и да има критизерски однос кон одредени сознанија во теоријата и практиката. Критиката да биде конструктивна, стручна, аргументирана, со предлози и идеи за постигнување на ефекти и посакуваните резултати.[41]

Креативниот наставник настојува и стручно да се усовршува. Тој ги следи новите педагошки сознанија, ја следи литературата, периодиката, а повремено и самиот учествува во нагледно-примерните настапи пред колегите, пред студфентите, како и со свои искажувања во сручниот печат и периодика.

41) Vlado Strugar, Biti učitelj, PKZ, Zagreb, 1992, str. 35;

Изнесените согледувања и сознанија потврдуваат дека наставникот како носител на наставната, воннаставната и целокупната едукативна дејност има пресудно значење. Затоа и поседување на напред изнесените особености, можат да му послужат како основа за креативно-творечко едуцирање на своите ученици, а истовремено да им овозможи и тие да присвојат дел од таа креативност, согласно својата индивидуалност и усогласеност на способностите, интересите и потребите, што ќе претставува и апликација на креативното поставување и однесување.

## 5.4 Воспитувањето на креативноста

Прашањето што е предмет на оваа кусa експликација заслужува внимание за проучување на есенцијалните и фундаменталните прашања на оваа круцијална материја, која има свои теориски, општествени и практични димензии. Воспитувањето на креативноста е мошне сложено и актуелно прашање подеднакво значајно за педагошката теорија и практика што истото има и мултидисциплинарни димензии.[42]

Креативноста се воспитува уште од најраните детски години, а потоа таа продолжува и во младите години а им е својствена и на возрасните за нивното креативно и творечко однесување во секојдневните животни (образовни) и работни ситуации и учење на разновидни места во средините каде што живеат и работат.

---

[42]) За мултидисциплинарните функции во воспитувањето на креативноста поопстојно види: Milan Lipovac, Kreativnost kao poželjna kvaliteta ličnosti, "Život i škola", br. 5, 1989, Osijek, str. 377;

Уште при воведните напомени ќе потсетиме на размислувањата што ги презентира Алберт Ајнштајн кога вели "Фантазијата е поважна од знаењето". Истото се однесува и за креативноста, бидејќи таа како психопедагошка категорија, претставува значаен фундамент и во сферата на воспитувањето на креативноста кај децата, младите и возрасните.

Впрочем, денес во ниедна научна, општествена и практична област не се може без креативност и творештво, што во основата има одредени постулати на имагинарни ситуации во разновидните услови во секојдневната практика.

Креативноста е мошне значаен сегмент на севкупната воспитно-образовна активност. Неговите почетоци започнуваат уште во најраното детство, дури уште од 4-тата година од животот на детето. Во тој контекст воспитувачите во предучилишните установи, родителите и семејството ја имаат примарната задача, улога и функција.

За улогата на воспитувачот во воспитувањето на креативноста мошне пластично говори советскиот педагог Константин Димитријевич Ушински, во своето големо дело "Човекот како предмет на воспитанието", при што ја нагласува активната улога и функција на човекот во неговиот севкупен развоен тренд, во сиот животен и работен век, низ сите негови развојни фази.

Во тој контекст кога говориме за воспитувањето на креативноста кај предучилишните деца, треба да се истакне дека кај нив уште во најраните години треба да се негуваат, развиваат, воспитуваат и насочуваат одредени морални особини и квалитети

што ја красат личноста на индивидуата како креатор на стварноста.

Ќе потсетиме на некои позабележителни психосоцијални особини кои воедно имаат и едукативни релации во поглед на воспитувањето на когнитивните, конативните и психомоторните својства и особини на психологијата на личноста, а во психологијата на предучилишното дете, посебно.

Тука би ги навела:[43] всадувањето на етички и морални особини, воспитување на работи, хигиенски и културни навики уште од раното детство, развивање на доверба, етичност и морални особини, развивање на чувство на почитување на принципите на однесување во непосредната животна околина, воспитување на толеранција,соработка, заемно комуницирање, другарување, поттикнување на мотивацијата за активно учество во детските игри, толеранцијата кон воспитувачите и обратно, негување на чулните сознанија, бидејќи децата пред сѐ светот го доживуваат низ конкретни ситуации преку набљудување на, пред сѐ, би рекле: предмети, животни, растенија во непосредната околина и така тие ги формираат првите свои поими.

Исто така, треба да се истакне фактот дека воспитувањето на креативноста кај предучилишните деца е условена од повеќе воспитни фактори и ситуација на учење и воспитување. Тука, пред сѐ, мислиме на наставните програми по одделни воспитно-образовни подрачја, каде што од детето се бара поголема мобилност, доживување со одредени ситуации, воспитување на емоционалноста во доживувањата, радост по успешно извршените

---

43) Види: Д–р Никола Петров, м–р Владимир Михајловски, Креативноста и воспитувањето, „Биангл„, Битола, 1995, стр. 24;

задачи, се разбира оние наједноставните што им се доверуваат од страна на родителите и воспитувачите, посебно преку флексибилноста на наставните програми кои треба да го почитуваат принципот на емотивност и доживување на одредени воспитни ситуации, како и повремено учество на родителите во реализацијата на одредени активности што ги спроведува воспитно-образовната установа од предучилишно воспитание.

Затоа пак, од друга страна, како што вели и познатиот советски педагог Антон Семјонович Макаренко, треба да се поставуваат задачи на детето, но и да се почитува детската личност, да се има доверба во него и заемно разбирање. Така се изградува и воспитува детското "јас" кое подоцна се јавува во двојна улога, како интимно "јас" и сообраќајно "јас", што е карактеристично повеќе би се рекло кај возрасните луѓе, кои во одредени ситуации се наоѓаат во улога на хомо-дуплекс, односно како двојно суштествено битие, односно едно мисли во себе, а во стварноста и секојдневните комуникации има улога на двојство. Тоа не е случај кај децата. Тие се како што вели Жан Жак Русо - табула раза, односно "чисти души", искрени, љубопитни, перманентно се буди љубопитноста кај нив. Тие постојано прашуваат и бараат одговори и слично. Затоа треба правилно и објективно да се постапува во воспитувањето на детската личност, а што е мошне значајно и за воспитувањето на креативноста и творештвото кај децата.

Во тој контекст, и пред воспитувачите се поставуваат одредени барања, што се пред сѐ насочени кон правилниот став и однос на развивање и воспитување на креативноста кај децата.

Затоа воспитувачот треба мошне добро да ја познава психологијата на децата - развојната психологија, за да може во одредени ситуации да ја аплицира и практично примени педагошката психологија- психологијата на секојдневното учење и воспитување на детската личност, тие постојано да чувствуваат "интелектуален немир", перманентно кај нив да се буди и воспитува интересот на учење и осознавање на стварноста. Тоа осознавање на стварноста во училиштето, особено во горните одделенија, па би се рекло и во одделенската настава низ одредени конкретни наставни предмети, треба да создава и воспитува кај децата критичност, творештво, развој на мислењето и снаоѓање во разни ситуации во животот. Односно детето не треба да се воспитува во еден, би рекле "тврд шаблонизам" тоа да бара готови одговори и готови решенија на одредени прашања, туку тоа да биде перманентно будно и мобилно, да учи секојдневно како да учи, какао да ги решава проблемските ситуации и учењето. Секако дека математиката и другите природни науки, па и сите наставни предмети кај учениците од основното училиште ги учи децата да го "дисциплинираат" своето мислење, односно да научат како да учат, како да се поставуваат во животот и учењето и како да ги решаваат проблемските ситуации по пат на перманентно развивање на критичкото и творечко-креативно мислење и дејствување во конкретните имагинарни и стварно-создадени ситуации на учење, живеење и секојдневно комуницирање.

Воспитувачот и наставникот во основното училиште на почетокот треба да ги води децата да ги научат како да учат и како да се однесуваат во одредени критични ситуации.

## 6. УЛОГАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО НАСОЧУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСИТЕ И КРЕАТИВНОСТА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО НАСТАВАТА И УЧЕНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

Имајќи во предвид дека денешното училиште и покрај заложбите сé уште во доволна мера не е отворено за иновациони, современи, модерни влијанија за продир на позитивните, иновационите и модерните европски и светски едукациски трендови и влијанија, приспособени според нашите животни, образовни и конкретни услови на секојдневно учење, образование и комуникации.

Наставниците како насочувачи, водители, реализатори и конкретизатори на воспитната, наставната и воопшто активностите на учениците, настојуваат на учениците да им пренесат и овозможат стекнување на разновидни знаења и содржини, кои по обем се енциклопедиски, квантитативни, што на еден или друг начин ја отежнува воспитната и наставната работа. Учениците се оптоваруваат и се доведуваат до површност, механичност, вербализам на знаењата, што отстапува од современите интенции на перманентното образование и перманентното учење.

Ваквиот третман и поставеност, неминовно налага од трансформирање, иновирање на постојниот систем за образование на кадри, кои ќе бидат флексибилни и во тој контекст ќе бидат градени и структуирани општообразовните, општостручните, посебно-стручните и апликативно-практичните дисциплини и воспитно-образовни подрачја, што ќе му овозможи трансфер, сообразување, активирање, мобилизирање и креативно-педагошко-

дидактичко и методско ангажирање во апсорбирањето на знаења, умеења и навики.

Од досегашното искуство, и воопшто следењето на постигањата на воспитната и наставната работа во многу наши педагошки институции може да се додјде до заклучок дека во практиката примарно место зазема наставата, преку одделенско-часовниот, предметниот систем, реализацијата и конкретизацијата на наставнисте содржини, доследната обработка на истите, усното и писменото оценување, а како второстепено и запоставени се детско-ученичките активности кои во практиката во наставните планови и програми, се ставени како можност, а нивната реализација е препуштена на несинхронизирано со наставата на децата, учениците, што укажува на потребата дека учениците и наставниците како субјекти-партнери, заемно да ги усогласуваат интересите и потребите на плурално усогласување, што секако ќе доведе до друг третман и поставеност, и на тој начин, слободата, правата, интересите и склоностите и воопшто афинитетите ќе доаѓаат до израз, како во наставата, така и низ ученичките активности, а со сето тоа, ќе овозможиме да се постави една основа, подлога за креативно изразување, ангажирање на наставата, на учењето, на логичк-математичкото мислење.

Во таа смисла во својата книга "Креативноста на наставниците во наставата" д-р Марко Стевановиќ јасно потцртува.[44] Тој вели: "афирмацијата на креативноста на наставниците и учениците означува грижа за развој на личноста на воспитаниците. Детото е творечки диспонирано од раѓањето. како

---

[44]) d-r Marko Stevanović, Kreativnost nastavnika i učenika u nastavi, "Istarska naklada", Pula, 1986;

ќе се развијат неговите творечки потенции зависи од средината и неговото дејствување. Наставата треба да е повеќе свртена кон ученикот, а помалку кон наставникот."[45]

Од изнесеното произлегува дека може да се каже дека современата улога на наставникот и неговата подготвеност за активно учество и творештво се вбројуваат во значајните прашања за организација, реализација, конкретизација и валоризација на творечката работа кај учениците.

Тоа пак укажува дека наставникот не треба да биде само предавач-истражувач спрема програмата, учебниците, односно тој да биде флексибилен, креативен и творечки насочен во својата секојдневност во наставата, низ ученичките активности и пошироко.

Во тој поглед д-р Марко Стевановиќ подвлекува дека "наставниците во секојдневната креативна работа треба да поставуваат и разрешуваат комплексни и разновидни прашања, како што се: проблемот на прилагодување на учениците за истражувачка работа, и нивно оспособување за творештво, прашањето на мотивацијата и интересите за творештвото, инспиративното дејствување на наставникот, педагошкото водење, поттикнување и помагање во творештвото, давањето на разни информации, упатства, пратењето, раководење со творечкиот процес и слично, идентификување на способностите, можностите, потребите и склоностите на учениците во процесот на истражувањата и творештвото."[46]

---

[45]) Исто, стр. 81;
[46]) Исто, стра. 84;

Понатамошното третирање на овој актуелен проблем и прашање, наведува на процесот на творештвото, наставникот на учениците да им дава можности за развој во различни активности и насоки. Тоа го прави со бодрење, пофалување, оддавање признание, укажување на грешките, изнаоѓање подобри патишта во решавањето на проблемските ситуации, насочување на изворите, задачи по аналогија, директна помош, задавање на проблемски ситуации и истражувачки задачи, подготовка и давање на упатства за творечка работа, надгледување, контрола и вреднување на процесите на ефектите на истражувачката и творечката работа.

Творештвото и потенцијалните можности кај наставниците и учениците се развиваат и воспитуваат во рамките на воннаставните и вонужилишните активности, односно на ученичките слободни активности, како што се: литерарните, драмските, рецитаторските, музичките, ритмичко-спортските и други ученички активности, за потоа да се продолжи со нивното изучување во склоп на одделните наставни предмети.

Карактеристично еда се каже дека токму низ овие активности доаѓаат до израз способностите, интересите и желбите на учениците, а тоа пак говори дека оваа воспитно-образовна работа се засновува на потребите и интересите на учениците.

Во тие рамки се социјализацијата, кооперативноста, соработката, натпреварот, афирмацијата на учениците и воспитаниците. Во тој контекст и творештвото и креативноста кај учениците е условена и од заемната соработка, кооперативност и успешно насочување на сите оние активности што го

овозможуваат слободното учениково активирање и творештво и што перманентно ученикот го тераат кон изнаоѓање на одредена иновативна модулација во решавањето на конкретните наставни и вонnаставни ситуации на учење и на перманентно ангажирање и активирање.

Творечката и креативна дејност кај учениците не треба да се сфати како една иманентна функција на вербализам, шематизам и определен нормаативизам, туку како можност и насока за сеопфатно иновирање и ангажирање на повеќе ситуациони моменти, кои иманентно, функционално и флексибилно ја ангажираат детската личност кон снаоѓање во новите образовни и животни ситуации, кон критичко-проблемски, ситуациони и мобилни ангажирања и решавање на сите ситуации во кои ученикот секојдневно се соочува со стварноста, било тоа да е во процесот на наставата, или пак низ воннаставните и вонучилишните активности. Тоа пак укажува на можноста на неговата перманентна будност и активност во секојдневното ангажирање во изнаоѓање на нови модуларни решенија.

Од изнесеното, како и од делимичните истражувања, кои се вршени на наше педагошко тло на тлото на Република Македонија, поконкретно во Скопје, учниците во процесот на наставата и учЕничките активности најмногу ги респектираат и почитуваат оние наставници кои покажуваат толеранција, кои ги разбираат учениците, кои се објективни, реални, сталожени и кои изразуваат спремност да помогнат. Спрема тоа, учениците ги сакаат оние наставници кои го почитуваат ученикот како индивидуа, како личност, неговите потреби, желби и склоности како и оние кои се

непосредни, послсободни кои во одредени ситуации се и критични, како и оние кои владеат со емоциите и со односите со поведението и имаат отворена и непосредна комуникација.

### ***6.1. Теоретски согледувања за проблемот на креативноста изразена преку наставата и ученичките активности***

Досегашните теоретски согледувања, упатуваат на сознанието дека проблемот на креативноста на учениците од основното училиште, изразен низ ученичките активности, е проблем кој е во фокусот на педагошката теорија и практика. Во досегашниов дел на темава се презентирани теоретските опсервации на оваа круцијална педагошка проблематика. Додека пак, во наредниов, втор дел ќе бидат елаборирани, операционализирани, верифицирани и аплицирани емпириските сознанија што претставува секојдневна актуелна воспитно-образовна проблематика на педагошката теорија и нејзината воспитно-образовна практика.

Во теоретскиот дел врз основа на темелно и сеопфатно проучување на домашни и странски педагошки теоретски извори презентирани се најнови теоретски педагошки изложувања и достигања на проблематиката, како и нивниот третман во литературата и не можеме да кажеме дека сме ја проучили сета литература, туку само оние теоретски извори до кои можевме да дојдеме и што ни се при рака.

Според тоа, во нашите теоретски опсервации зафатени се и обработени оние прашања, како што се третираат во

литературата, но се разбира пред сé со наши лични теоретски сознанија и одредено педагошко теоретско искуство според нашите критижки согледби и размислувања и што одговара на нашата педагошка теоретска мисла и на нејзините футуролошки опсервации и насоки.

Овие теоретски сознанија и парадигми, токму ги актуелизираме кога се наоѓаме на прагот на 21-от век, во услови на наужно-техничката и технолошка револуција, во времето на математизацијат, компјутеризацијата, информатизацијата на знаењата и нејзиниот квалитет, во времето на трансфери на модерна технологија на производството, а во тој контекст и на новата модерна образовна технологија која бара перманентно иновативни зафати во сите сфери на дејствување, а во едукацијата посебно во времето на третиот технолошки бран, како што вели Алвин Тофлер во својата студија "Шокот на иднината".[47]

Сите тие промени, иновации и новини, и воопшто времето што носи со себе, ужилиштето не е во можност да ги прифати и да се понесе со нив туку заостанува зад нив.Тоа укажува дека во од со времето, со промените, со тенденциите, треба да се отвора за потребите на учениците, на интересентите, да биде пошироко организирано, да има повеќе модели на наствани планови и програми, модели и курикулуми, што ќе овозможи флексибилност, креативност и партнерство и при сето тоа ќе доаѓа до израз мобилноста, активноста и креативно-творечкото учење.

Изнесеното укажува на фактот дека традиционалното училиште кое сé уште се бори за својот опстанок треба

47)Alvin Tofler, Šok budućnosti, Istarska naklada, Pula, 1983;

перманентно да се иновира, да се трансформира и да отстапува од вкалапеноста, шематизмот, унифицираноста и грубиот нормативизам и едноставното и едноличното однесување и ангажирање. Затоа се укажува на можноста за поголема флексибилност, за продир на новото, модерното, флексибилното, творечко и креативно однесување во разните ситуации со нови модели и решенија што ќе бидат адекватни на времето и условите во кои денес живее и работи училиштето, според современите срединскси услови и фактори, се разбира потпомогнато од општеството и води перманентна грижа за унапредување на наставата и училиштето.

Секоја индивидуа има свои генерички предиспозиции за творештвото, за креативно-творечко изразување треба да се откриваат, да се негуваат, воспитуваат и развиваат.

Преовладува мислење дека наставниците користат мал број ученикови потенцијали и тоа претежно интелектуалните способности кои на еден или на друг начин се користат во процесот на учењето. Тоа пак говори дека училиштето треба да се спушти на нивото на учениците и тоа на поголемиот број на ученици. Со тоа ќе ни се овозможи афирмирање и ангажирање на повеќе ученици во процесот на наставата и учењето.

Училиштето ќе ја развие организираноста на ниво на просек, а за оние што заостануваат или повеќе напредуваат ќе се организира дополнителна и додатна настава. Изнесеното потврдува дека креативноста и творештвото ќе претставуваат потреба и императив на времето во кое живееме и дејствуваме.

Тоа пак, подразбира нов пристап и однос во работата на наставниците, нов систем на интерперсонални и интераксицки односи во секојдневната комуникација на индивидуите, како и во самостојното откривање, доживување и доаѓање до нови знаења и решенија.

Училиштето, училниците, кабинетите треба да претставуваат работилница (workshop) во кои подеднакво ќе бидат ангажирани и наставниците и учениците, едните ќе бидат во улога и функција на надгледувачи, на насочувачи, а другите во функција на истражувачи, на трагање по нови научни вистини и сознанија, во решавање на новите конкретни воспитно-образовни ситуации со перманентно развивање и иновирање на критичкото, творечкото и креативното мислење и насочување во креацијата и творештвото. Учениците не треба да чекаат да им се сервираат готови знаења и решенија за проблемите на кои наидуваат низ наставните ситуации.

# ВТОР ДЕЛ

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

Креативноста на учениците од основното училиште, во наставата и ученичките активности, е проблем кој во последно време сé повеќе ги интересира и преокупира наставниците, стручните служби на училиштето, наставно-научните работници, истражувачите во сферата на едукацијата и сите оние кои непосредно и посредно изведуваат воспитно-образовна и наставна дејност.

Современите тенденции во сферата на воспитанието и образованието, како и системските промени, уште повеќе го актуелизираат и проблематизираат овој проблем.

Следејќи ја актуелноста и воопшто сообразувајќи се со предизвикот на времето, тенденции, како и со потребата и реалноста, овој проблем на креативноста во основното образование е недоволно истражуван и проучуван, што укажува на ангажираност од страна на повеќе интересенти на емпириски истражувања во непосредната воспситно-образовна практика, за што и се определив како училишен педагог во ОУ "Вера Циривири-Трена" во Скопје да го следам кај учениците, преку наставата и ученичките активности и наидов на разбирање од страна на поедини колеги.

Од делумните истражувања дојдов зо сознание дека овој проблем на ниво на Република Македонија е истражуван во составот на предучилишните установи, преку воспитно-образовните подрачја, односно преку слободните, насочените и игровните активности.

Соживувајќи се со проблемот извршив консултации со повеќе наставници и некои универзитетски професори од Институтот за педагогија, а во прв ред со проф. д-р Марија Костова, проф. д-р Натка Мицковиќ, проф. д-р Снежана Адамческа и други, за што добив поткрепа и охрабрување како и начелни сугестии по однос на структуирањето и методолошкото поставување на проблемот.

### *1.1. Предмет на истражувањето*

Предмет на ова истражување е креативноста на учениците од основното училиште изразена преку наставните и ученичките активности, во реализирањето на наставните содржини, во основното училиште. Притоа, почитувајќи ја возраста, поставеноста, организираноста и ангажираноста на учениците и наставниците во наставните и слободните вонваставни активности на учениците кои го определуваат примерно предмето на истражувањето:

- Согласно наставниот план и програма за основното училиште, како и законската, нормативната регулатива која претставува значајна појдовен постулат-премиса, но условена од третманаот, поставеноста и организацијата на наставната, вонаставните и ученичките активности, означува база, темел за манифестирање, изразување на креативноста и творештвото кај учениците;

- Наставните, воспитно-образовните содржини во основното училиште се реализираат преку одделенско-предметниот систем,

како и преку слободните ученички активности, кои се значајниза поголемо ангажирање и активирање на сите индивидуи, на сите ученици;

- Учениците како субјекти и непосредни учесници во изведувањето на наставниот процес и слободните ученички активности, имаат пресудно значење во вклучувањето, организирањето, активирањето, мобилизирањето и изразувањето на интересите, потребите, желбите, способностите и афинитетите за разновидните содржини и активности;

- Во учениковото ангажирање и насочување на учениците голем удел имаат наставниците. Наставникот како фактор и субјект има мошне сложена и одговорна задача, бидејќи е насочувач и инспиратор на учениците и постојано се стреми кон нови современи начини и постапки на наставно дејствување и мобилизирање на учениците како субјекти и партнери.

Со други зборови наставникот е креатор на својата работа која ја сфаќа првенствено како творечка која непрестано се менува и усовршува.

За согледување и утврдување на претпоставките на креативноста кај учениците, низ ученичките активности користени се повеќе согледувања, категории и постигања, а пред сè:

- согледување и анализирање на наставните планови и програми кои се дадени по цел и задачи, теми и содржини и кои во себе содржат општост и унифицираност;

- оптовареноста на наставните планови и програми со повеќе теми и содржини, што ја овозможува слободата на наставникот,

потребите, интересите и склоностите на учениците. Тоа е хендикеп за изразување на креативноста и творештвото кај учениците;

- Вклопеноста на организацијата на наставата и формалноста на знаењата и активностите на учениците кои во однос на одредени средини исклучиво се препуштени на учениците, а наставниците се вклучуваат само по потреба за задоволување на годишната програма на училиштето.

- Наставникот како водител, креатор и насочувач и реализатор на слободните ученички активности има пресудна улога во анимирањето, ангажирањето и поттикнувањето на учениците во непосредноста, автономноста, партнерството, толерантноста и флексибилноста, начините и постапките создава вонредни услови и можности за заенбо разбирање и соработнички односи, што дава гаранција за успешно практично и едукативно насочување и изведување на слободните ученички активности во училиштето, преки кои доаѓа до израз слободата и креативното изразување на учениците во училиштето;

- За нормално и непречено планирање, програмирање, изведување и реализирање на наставните активности, слободните ученички активности, потребни се материјално-финансиски средства и услови, а во прв ред: простор, опрема и технички-технолошки, иновативни и друг вид прибор и иновативен ангажман за креативно изразување;

- Низ наставаните и ученичките активности се создаваат партнерски и социјализирачки процеси и односи меѓу наставаниците и учениците во изнаоѓање на содржини, форми, градење на доверба и соработка, развивање, поттикнување,

мотивирање и други особини, што е значајно за креативноста и творештвото;

- Со ова истражување исто така се настојува да се испитаат и ставовите на наставниците и учениците во реализацијатана слободните активности на училиштето.

## *1.2 Дефинирање на основните поими*

Како оснсовни поими кои се присутни и нé окупираат во ова наше интересирање и истражување се: наставата, слободните активности, креативните активности, учениците, наставниците и училиштето.

Наставата како педагошки поим и процес во педагошката теорија и практика се карактеризира и дефинира како свесна планска, целисходна, организирана, систематизирана и насочена активност и дејност во која се вклучени учениците под водство на наставниците, со заемен активен и интеракциски и партнерско-соработнички однос.

Слободните активности пак ги дефинираме и поблиску определуваме како активности на учениците што се изведуваат надвор од наставата, во слободното време во рамките на училиштето или надвор од него. Според тоа говориме за воннаставните ученички активности кои се изведуваат во училиштето надвор од наставата, како и вонучилишните активности кои ги изведуваат учениците во слободното време и надвор од училиштето преку нивното ангажирање во разни

клубови, дружини, друштва, секции, организации, институции и установи.

Креативните активности пак ги дефинираме како перманентна и мобилна ученикова активност, која постојано ги тера учениците да бидат мобилни, активни, мисловно-творечки битија со цел да можат целосно да се вклучат и да бидат постојано будни во изведување на активностите и трагање по нови вистини и сознанија.

Учениците се субјекти, партнери, соработници на возраст на основношколско ниво, односно од одделенската и предметната настава. Тие согласно Законот, Уставот и Конвенцијата за правата на децата имаат право на задолжително основно осумгодишно образование и воспитание. Тоа ќе им овозможи преставно-појмовно, интелектуално, социјализациско и волево збогатување и ангажирање за сознавање на природните и општествените појави, закони и законитости и врз таа основа им овозможи оспособување за натамошна едукација, влез за професионално-работно и животно оспособување за идното занимање и професија што е неотуѓиво право, должност и обврска на секој ученик, партнер и соработник.

Наставниците појмовно се подразбираат како активни партнери, субјекти, соработници, водители, насочувачи, организатори, мотиватори, координатори, како стручни лица кои изведуваат воспитно-образовна работа во одделенската и предметната настава за основното училиште и реализираат програмски, курикуларно-содржински и модуларни реализации, и го водат наставникот, воннаставниот и ученичкиот живот во

училиштето. Во таа насока посебно место и значење имаат слободните активности на учениците низ кои наставниците ги водат и насочуваат, мобилизираат и активираат учениците кон перманентна будност и активност.

Училиштето претставува општествена и организирана воспитно-образовна институција и установа која ја организира и засновува државата, бидејќи станува збор за основно образование, задолжително за сите деца, млади и возрасни, односно во редовниот училишен систем на возраст од 7-15 години, без разлика на социјална, национална, верска, полова и друга припадност, низ која се остварува со претензии да прерасне во задолжително десетгодишно основно образование, што е веќе европски и светски тренд.

Слободното време претставува онаа времена активност на учениците што е надвор од наставата, во рамките на училиштето и надвор од него, каде се настојува учениците во тоа време што не е ангажирано со училишни обврски да можат рационално, ангажирано, максимално и творечки да се вклучуваат свесно ангажирано во исполнување на слсободното време со позитивни, образовни содржини и ефекти, со ел да можеме перманентно да создаваме активна, мобилна и творечка корисна личност, граѓанин на нашето воспитно и активно учество во општествениот и професионалниот живот и развиток.

## *1.3 Предмет и значење на истражувањето*

Предмето на истражувањето е креативноста и творештвото кај учениците од основното училиште, што се манифестира низ слободните активности на учениците.

Слободните активности се мошне интересни за што кај учениците побудуваат интерес, љубопитност, така што учениците низ слободните активности преку разновидните форми што напред беа елаборирани во овој контекст од нашиот труд, тие кај учениците посебно во основното училиште влијаат на развивање и воспитувањето на креативноста и творештвото на учениците.

Секако дека учениците од основното училиште не пројавуваат подеднаков интерес кон сите разновидни слободни активности, па според тоа сите тие активности кај секој ученик немаат подеднакво влијание за насочување и побудување на интерес за креативност и творештво. Така да едни ученици повеќе пројавуваат интерес кон природните, други кон математичките, трети кон техничките, четврти кон физичките, петти кон уметничките и други видови на слободни активности, а паралелно со тоа и искажувања на нивните интереси по одреден и кон дотичен израз на креација и творештво.

Секако дека нашето истражување има одредени теориски, одредени емпириски, а и одредени апликативно-практични димензии, што ќе претставува еден мал исечок од истражувањата во оваа витална сфера на социо-практични и едукативни основи.

Се надеваме дека истражувањата, а и ова истражување ќе дадат одредени насоки за насоченоста, организацијата и

педагошката вреднсот и валоризација на оваа суштествена материја за педагошката теорија и практика.

### *1.4. Цел и задачи на истражувањето*

Целта на нашето истражување е да се согледа и увиди можноста на креативноста и творештвото кај учениците која се манифестира низ слободните ученички активности.

Истражувањето треба да покаже, пред сѐ, би рекле, каков е односот кон креативноста и творештвото кај учениците, и како тие се манифестираат низ слободните ученички активности во основното училиште, посебно по македонски јазик, ликовно и музичко воспитување.

Сакаме, притоа да истакнеме дека, остварувањето на оваа генерална (општа) цел, истражувањето би требало да презентира и одредени одговори на следниве прашања, всушност низ кои се реализираат и одредени задачи:

1. Да се изврши анализа какво влијание имаат слободните активности во училиштето и колкаво е нивното влијание врз учениците во развивањето на нивната креативност и творештво;

2. Да се согледа низ кои наставни и вонаставни активности најповеќе би се развивале креативните и творечките можности на учениците;

3. Да се извршат и согледаат одредени компаративни можности и предности во поглед на организацијата, содржината, формите и методите на секојдневната работа во училиштето, како

низ слободните активности се остварува креативноста и творештвото;

4. Да се согледа реализацијата на наствните програми по одредени наставни предмети и воспитно-образовни подрачја, како и колку имаат влијание кај учениците во основното училиште за развивање на творештвото и креативноста. Тоа е мошне значајно прашање од едукациски, дидактижко-психолошки и педагошко-методички аспект за насочување и организација на истите во училиштето.

## *1.5. Хипотези на истражувањето*

Поаѓајќи од општиот пристап кон оваа есенцијална, фундаментално-педагошка и суптилна проблематика, а би рекле и актуелелна во секојдневната едукативна практика, како и од предметот, целта и задачите на истражувањето, секако дека би се поставиле одредени хипотези, односно: општа (генерална) и посебни хипотези.

### *Општа хиотпеза*

Во организациски и програмско-курикуларен поглед не е на одредена висина поставеноста, а и не се обезбедени максимално оптималните услови низ слободните активности на учениците во училиштето, целосно да се развива креативноста и творештвото.

***Посебни хипотези***

1. Анализа на наставните програми по одредени наставни предмети во основното училиште говори дека задачите и содржините за развивање на креативноста и творештвото кај учениците не се на задоволително ниво;

2. Застапеноста на развитокот и воспитувањето на креативноста и творештвото низ содржините на слободните активности и творештвото низ содржините на слободните активности не е на задоволително ниво;

3. Се укажува на можноста од поголема застапеност на слободните активности не само во наставата, туку и во училиштето и надвор од него;

4. Ставот на наставниците кон слободните активности треба да биде за поголема ангажираност, пројавување на интерес и воспитување на учениковата надареност за креација и творештво според своите можности и способности;

5. Секакао дека на тоа имаат влијание и други фактори.

## ***1.6. Варијабли на истражувањето***

Во истражувањето по пат на експлорација и експликација ќе бидат третирани и проверени би рекле, повеќе варијабли (независни и зависни) што имаат суштинско влијание врз квалитетот, а би рекле и насоченоста и интензитетот.

***Независни варијабли***

Тука би потсетиле на некои од нив, како што се: самите наставни програми во основното училиште, колку тие имаат насочувачко влијание врз и низ слободните активности да се развива креативноста и творештвото. Потоа, тука би дошле и активноста на учениците, индивидуалните склоности на наставниците кон одредени слободни активности во училиштето и надвор од него, како и нивната инвентивност, креативност и творештво, а секако дека значајно би било и самите објективни услсови на работа во училиштето.

***Зависни варијабли***

Зависни варијабли во нашиов конкретен случај би биле: односот, ставот и активноста на учениците кон слободните ученички активности и развивањето на креативноста и творештвото, а и второ, односот, ставот и активноста на наставниците како и колкаво влијание и интерес пројавуваат кон учениците во развивањето и воспитувањето на креативноста и творештвото низ слободните ученички активности на основното училиште.

Секако дека независните и зависните варијабли во случајов се испреплетуваат и меѓусебно надополнуваат.

## 1.7. Примерок на истражувањето

Во нашево истражување доминира случајниот примерок.

Во примерокот на истражувањето земени се учениците од VII-те и VIII-те одделенија на Основното училиште "Вера Циривири-Трена" од Скопје.

Во договор со проф. д-р Натка Мицковиќ, скоро цела година по пат на набљудување, интересот и афинитетот на учениците преку слободните активности на учениците по предметите: мајчин-македонски јазик, ликовно и музичко воспитување ќе се види афинитетот, ангажираноста и активноста, како и вклученоста на учениците низ слободните активности и развитокот на креативноста и творештвото.

Набљудувањето се врши во текот на целата учебна година кај учениците од напред наведените одделенија во училиштето, по паралелки. Тоа го правиме од едноставна причина, што сметаме дека низ паралелките на наведените одделенија постојат прилично можности низ слободните ученички активности да се развиваат креативноста и творештвото.

Пред истражувањето беа водени прелиминарни разговори со одделенските раководители на паралелките, а и со предметните наставници, што ни даде можност за насоченоста, поставеноста и организацијата на истражувањето во овие одделенија.

Се определивме за горните одделенија на основното училиште, со оглед на тоа што нивната возраст и зрелост, а и насоченоста и активноста и ангачираноста на учениците на овој план ќе дадат и порелевантни показатели и индикатори на овој план, за темава што е предмет на нашето интересирање и истражување.

## 1.8. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Имајќи во предвид дека креативноста и слободните ученички активности се проблеми кои се повеќе го привлекува вниманието на теоријата и практиката, како и специфичноста и карактерот на истражувањето, целите и задачите и хипотезите, слободно можеме да кажеме дека во ова истражување се користени методот на теоретска анализа, и дескриптивниот метод и аналитичкиот метод.

Покрај напред наведените методи во истражувањето користени се и техниките на анализа на содржина, поконкретно користени се листи на прашања за наставниот предмет македонски јазик, музичко воспитување и ликовно воспитување, како и ученичките активности со смешни прашања наменети за учениците, потсетник за препознавање на надареноста и особините за учениците, анализа на педагошката документација, набљудувањето, анкетен прашалник на наставници и ученици, како техники на истражувањето.

Додека пак, инструментите користен е анкетниот лист - скалер, наменет за наставниците од одделните наставни предмети и за слободните ученички активности.

Теоретската анализа, дескриптивната метода, аналитичката метода се користени со цел и намена да се дојде до непосредни, адекватни сознанија за влијанието на слободните активности врз развивањето и воспитувањето и изразувањето на креативноста и творештвото кај учениците-испитаниците.

Тоа овозможи и услови да дојдеме до автентични сознанија и резултати за овие две мошне актуелни и суштински прашања на педагошката теорија и практика.

За поцелосно аналитичко-синтетичко согледување, во текот на истражуивањето користена е и педагошката документација од учениците за предметот соодветен и ученичката активности од дотичниот предмет.

Односно, соодветните ученички активности во кои учениците доброволно членувале, изнесувале свои ставови и ислења, што може да се потврди од ученичките белешки, содржински кажувања, од смешните прашања и слично.

Преку постапката на аналаизата на педагошката документација користени се релевантни факти и податоци за разни прашања, докумнети, материјали и писмени и нормативни акти, состави, дневници и слично.

Од прашалниците користено е писмено снимање за слободните ученижки активности, за писмено снимање на ученичките активности и нивната функција во слободните ученички активности. Карактеристично е што во текот на учебната година постојано се задавани такви прашалници, како кај наставниците, така и кај учениците од VII и VIII одделение и преку истите одговори добиени се автентижни и релевантни показатели кои укажуваат на фактот дека ученичките активности сеуште во дадениот тренд се уште го немаат вистинското место што им припаѓа во педагошката теорија, особено воспситно-образовната практика, говори дека подсистемот на основното образование во состав на целокупниот воспитно-образовен систем, императивно треба да се трансформира, иновира и адекватно прилагоди на современите тенденции и воспитно-образовни системи.

Со тоа пак, и структурираноста на воспитно-образовната и наставната работа, односно и кон ученичките активности кои се подлога за ученичкото автентично, самостојно самоизразување и изразување на креативноста и творештвото на учениците и младите во нивниот правилен пристап, третман, ангажирање и севкупно творечко однесување во конкретната воспитно-образовна средина, а и во животните (образозвните) ситуации во една конкретна училишна средина на ученичкиот колектив.

Анкетниот лист-скалерот, е користен за наставниците од основното училиште за наставниот предмет и слободните ученички активности кои се организираат под нивно раководство, во зависност од склоностите, афинитетите и самоопрделувањето на учениците.

Поконкретно, со анкетниот лист се добиваат податоци за ставовите на наставниците спрема креативноста, нивниот статус, ученичките активности, мотивираноста, сознанијата за условите и потешкотиите на кои наидуваат во ралиазацијата на програмските содржини на ученичките активности.

## 2. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Проблемот на креативноста, изразена преку слободните ученички активности во основното ичилиште, поконкретно преку: литерарните, музичките и ликовните активности, кои се предмет на ова истражување, потврдуваат дека креативноста, творештвото и ученичките активности се интегрален дел на наставните, воннаставните и вонучилишните активности и задачи на основното училиште.

Во таа смисла истражувањето потврди дека споменатиот проблем се повеќе и повеќе ги преокупира и практичарите, бидејќи во сегашниот тренд на трансформирање и иновирање на подсистемот на основното воспитание и образование, а посебно со донесување на Законот за основно образование, каде е дадено до знаење дека покрај наставната своја поставеност имаат и ученичките слободни активности што се еден сегмент и интегрален дел на воспино-образовната активност во училиштето, а со тоа и наставнниците се задолжуваат дел од тие активности да ги прифатат како интегрален сеегмент на задачите и задолженијата на наставниците, при што, треба да им овозможат учениците спрема своите интереси, потреби, желби, склоности, афинитети да се ориентираат и определуваат кон оние слободни мобилно-креативни, творечки активности што се нивна потреба, желба и интерес за креативно изразување и творење.

Ако тое е веќе реалност и потреба, во тој случај се наметнува потребата од заемно и заедничко усогласување, планирање, програмирање и организирање на овие активности низ

кои секој ученик ќе се најде и себеси според своите афинитети и способности за изразување и творечко креирање, а со тоа ќе се отстапува од вкалапеноста, нормативизмот, шематизмот и ќе се создадат услови за индивидуално ангажирање и активирање и креативно-творечко изразување.

Во конкретниот случај, во нашето истражување, преку предметот, дефинирањето, задачите и хипотезите, се потврдува дека проблемот на креативноста и ученичките активности повеќе го привлекува вниманието, на практичарите, бидејќи денешното училиште го менува својот стил и филозофија на делување, комуницирање и однесување, и современите тенденции укажуваат на проблемот на активноста, мобилноста, индивидуалноста, способноста, и во таа смисла наставата не се сфаќа само како голо програмско содржинсо меморирање и учење, туку, како потреба за развивање на когнитивните, емоционално-волевите и социјализациско-хуманизациските врски и односи, како и креативно-творечките способности, при што ќе дојде до израз и индивидуалноста и психологијата на личноста во целина.

Од анализата на задачите, хипотезите, примената на одделните методи, техники и инструменти, може да се согледа и констатира дека проблемот заслужува внимание како од теоретско-емпириско-истражувачки карактер, и во тој поглед сé повеќе е присутно и ги окупира теоретичарите и стручно-научните работници, кој проблем досега беше занемарен во однос на креативноста, се гушеше самоиницијативноста и творештвото, наставникот се јавуваше во улога на дозирање на воспитно-образовни теориски и практижни содржини, а ученикот беше како

пасивен набљудувач на состојбите и резултатите до кои дошле науката и наставната практика.

Посебно во тој поглед треба да истакнеме дека ученичките активности, формално и декларативно беа поставувани и третирани, по линија да секој наставник во склоп на бројот на часовите и активностите и времето проведено во училиштето, формално биде евидентиран и задолжен, и во склоп на тоа, беа евидентирани голем број на ученици кои членуваат во одредени активности, а ефектите кои ги постигнуваа беа незадоволителни, затоа што учениците не членуваа доброволно, од интерес, од потреба, од афинитет, не постоеја усогласени програмирани активности, индивидуите се гушат во колективитетот, не се почитуваше принципот на индивидуализација, за што неможеше да стане збор за активно и творечко изразување на овој вид на активности.

Во таа смисла, како педагог во училиштето, следејќи ја целокупната наставна дејност во него, постигањата, реализацијата на наствните програми и содржини, ангажираноста на наставниците и учениците, современите тенденции во воспитанието и образованието, и воопшто иновативните процеси во наставната и вонаставната дејност, ме поттикна проблемот на креативноста и творештвото да го следам, не само во педагошката теорија туку и во педагошката практика. Како што тоа е добро дадено во хипотезите дека ученичките активности се основа и подлога за развој на креативноста, што и се потврди, а тоа бара и нов пристап, ангажирање на наставничкиот колегиум, стручната служба, раководните органи и родителите, да му посветат

поголемо внимание на проблемот, од причини што во предходниот, а и во овој период се поставуваат основите за едно мобилно и функционално воспитание и образование, што ќе воспитува една комплетна личност, која ќе може успешно да се носи со потребите и барањата на современото училиште и времето во кое живееме.

Од анализата на проблемот, наставните предмети, содржини и активности кои беа предмет на ова истражување, дојдовме до сознанија за поедините специфичности на ангажирање, изразување и манифестирање на учениците низ слободни активности:

- доаѓа до израз сознајно-когнитивните специфичности како интерес, потреба, љубопитност, логичко-математижко мислење, согледување на заемните врски и односи, како и прижинско-последичните врски, односно решавањето на проблемите во познати и непознати ситуации;

- во социјализациски поглед, специфичностите на изразувањето и манифестирањето се согледуваат и во однос на социјализациско-моралниот статус, на учениците, одделението,групата на учениците кои изразиле желба да членуваат при што доаѓа до израз комуникацијата, социјализациските односи, кооперацијата, самодовербата, самоиницијативата;

- во емоционално-волевиот развој се јавуваат одредени специфичности, како што се: негување на љубопитноста, радозналоста, креативнопста, способноста, доживување на позитивни дозивувања, што ја буди личноста, индивидуата на творење, а во таа смисла емоциите се импулсивен тон за други

емоционални доживувања, преку кои доаѓа до израз и волевата активност и фантазијата, истрајноста, решителноста и сл.

Изнесените сознанија потврдуваат дека основното училиште како воспитно-образовна, културна и јавна институција, дава широки можности за стекнување на поими, претстави, знаења, за проширување и продлабочување, за стекнување на знаењата, за мобилизирање и творештво, за стекнување на искуство и воопшто за природата и околината и за светот што ги опкружува, а со тоа да ги збогатат своите креативно-творечки можности, преку кои ги изразуваат, оплеменуваат своите индивидуални способности на планот на креативноста.

Тоа говори дека основното училиште дава широки можности за реализација и конкретизирање на поставените задачи, како институција, за збогатување со нови претстави, поими, знаења, но и за самостојно, индивидуално ангажирање и изразување на планот на сознајно-интелектуаалниот, волево-емоционалниот, социјализациskиот и креативниот став и однос, за што се препорачува активирање, репрограмирање и редефинирање на училиштето и ангажирање на сите субјекти.

Општи податоци од анкетата за прашањето: Каков е односот на предметните наставници спрема слободните ученички активности?

<u>Одговор:</u>

| | број на наставници | % |
|---|---|---|
| а) позитивен | 29 | 58 |
| б) рамнодушен (недефиниран) | 14 | 28 |
| в) негативен | 7 | 14 |
| Вкупен број ангажирани наставници | 50 | 100 |

На Слика 1 прикажан е дијаграм од резултатите на истражувањето по поставеното прашање.




Сл. 1

Делумен приказ на резултатите од испитувањата.

Врз основа на добиените одговори од Прашалникот, во следниот приказ се дадени делумни резултати од испитувањата на оние прашања кои можат статистички да се обработат.

Прашање бр. 1: Кои мотиви најмногу влијаат во изборот на твоето натамошно школување и идно занимање?

| | |
|---|---|
| а) желбата да се задоволат сопствените желби и интереси | 70 |
| б) задоволување на егзистенционалните (животни) потреби | 37 |
| в) остварување на успешна кариера | 18 |
| г) остварување на желбите на твоите родители | 25 |
| д) се уште немате јасна цел при изборот на Вашето натамошно школување | 10 |
| Вкупно анкетирани ученици: | 160 |

Прашање бр. 2 При учењето на наставниот материјал повеќе ти одговара?

| | |
|---|---|
| а) да учиш од учебник | 114 |
| б) од учебник и од други извори | 46 |
| Вкупно анкетирани ученици: | 160 |

Прашање бр. 3 Дали при учењето од учебник ги прескокнуваш табелите и графиконите?

| | |
|---|---|
| а) да | 98 |
| б) не | 62 |
| Вкупно анкетирани ученици: | 160 |

Прашање бр. 4 Какво учење најмногу ти одговара?

| | |
|---|---|
| а) самостојно да ужиш од учебникот на наставниот час | 18 |
| б) да го слушаш излагањето на наставникот | 107 |
| в) да се комбинира самостојното читање и | |

| | |
|---|---|
| наставничкото излагање | 35 |
| Вкупно анкетирани ученици: | 160 |

Прашање бр. 5 Дали правиш некакви белешки при учење на нов урок, лекција?

| | | |
|---|---|---|
| 5а1. на наставен час | ДА | 116 |
| 5а2. на наставен час | НЕ | 44 |
| Вкупно анкетирани ученици: | | 160 |

| | | |
|---|---|---|
| 5б1. во домашна средина | ДА | 138 |
| 5б2. во домашна средина | НЕ | 22 |
| Вкупно анкетирани ученици: | | 160 |

Прашање бр. 6 Имаш ли обичај да ги прегледуваш насловот, поднасловите и илустрациите на градивото кое треба да го учиш?

| | |
|---|---|
| а) ДА | 138 |
| б) НЕ | 22 |
| Вкупно анкетирани ученици: | 160 |

Во продолжение на текстот (Сл. 2,3,4,5,6 и 7) дадени се дијаграмски прикази на одговорите по поставените прашања.




1. Кои мотиви најмногу влијаат во изборот на твоето натамошно школување и идно занимање ?

а) Желбата да се задоволат сопствените желби и интереси;
б) Задоволување на егзистенционални (животни) потреби;
в) Остварување на успешна кариера;
г) Остварување на желбите на твоите родители;
д) Се уште немате јасна цел при изборот на вашето натамошно школување;

Сл.2




2. При учењето на наставниот материјал повеќе ти одговара:

а) Да учиш од учебник;
б) Од учебник и од други извори;

Сл.3







5. Дали правиш некакви белешки при учење на нов урок, лекција:
   1. На наставниот час:
      а) ДА
      б) НЕ
   2. Во домашна средина:
      а) ДА
      б) НЕ

Сл.4




3. Дали при учењето од учебник ги прескокнуваш табелите и графиконите:
   а) ДА
   б) НЕ

Сл. 5




4. Какво учење најмногу ти одговара:
   а) Самостојно да учиш од учебникот на наставниот час;
   б) Да го слушаш излагањето на наставникот;
   в) Да се комбинира самостојното читање и наставничкото излагање;

Сл. 6




6. Имаш ли обичај да прегледуваш насловот, поднасловите и илустрациите на градивото кое треба да го учиш?

а) ДА

б) НЕ

Сл.7

Преглед на одговорите на наставниците по македонски јазик во врска со прашањата од областа на вежбовните активности2

Прашање бр. 1 Колку наведените вежбовни активности Ви помогнаа во применување на истражувачката настава кај учениците?

| | | |
|---|---|---|
| Одговор: | а) многу | 5 |
| | б) делимично | 1 |
| | в) не помогнаа | - |
| | Вкупен број на анкетирани наставници | 6 |

На Сл. 8 е даден графички приказ на одговорите на поставените прашања.




Прашање бр. 2 Во колкав степен наведените вежбовни активности овозможија вежбање и воспитување на креативноста кај Вашите ученици?

| | |
|---|---|
| а) многу | 4 |
| б) делимично | 2 |
| в) не помогнаа | - |
| Вкупен број на анкетирани наставници | 6 |

На Сл. 9 е даден графички приказ на одговорите на поставеното прашање.



Преглед на одговорите од наставниците по ликовно воспитување за идентификација на надареноста кај децата

Врз основа на спорведеното анкетирање на наставниците по ликовно воспитување по однос на поставените прашања "Дали детето ги покажува следните карактеристики", извршена е обработка на податоците и резултатите кои се прикажани на Сл. 10 а и б, во форма на хистограми.

Ознаките под хистограмите значат:

- Со ознака П-1 до ознака П-22 наведени се редоследно наведените прашања кои се дадени во продолжение на текстот.

- Со ознаките а,б и в, под секој столб од хистограмот се означени следните одговори на прашањата.

"а" - никогаш; "б" - повремено и "в" - често.

Во продолжение на текстот дадени се прашањата и тоа:

П-1 - долг период на ангажираност во ликовната работа;

П-2 - долг период на набљудување на репродукции, слики и други уметнички творби;

П-3 - интерес за читање (гледање) на книги за уметноста;

П-4 - интерес за собирање репродукции или друг ликовен материјал;

П-5 - интерес за чувствителните карактеристики на предметите или ликовните продукти (текстура, волумен);

П-6 - правење забелешки со цртање или пишување на планови за ликовни идеи;

П-7 - особена способност за забележување на детали;

П-8 - особена способност за паметење на визуелни детали и целосна структура;

П-9 - фантазија, голем број различни идеи;

П-10 - голема техничка вештина во техничкото изразување;

П-11 - способност за организирање на материјал, композиција;

П-12 - свест за можностите и ограничувањата на ликовните средства (пр. моливот, глината, бојата);

П-13 - способност за лесен премин од едно ликовно средство на друго;

П-14 - способност за самостојно задавање на ликовни задачи и нејзино изведување до крај;
П-15 - способност за самостојно истражување со експериментирање и игра;
П-16 - задоволство при решавање на тешки ликовни задачи;
П-17 - толерирање на тешкотиите во текот на ликовното создавање;
П-18 - способност за сопствена проценка на својот ликовен резултат;
П-19 - поставување на високи критериуми за сопствената работа;
П-20 - реалистична проценка за постигнатото и план за идната акција;
П-21 - иницијатива во колективната ликовна работа;
П-22 - ран избор на "уметничката професија".




Сл.10а


П 7
П 8
П 9
П 10
П 11
а
б
в




Сл.10б



П 18
П 19
П 20
П 21
П 22
а
б
в

Преглед на одговорите на наставниците по музичко воспитување за идентификација на надареноста кај учениците

На ист начин како и за предходниот предмет по ликовно воспитување, анкетирани се наставниците по музичко воспитување, по однос на прашањето од областа на "најчести знаци на рана манифестација на музичкиот талент".

Обработката на резултатите е прикажана на Сл. 11 а и б, во форма на хистограми, а ознаките на хистограмите означуваат:

- Со ознака од П-1 до П-24 се опфатени прашањата кои се дадени во продолжение на текстот,
- Со ознаките а, б и в дадени се значењата на одговорите при анкетирањето и тоа:

"а" - никогаш; "б" - често и "в" - секогаш.

Во продолжение дадени се прашањата, и тоа:

П-1 - детето покажува интерес за звуците на околината;
П-2 - детето се смирува на звук или музика;
П-3 - детето внимателно и мирно слуша музика;
П-4 - детето со задоволство учествува во музички активности;
П-5 - детето бара прилика за слушање и создавање музика;
П-6 - детето покажува знаци на задоволство, веселба и други емоции додека слуша музика;
П-7 - детето реагира со движење на ритам и промена на телото;
П-8 - детето сака да опишува со помош на звук и мелодија;
П-9 - детето ги учи мелодиите "попатно", додека работи нешто друго;
П-10 - детето ги забележува истовремено звуците на различните инструменти при оркестарска изведба;
П-11 - детето лесно ги памети и репродуцира деловите или целата мелодија;
П-12 - детето дава точна репродукција на поединечните

тонови;

П-13 - детето дава точна репродукција на мелодијата;

П-14 - детето има голема вештина во музичкото изразување;

П-15 - детето има голема фантазија, голем број различни идеи;

П-16 - детето има способност за самостојно задавање на музичка задача и нејзино изведување до крај́

П-17 - детето има способност за самостојно истражување со експериментирање и играње;

П-18 - детето има задоволство при решавање на тешка музичка вештина;

П-19 - детето ги толерира тешкотиите во текот на музичкото создавање;

П-20 - детето има способност за сопствена проценка на својот музички талент;

П-21 - детето поставува високи критериуми за сопствената работа;

П-22 - детето врши реалистична проценка за постигнатото и план за идна акција;

П-23 - детето има иницијатива за колективна музичка работа;

П-24 - детео има извршено ран избор на "музичката" професија;




Сл. 11-а




Сл.11-b


П 20
П 21
П 22
П 23
П 24
а
б
в

## *Интерпретација на резултатите од истражувањето*

Од дијаграмот на Сл. 1, каде е искажан бројот на анкетираните наставници (50) за нивниот однос спрема слободните активности, резултатите од истражувањето на вака поставеното прашање одговараат дека најголем број од нив (29) или (58%) имаат позитивен однос кон наведените ученички активности. Тоа, во споредба со оние наставници кои негативно одговориле (7) или (14%) од нив, укажува дека предметните наставници имаат позитивен однос кон слободните активности на учениците во училиштето.

Во натамошниот тек од нашите опсервации, од анализата на резултатите од самото истражување, ќе се обидеме накусо да извршиме куса интерпретација на прашалникот само на прашањата под бр. 1,2,3,4,5, и 6, што се и статистички обработени.

На првото прашање, "Кои мотиви најмногу влијаат на изборот на занимањето и на натамошното школување" најголем број од испитаниците (70) или (42%) се определиле за одговорот наведен под а) желба за задоволување на сопствените желби и интереси. Додека пак, само (7) или (6,2%) од испитаниците во одговорот под д) одговориле дека сеуште немаат јасна цел при изборот на школувањето и идното занимање. Само за потсетување бележиме дека бројот на испитаниците - ученици од горните VII и VIII одделенија, изнесуваше 160.

Индикаторите говорат дека учениците од завршните одделенија на основното училиште, дел од нив веќе имаат правилна професионална насоченост, околу изборот на идното училиште и занимање. (Види дијаграм на стр. 142)

Не помал интерес претставуваат и одговорите дадени од страна на испитаниците на прашањето под ред. бр. 2. Ова прашање во Прашалникот се однесува на изворите за стекнување на знаења кај учениците, (Види дијаграм, сл. 3, на стр. 142) при што (71%) од учениците - испитаници учебникот го сметаат за најважен извор за стекнување на знаењето.

Прашањето под ре. бр. 5 "Дали правиш белешки при учењето на нови лекции? ", испитаниците скоро подеднакво процентуално се определиле, дека тоа го прават) а) за време на часот; б) во домашна средина.

Забележително е и прашањето под ред. бр. 3 "Дали при учењето од учебник се користат табелите и графиконите (Види дијаграм на сл. 5), (66%) од респондентите одговараат дека истите имаат позитивен став кон графичко-илустративното прикажување и ја прифаќаат оваа наставна метода на учење и стекнување на знаења. Тоа експлицитно укажува дека учениците постепено прават премин од конкретно кон апстрактно мислење и стекнување на знаења.

На прашањето под ред. бр. 4 "Какво учење најмногу Ви одговара?: а) самостојна работа со учебникот; б) следењето на наставниковата интерпретација на наставниот час и в) комбинирано учење. Испитаниците подеднакво значење му придаваат на сите три форми на учење (Види дијаграм Сл. 7, стр. 145).

Интерес побудува и прашањето под ред. бр. 6, а што се однесува на начините на учење и стекнување на знаења од учебникот и тоа: хронолошки редослед на учење, најнапред со

предходно разгледување на насловите, поднасловите и илустрациите на сликите цртежите, графиконите и тн.

Тоа јасно укажува дека учениците од завршните одделенија на основното училиште во својата интелектуална дејност, во учењето и напредувањето, прават еден ред на системно учење, постапност, свесност и активност, прегледно и целесообразно учење, што укажува на фактот дека учениците имаат изградено правилен став и однос кон учењето, како примарна дејност на учениците во училиштето.

Покрај анкетата на учениците, накусо би потсетиле и на некои одговори што ги добивме од анкетниот прашалник наменет за наставниците. И тоа по (мајчин) македонски јазик, ликовно и музичко воспитување. Тоа го правиме од причини што и во целите и задачите, како и во главната и помошните хипотези беа апострофирани овие клучни задачи на нашето интересирање за нивна емпириска верификација.

Најнапред ќе потсетиме на одоговорите на анкетираните наставници (6) по наставниот предмет македонски јазик. Колку овој наставен предмет ги буди интересите кај учениците низ слободните активности, тие да го развиваат својот творечко-креативен став и однос, односно воспитно да влијаат врз своите ученици во развивањето и воспитувањето на овие интереси, потреби, желби и склоности.

Интересен е податокот дека дури (5) од наставниците опфатени со прашалникот го преферираат начинот и стилот на учење и интелектуална работа, што се однесува на влијанието на вежбовните активности. Дури (38%) се определуваат за овој став.

(Види дијаграм на сл. 8, стр. 146). Додека пак на прашањето под ред. бр. 2, "Во колкав степен вежбовните активности влијаат врз креативноста кај децата-учениците?", (66%) од анкетираните наставници, или (4) од нив го преферираат атрибутот "многу", (Види дијаграм на сл. 9, стр. 147).

Покрај мајчиниот (македонски) јазик, интерес побудува и одговорите на наставниците по предметот ликовно воспитување, а што се однесува на идентификацијата на надарените деца - ученици.

Хистограмите на сл. 10 под а и б, илустративно се наведени сите карактеристики на детската склоност, почнувајќи од П-1 - долг период на ангажираност во ликовната сфера, па заклучно со П-22 - ран избор на "уметничка професија".

Илустрациите на хистограмот говорат дека во поглед на ликовното изразување и творештво кај учениците-децата имаат прилично идентични ставови кон надареноста. Тоа пак значи дека определбата за уметничката професија и ликовното изразување и творештво, не се стекнува многу рано, туку, би рекле, тоа се "спечалува" со волја, труд и напорна работа, односно "се заработува" низ еден макотрпен творечко-креативен став и однос на делување и секојдневно ангажирање. Ликовното творештво и креација е еден долг, перманентен, макотрпен процес, и трајна, систематска и планска и целисходна активност (Види хистограм сл. 10 а и б).

Идентична е ситуацијата и со музичкото воспитување и култивирање на музичката култура кај децата-учениците и воспитаниците. Наствниците во тој контекст, особено предметните

наставници по музичко воспитување во основното училиште подеднакво треба кај учениците да ја воспитуваат и креираат вокалната, инструментална музика и кај учениците да воспитуваат чувство на љубов и склоност кон слушање на убава музика и по можност сопствени и креативно изразување нас учениците преку секојдневно музицирање и гаење на симпатии кон музичкото творештво и создавање и воспитување на музички таленти на слободни активности по музижко воспитување во ужилиштето-хор, оркестар, соло-пеење, учење на инструмент, учество во мандолинскиот оркестар и слично.

Тоа ќе го илустрираме и со резултатите од нашето истражување на тој план. На пример, видо сл. 11а и б, каде што илустративно-графички се презентирани одговорите на прашањата, почнувасјќи од П-1, детето покажува интерес за звуците во околината, па заклучно со П-24, детето има извршено ран избор на "музичката" професија.

И тука резултатите од истражувањето се идентични, во сферата на музичкото воспитување и творештвото, нешто слично и кај ликовното.

Резултатите од овие истражувања, говорат дека творештвото и креативноста кај децата-учениците, доаѓаат до израз не само низ процесот на наставата и учењето, туку и во слободното време на учениците, во училиштето низ слободните активности, пак и надвор од него.

Тие тоа го изразуваат преку нивното учество низ разновидни форми на слободни активности: клубови, секции, дружини, друштва и др. Тука секако забележителна е и литерарната скција,

секцијата на млади поети, драмкста секција, музичката, ликовната, потоа млади математичари, млади техничари, млади историчари, млади географи, млади еколози и други слободни активносати што се остваруваат во училиштето и надвор од него. Секако низ овие активности кај децата расте, се воспитува детското творештво и креативното критичко-творечко и мисловно ангажирање. Децата постојано размислуваат да творат и создаваат на разни полиња. Тие со таквата работа и интерес, надареност и склоности, тка ќе постанат утрешни инженери, професори, музиколози, ликовни творци и креатори и сл.

Во овој контекст во заклучните опсервации по овие наши кусо презентирани емпириски истражувања би можело да се согледа и заклучи дека, развивањето и воспитувањето на слободните ученички активности, на детското креативно-творечко изразување е грижа на сите субјекти: училиштето, децата, наставниците, управата на училиштето, стручните соработници, родителите и разни други институции, здруженија и институциите во општетвото кои водат секојдневна грижа за детето.

Секако дека во рамките на овие настојувања се нашите заложби децата од страна на наставниците да се насочуваат уште во училишните клупи кон изразување на детското творештво и креативност, преку самостојна работа и самостоен ангажман, а не да чекаат друг да им ги решава работите, задачите, значи низ една систематска, трајна, секојдневна, перманентна активност, надгледувани и насочувани од наставниците, родителите и другите субјекти, децата секогаш да го почувствуваат тој нежен однос и љубезност клај нив, или како што вели Макаренко "што поверќе

поставување на задачи, тоа повеќе и почитување на личноста на ученикот."

Впрочем, тоа е и интенцијата на училиштето, перманетното образование и учење, трудољубивост, системност и работата го очовечува детето и човекот и го прави суштински генеричко и креативно битие во своето секојдневно однесување и творечко ангажирање.

## 3. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Прашањето за креативноста и творештвото на учениците од основното образование изразена преку слободните ученички активности на основното училиште, е прашање кое денес е во жижата на интересирањето, проблематизирањето, актуиелизирањето и третирањето во педагошката теорија и практика, а посебно на третманот на ученичките активности во наставната и воопшто воспитно-образовната дејност.

Од многубројните анализи на теоријата и истражувањата што се вршени во оваа сфера, можеме да кажеме дека во изминатиот период проблематиката е повеќе проучувана и укажувано од психолошки аспекти како на подрачјето на поранешниот Ју-простор, така и во Република Македонија.

Поконкретно, креативноста како психопедагошки проблем е својствен на секој поединец во поголем или помал обем, што во основа и се базира на нараденоста, способноста и талентираноста. Односно, во колкав степен и како таа ќе се реализира зависи од срединските фактори, насочувањето, мотивирањето, како и од самоопределувањето на учениците, мотивираноста на наставниците и нивната педагошка информираност и организираност. Притоа, третирајќи ги како партнери-субјекти-другари и соработници, како и почитувањето на индивидуалноста и интегритетот на индивидуата.

Меѓутоа, во конкретниот случај станува збор за креативноста преку слободните ученички активности, што само по себе потврдува дека предметот на истражувањето се насочува на

полето на едукацијата, односно педагошката дејност, односно на степен на основното образование, основното училиште.

Во таа смисла се согледуваа претпоставките значајни за развојот на креативноста и ученичките активности, односно, дека, ученичките активности претставуваат подлога и база за изразување на креативноста и творештвото. Така ние дојдовме до сознание дека основното воспитание и образование како базично, елементарно и фундааментално со својот третман, поставеност и организираност, на наставниот план и програм, на слсободното време и ученичката активност, на отвореноста кон потесната и поширокатa средина како општествена, културна и педагошка институција има значајни постигања на планот на опфатот на децата од основноучилишна возраст од сите средини, категории, без оглед на националната и верска припадност и социјалност, тое е Уставна одредба, а и кажано во Конвенцијата за правата на децата за воспитание и образование.

Но, и покрај сето тоа, основното училиште сеуште неможе да излезе од традиционалноста и стереотипноста, а со тоа не се создаваат оптимални и реални услови и можности за креација, флексибилност, творештво, како и за третманот на ученичките слободни активности.

Од изнесените сознанија и од резултатите на истражувањето, следењето на оваа актуелна, суптилна проблематика, може да се согледа дека напоредно со општествените, демократските, плуралните двичења и промени, треба да се создаваат услови за негово побрзо трансформирање, како отворено општество, како демократско што укажува дека воспитно-образовните институции

по пат на едукација ќе дадат свој прилог и придонес во развојот на идната интелигенција, на идните креативци и творци.

Постојните наставни планови и програми на основното училиште по однос на нивната структурираност и поставеност, не даваат поштироки можности и не содржат задачи и содржини погодни за креативна работа, како во предметот, така и во програмските содржини на ученичките активности.

Тоа потврдува дека наставата се одвива на одделенско-часовен и предметен систем од Коменски до понапред определени содржини и притоа не се имаат во предвид интересот, љубопитноста, способностите на учениците, а посебно програмските содржини на ученичките активности се стереотипни кои од година до година се повторуваат, без да се внесуваат нови содржини за интеракциско делување. Нешто, поизразит е третманот и поставеноста по македноски јазик, посебно на литерарно ученичките активности, на одделенијата, класивите, на училиштето, од кои најдобрите го презентираат училиштето на општинските, републичките и меѓународните детски поетски фестивали.

Слична е состојбата и по однос на музичките и ликовните активности кои се организираат во состав на одделенијата/класовите, училиштето, за потоа, најкреативните го презентираат на општинските, републичките и разни други фестивали и ликовни изложби/творби, како што е Битолскиот Монмартр, кој ги надмина рамките на Републикава и прерасна во Меѓународен фестивал на ликовни творби.

Од воспитно-образовната/наставната работа, како и организираноста на ученичките активности може да се констатаира дека во нивното планирање, програмирање и организирање, не секогаш се користат адекватните форми и методи на работа, што ќе ги мобилизира, ќе ги ангажира учениците на креативно самостојно изразување, творење и видување на содржината, односно проблемот.

Од следењето и пратењето на проблематиката што е предмет на нашето интересирање, може да се каже дека, за ученичките активности постои интерес од страна на учениците, доколку наставниците претходно ги информираат, ги упатуваат и им укажуваат дека нивното членување е доброволно, слободно во зависност од детскиот/ученичкиот интерес и афинитет, зависно од условите и околностите на организираноста, и воопшто индивидуалноста на секој ученик.

Меѓутоа, одреден број на ученици, подоцнаспласнуваат, додека, пак, тие кои од чубов и од желба се определиле за тоа, остануваат доследни во ангажираноста, во креативното творење и изразување, за што и постануваат и млади поети, млади музичари, млади ликовни творци, спортисти, што укажува на фактот дека креативноста треба да се воспитува, и постојано да се збогатува и надградува.

Од непосредниот увид, како и од анкетата на наставниците, може да се каже дека општиот став на наставниците за креативноста е познат. Поконкретно, поголем број на наставници сметаат дека кај учениците постои креативноста и дека може да

се поттикне и воспитува со насочени и организирани форми, постапки и содржини на воспитни влијанија.

Од досегашната содржинска презентација може да се согледа дека наставниците по однос на третманот, организираноста и изразување на креативноста низ ученичките активности, укажуваат на одредени потешкотии на кои наидуваат во нивната реализација и конкретизација. Одреден број на наставници укажуваат на недоволната опременост со посебни материјали, помагала, средства, инструменти, кои се нужни за изведување на активностите и кои се основа за самаостојно, индивидуално и креативно изразување.

Од следењето на креативното изразување преку ученичките активности по македонски јазик, ликовно и музичко воспитување, преферираат кон придавање значење и улога на ученичките активности, се мобилизираат и тие и учениците, внесуваат нови иновативни содржини, форми и постапки, и на тој начин создаваат поволни услови и можности за креативното изразување и творерње, што укажува на фактот дека ученичките активности се иновираат, се стимулираат и на тој начин условуваат интеракциско делување.

Исто така, може да се потврди дека по однос на информираноста и едукацијата на кадри постојат одредени недостатоци, што укажува на потребата дека, наставниците перманентно треба да бидат информирани и запознавани преку периодиката, педагошко-психолошката стручна литература, како и внесување на нови иновативни форми и постапки на работа, како што се: индивидуализираната настава, интегралната настава,

самостојната работа итн. Тоа говори дека наставничките факултети во образованието и оспособувањето треба да ги едуцираат и на планот на воспитувањето на креативноста кај наставниците и воопшто кон педагошкото творештво како би можело истото тоа во воспитно-образовната практика да го прават тоа со своите ученици.

Покрај тоа, се укажува на потребата и од перманентно стручно усовршување кое во сегашната законска регулатива е повеќе декларативно, отколку задолжително. Наставничките факултети на секои две до дтри години треба да ја преземаат таа улога на перманентно образование не само од содржината на дисциплината, туку и во педагошко-психолошки и дидактичко-методски поглед.

Креативноста и творештвото е генерална особина на личноста во креирањето и творењето на нештата, и тоа не е привилегија самао на добрите и на елитните, туку и на сите ученици, што укажува дека тие треба да се насочуваат, активираат и мобилизираат.

Развитокот на креативноста и творештвото на учениците треба да претставува составен и интегрален дел на секојдневната воспитно-образовна практика надвор од наставата, во училиштето и надвор од него. Тоа пак, во наставната и воспитната работа се создаваат услови за имагинарното мислење и критичното, на развојното и логичко-математижко мислење кое не е производ на заповедите и наредбите, туку на ангажираноста на учениковата личност како индивидуа.

Денес, се напушта примената на тестовите и тестоманијата, на флентноста за креативноста. Повеќе се употребуваат реалните животни мерки, како што се проценските на креативното однесување и самопроценувањето.

Во тој контекст нашето истражување покажа дека надареност и талентираност во одделениеот и ужилиштето треба да биде секојдневна односно постојана грижа на наставниците и воспитувачите во перманентното следење на талентираноста и креативноста кај учениците, за кој проблем мошне опстојно говори и Иван Корен.

Во прилог на изнесеното, истражувањето потврдува дека во третманот на оваа проблематика потребен е интегрален модел, што бара индивидуализиран програм со можност секој ученик да работи на своја задача, со максимална тежина и сложеност која може да ја достигне согласно потенцијалите кои ги поседува.

Покрај учениците, креативноста и творештвото е посебно значајно и забележително прашање и кај другите носители и двигатели и поттикнувачи на овој процес. Имено, станува збор за наставниците и родителите.

Во тој контекст, се укажува на потребата од заемна и меѓусебна соработка на релација ученик-училиште-наставник-родител во перманентното следење на учениковите реални можности, способности, надареност кон творештвото и креацијата преку развивањето на имагинарното, критичкото, развојното и креативното мислење и однесување на учениците во секојдневната училишна и вонучилишна активност. Тоа родителите и наставниците треба секојдневно да ги насожуваат, откриваат,

упатуваат и насожуваат децата/учениците кон развивање и воспситување на разновидните ученикови слободни творечки и креативни способности.

Во рамките на овие настојувања се укажува на потребата од заемна соработка и насочување, со цел мобилизирање на севкупните ученикови творечки и креативни потенцијали и можности за иновирање и создавање на она што еново, модерно, иновативно творечко, а со цел успешно да се следат иновативните и модерни флексибилни текови на овој чувствителен проблем на педагошката теорија и практика, што е и предмет на проучување посебно на Училишната педагогија и на Педагогијата на слободното време.

## НЕКОИ ФУТУРОЛОШКИ ВИЗИИ

Трудот кој што е предмет на наша научно-стручна експлорација и експликација ги презентира фундаменталните и есенцијалните прашања на оваа комплексна, актуелна и суптилна проблематика, која што има теориски и апликативно-практични димензии.

Проблематикава што е од непосреден интерес, посебно во сферата на едукацијата има своие научни (теориски) и практично-општествени димензии.

Креативноста и творештвото и нивната меѓусебна и взаемна поврзаност со слободните активности, секако дека претставуваа една историска категорија, една би рекле современа реалност, но веројатно овие прашања би имале посебни футуролошки димензии.

Овие прашања исто така имаат свои интердисциплинарни димензии, а не се строго селективен предмет на научна експликација само на педагошките науки.

Во сферата на едукацијата на тој план секако забележително место има и психологијата на воспитанието, општата, развојната (детската и младинската), психологијата на учењето кај возрасните итн.

Но, би рекле дека ова прашање има и свои антрополошки димензии, од причини што генеричката суштина на човекот е перманентно да твори, да креира, да создава нови зафати и презентира на човештвото иновации, патенти, изуми кои ќе бидат од негова непосредна помош и корист. Секако дека тоа се должи

на човековата имагинација, но би рекле и на неговата творечка креација.

Тој интелектуален, творечки занес кај човекот е неговата аперманентна задача, должност и обврска, со оглед на тоа што тој претставува активен субјект и креатор на стварноста и активноста.

Интердисциплинарноста на проблематиката се согледа и во преплетеноста и на дригите наужни дисциплини со оваа есенцијална и фундаментална проблематика. Секако дека покрај педагогијата и психологијата, тука се и антропологијата, филозофијата, социологијата, историјата, економијата, правото, медицината, техниката и биотехнологијата и др.

Сето ова го велиме затоа што човекот е би рекле сложено би-социјално и психосоцијално битие во кој се чувствува една перманентна интелектуална немир кон секојддневни мислење, творење, ангажирање и создавање на материјални и интелектуални добра на човештвото и на светот околу него.

Впрочем, во тоа е и неговата одлика од животните бидејќи човекот е активно, свесно и творечко-генерижко и креативно битие.

Ова особено се актуелизира денес во условите на третата научно-техничка и технолошка револуција во која има перманентен продир на иновативни зафати и промени. Во тој контекст човекот, детето и младиот човек не можат да бидат пасивни, туку активни битија, кои постојано ќе творат, ќе создаваат, ќе измислуваат разни иновации со цел на човекот да му се овозможи една економижноста, рационалност на животот,

творештвото, односно за покус временски период тој (човекот) да создава поголеми материјални и интелектуални добра.

Оттука и перманентното образование и перманентното учење на прагот на 21-от век би била ингима и водителка за поубав и посреќен живот исполнет секојдневно со нови воспитни содржини. Впрочем, тое е и филозофијата, психологијата и педагогијата на чивотот, односно слободното време секогаш да се исполнува со позитивна содржина и секогаш да се твори, креира и создава. Во тој контекст и во рамките на педагошката и психолошката наука активноста на жовекот, индивидуата, субјектот секогаш се става на преден план.

Впрочем и во Уставот на Република Македонија а и во нормативно-правната и законска регулатива, секогаш човекот се става на преден план, зашто тој создава, твори, креира. Човекот е нашата најголема и најсвета должност, незаменлив со ништо. Тој е најголемата, најхумана вредност на општеството, на човештвото, на светот, зошто тој го создал него, за да живее, да твори, да создава, да има успеси, просреитет и да се манифестираат неговите желби, склоности, потреби, интереси, внимание и сето тоа да биде насочено кон создавање на уште поголеми блага и добра на човештвото.

Оттука од овие општи и заеднички прелогомени, никнуваат и одредени аксиолошки (вредносни) ориентации што се поставуваат пред субјектот, детето, жовекот, како фундаментални постулати на педагогијата, психологијата и воспитанието на човекот, а со цел неговата генеричка суштина да биде максимално, рационално, функционално и суштествено исполнета, со цел да го оправда

своето постоење и да се докажува постепено, да ги манифестира своите креативни можности и способности, и да дава одредени придонеси на човештвото, за она што тој тоа го може и го прави за доброто на социјалната и општествета средина, односно ги манифестира своите генерички суштински димензии на живеење, работење и творење.

Овие напред кажани мисли се всушност не само сегашни, туку и идни визии на човекот, младиот, детето и на сите субјекти, што на еден или друг начин, повеќе или помалку треба да се манифестираат и во сферата на педагошката теорија и практика, па и на учениковата популација без оглед дали таа би била предучилишна, основношколска, средношколска популациона висина и слижно.

Во тој контекст го разгледуваме и поставуваме како футуролошки постулат и предмет на нашето интересирање во овие рамки.

Ова е дотолку важно што во услови на информатичката ера, во услови на перманентното образование и перманентното учење и мас-медиумската комуникација е мошне значајна за откривање и запознавање со нови вистини и сознанија за објективната продукционо-материјална и интелектуална стварност, што секојдневно не опкружува и ни создасва мотивација и елан за перманентно творење, самоафирмација, самопотврдување на нашите креативни, и творечки потенцијали на нашата имагинарна, но би рекле и стварна манифестација, продукција, стварност и творештво.

Во рамките на овие размислувања се и нашите согледби во футуролошка смисла, односно би ги насочиле и презентирале овие проблеми кои нас не тиштат во педагошката теорија и практика, особено во рамките на основното училиште, а што се однесуваат на креативноста, творештвото, слободното време и слободните активности на учениците, прашање, односно прашања што претставуваат секојдневна, перманентна мобилна и би рекле се наоѓа во жижата на актуелноста, околу кои треба да бидат свртени не само учениците, туку и училиштето, воспитувачите, наставниците,управителите, наставничките и воспитните колективи, содителските совети и другите субјекти, не само од внатрешната педагошка и реформска раздвиженост и свртеност кон сегашнината и иднината, туку би рекле и на поширокaта општествена заедница, на сите субјкетивни фактори кои на посреден или непосреден начин се свртени кон проблемите на воспитно-образовната активност, во теоријата и практиката, во науката и во методолошко-емпириските истражувања и практични согледувања.

Па во таа насока, би потсетиле на некои футуролошки визии во врска со проблемот што е предмет на нашата расправа и разгледување во овој наш магистерски труд:

- од стручно-научен третман на проблематиката, креативноста и слободното време и слободните активности на учениците, кои се третирани во теоријата и практиката, од повеќе страни, и од повеќе стручно-научни профили, од истражувањето на креативноста и слободните ученички активности во основното училиште, на подрачјето на град Скопје се одредуваат постапки,

техники и инструменти од кои може да се согледаат третманот, актуелноста, оргаанизацијата и поставеноста, проблемот не само што е актуелен, туку тој бара и нормативно-правно и закаонско регулирање и организационо третирање и регулирање, како во организациона слисла во рамките на организацијата на наставата, така и во организација на ученичките активности во училиштето и надвор од него. Во таа насока, од добиените резултати на истражувањето, се актуелизираат прашањата од поголема свртеност на основното образование кон оваа суптилна проблематика, од почести истражувања и проучувања, со цел да се прават почести аналитичко-синтетички согледувања, а со цел за подобра организација и презентација на ученичкото творештво и креативно-имагинарна моќ;

- образованието, перманентното образование и современите тенденции во сферата на воспитанието и образованието, иновативно-реформските зафати и во системите на воспитанието и образованието, се поставуваат и други прашања пред училиштето и пред ученикот, да не се само меморираат формални и вербални знаења, туку истите да се стекнуваат односно "спечалуваат" врз база на активното, мисловното, креативно-критичкото и творечко мислење;

- во наредниов период во тој контекст и натамошните истражувања на овој план треба да бидат предмет на почести истражувања, на почеста анализа и од други истражувачи, и во рамките на другите наставно-научни дисциплини, науки и подрачја, како што се во сферата на математиката, природните науки, техничките, драмските и други активности и слично;

- во тој контекст нашите заложби се и за перманентно образование, оспособување и усовршување на наставниот кадар, како би можел истиот да се носи со сите иновационо-дисеминациони појави и сегменти на оваа сиптилна креативна дејност и творештво што секојдневно се воспитува во свеста на ученикот и младиот човек, а со цел да може педагошко-психолошките, дидактичко-методичките и други сознанија со успех да се пренесуваат на младите и воспитаниците;

- во тој контекст, на ова место би ги актуелизирале и акционите истражувања, со цел истите секојдневно да се аплицираат во воспитно-образовната практика во училиштето низ наставата, надвор од наставата, пак и вн училиштето, на поефикасно поврзување на теоријата со практиката, на науката со емпиријата, на теоријата со методот и со неговата апликација во сферата на едукацијата и во рамките на педагошко-психолошките науки и научни дисциплини;

- во тој контекст би инсистирале и на анимација на стручната случба во училиштето: педагог-психолог-социолог и други служби кои на стручен план секојдневно би ја следеле и унапредувале оваа суптилна и актуелна проблематика, бидејќи тие се душата на училиштето на наставничкиот колегиум, односно тие се инженери-технолози во сферата на воспитанието и образованието и секојдневно трагаат по нови вистини и сознанија, а се со цел за унапредување на училишниот живот во неговата комплетност и актуелност. Тоа пак, од друга страна ќе рече да ги "ослушкуваат" образовните, воспитните и културните потреби на учениците и младите, со цел изнаоѓање на погодни образовни форми, методи,

начини па и средства за нивно манифестирање и исполување на се она што е добро, квалитетно, адаптивно и привлечно за практижниот едукативен живот, стварност и ативност;

- исто така, не помала важност во констелацијата на овие процеси, димензии на воспитно-образовно делување и соработување во рамките на училиштето, како актуелни и суштински се поставуваат прашањата за набавка на учебници, прирачници, наставни средства, учебни помагала и други средства на модерна образовна технологија, што ја чини наставата и вонкаставните активности во задоволителна форма со сиот нејзин респект и почит , за се она што е модерно, актуелно, иновативно и што создава љубов и восхит кај учениците да можат тие да стекнуваат не вербални занења со ангажирање на когнитивните, конативните и психомоторните знаења, активности и севкупно творечко однесување и манифестирање;

- и на крајот би подвлекле уште еднаш дека интердисциплинарноста во согледувањето и проучувањето на оваа актуелна и суптилна проблематика и потреба и стварност на времето, на кадрите, на активностите, на иновациите и творештвото, се со цел за создавање на иновативни зафати, проекти, изуми и творештво што ќе се носи со современите европски и светски трендови, при што се бара знаење, квалитет, разновидна модулација, циркулација на кадрите и внесување на секојдневно-иновативни промени и зафати како би го направиле животот разновиден, интересен, динамичен, творечки, а не банален, да не води во очај. Секако дека мотивацијата, интересите и творештвото водат кон имагинарно-модулациони теории, учења

и практика за адекватно моделирање и насочување на воспитно-образовната практика во насока на иноивации, моќ, мобилност, активност и творештво, со цел за квалитетен и убав чивот и во училиштето, во просториите каде младите учат и се оспособуваат за идни носители и креатори на стварноста и животот во неговото севкупно опкружување.

## ПОЧИТУВАНИ КОЛЕГИ !

СО ОВОЈ ИНСТРУМЕНТ САКМЕ ДА ИСПИТАМЕ НЕКОИ АСПЕКТИ НА ПРОБЛЕМОТ НА КРЕАТИВНОСТА И ТВОРЕШТВОТО КАЈ УЧЕНИЦИТЕ.

МЕЃУ ДРУГОТО МНОГУ СЕ ЗНАЧАЈНИ И ВАШИТЕ МИСЛЕЊА И СТАВОВИ.

ЗАТОА ВЕ МОЛИМЕ ИСКАЖЕТЕ ГИ КАКВИ ШТО СЕ.

ИМАЈКИ ЈА ВО ПРЕДВИД АКТУЕЛНОСТА НА ПРОБЛЕМАТИКАТА И АВТЕНТИЧНОСТА НА ОДГОВОРИТЕ ВЕ МОЛИМЕ ЗА СОРАБОТКА.

И БЛАГОДАРИМЕ ЗА ВНИМАНИЕТО, АНГАЖИРАНОСТА, СОРАБОТКАТА.

СТА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА

ЛИКОВНАТА НАДАРЕНОСТ КАЈ

Д Е Ц А Т А

ДЕТЕТО ГИ ПОКАЖУВА СЛЕДНИВЕ КАРАКТЕРИСТИКИ :

| | никогаш | повремено | често |
|---|---|---|---|
| период на ангажираност во ли-ата работа ; | | | |
| период на набљудување на ре-кции, слики и други уметнич-творби; | | | |
| рес за читање (гледање) на кни-за уметноста ; | | | |
| рес за собирање репродукции или ликовен материјал ; | | | |
| рес за чувствителните карактеристики редметите или ликовните продукти тура, волумен) ; | | | |
| ење забелешки со цртање или пи-е на планови за ликовни идеи; | | | |
| ена способност за забележување на ни ; | | | |
| ена способност за наметење на ви-ни детали и целосна структура ; | | | |
| азија, голем број различни идеи; | | | |
| има техничка вештина во техничкото азување ; | | | |
| собност за организирање на мате-ал, композиција ; | | | |
| ст за можностите и ограничувањата ликовните средства (пр. моливот, ната, бојата) ; | | | |
| собност за лесен премин од едно овно средство на друго ; | | | |
| собност за самостојно задавање ликовна задача и нејзино из-вање до крај ; | | | |
| собност за самостојно истражување експериментирање и игра ; | | | |
| оволство при решавање на тешки овни задачи ; | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| рирање на тешкотиите во текот ликовното создавање ; | | | |
| собност за сопствена проценка на от ликовен резултат; | | | |
| авување на високи критериуми за ствената работа ; | | | |
| листиина проценка за постигнатото лан за идната акција ; | | | |
| цијатива во колективната ликовна ота ; | | | |
| избор на "уметничката професи- ; | | | |

# С М Е Ш Н И   П Р А Ш А Њ А :

ктиката покажала дека примената на ваквите прашања за стински проблеми може да вроди плод во облик на пријатно ленадување и низа интересни идеи .

---

Х го заменува предметот ;
додека Х-ањето ја за менува активноста

---

Што би се случило кога Х би можел да лета ?
Како би било да го користиме Х-ањето под вода ?
Има ли за Х-ањето некои шеги, поговорки, вицови ?
Има ли мојата омилена песна каква било врска со Х-ањето ?
А мојот омилен филм ?
Што мисли мојата мајка за Х-ањето ? А мојот најдобар пријател ?
Може ли Х да се направи поубав ? А може ли посмешен ?
Како оди Х-ањето со храната ? Музиката ?
Може ли Х да се искористи во природата ?
Што би кажало дете од рана училишна возраст за Х-ањето ?
Како би Х-ало дете од рана училишна возраст ?
Што значи Х за Училишната и Детската организација ?
А за мојата генерација ?
Што би се случило ако Х го свртиме наопаку ?
А од внатре према надвор ?
Можеме ли да се преправаме дека Х е нешто друго ?
Со какви сè бои може да биде Х ?
Како уште Х би можел да звучи, мириса ? Каков уште вкус би можел да има ?

Р А Ш А Л Н И К

менет за наставникот по македонски јазик кој се однесува

спроведените вежбовни активности во функција на воспитување на флексибилноста на мислењето кај учениците )

Е И ПРЕЗИМЕ : ______________________________

ИЛИШТЕ : ______________________________

СТО : ______________________________

Колку наведените вежбовни активности ви помогнаа во применување на истражувачка настава со учениците ?

Во колкав степен наведените вежбовни активности овозможија вежбање и воспитување на креативноста кај вашите ученици ?

Во најслободна форма изнесете ги Вашите забелешки , предлози , мислења по наведените вежбовни активности !

А Ш А Њ А   З А   А К Т И В Н О С Т А :

---

ТАЗИЈАТА Е ПОВАЖНА ОД ЗНАЕЊТО " – АЛБЕРТ АЈНШТАЈН

---

ое X ја заменува активноста ;
ое У состојбата ( внатрешна реакција – интерен процес ),
з произлегува од активноста ;
секое Z индивидуална сакана имагинативна состојба.

---

о обично се случува по X ?

о ве наведе на свирење, пеење, компонирање ?

о е потребно за – " – " – " – " – ?

ко се случи прв пат да свирите, пеете, компонирате ?

ко можевте да свирите, пеете, компонирате без У ?

кого се можете да – " – " – " – ?

ко го добивте У, кој ви овозможи да свирите, пеете,
мпонитате ?

ј сѐ освен Вас се бави со свирење, пеење, компонирање ?

о уште поврзано со свирењето, пеењето, компонирањето се
учува ?

кате ли состојба Z како резултат на свирењето, пеењето,
мпонирањето ?

ко точно се случува свирењето, пеењето, компонирањето ?

што се случува – " – " – " – " – " – " – ?

што наместо свирење, пеење, компонирање , не би се
учило У–нирање ?

и уште активности имаат исти последици како свирењето,
ењето, компонирањето ?

што луѓето го избираат токму свирењето, пеењето, компо-
рањето ?

о предизвикува свирење, пеење, компонирање ?

се допаѓа ли да свирите, пеете, компонирате ?

о би се случило кога сите би свиреле, пееле, компони-
ле ?

со конкурентите го обавуваат свирењето, пеењето, компони-
њето ?

# П Р А Ш А Л Н И К

:аменет за учениците вклучени во истражувањето )

: ПРЕЗИМЕ : ______________________________

:НИЕ : ____________

:ТЕ : ______________________________

: ________________

---

мотиви најмногу влијаат во изборот на твоето натамошно

:ување и идно занимање ?

желбата да се задоволат сопствените желби и интереси;

задоволување на егзистенционални (животни) потреби ;

остварување на успешна кариера ;

остварување на желбите на твоите родители ;

се уште немате јасна цел при изборот на вашето натамошно школување ;

:аокружи еден од наведените одговори )

---

: ученето на наставниот материјал повеќе ти одговара :

:а учиш од учебник ;

:д учебник и од други извори )

:окружи еден од наведените одговори )

---

:и при учењето од учебник ги прескокнуваш табелите

графиконите ?

Д А б) Н Е

:кружи еден од одговорите )

---

---

во учење најмногу ти одговара :

амостојно да учиш од учебникот на наставниот час ;

а го слушаш излагањето на наставникот ;

а се комбинира самостојното читање и наставничкото изла-
ање ;

заокружи еден од наведените одговори )

---

и правиш некакви белешки при учење на нов урок ,
ција :

а наставниот час : - Д А - ; - Н Е - ;

о домашна средина : - Д А - ; - Н Е -

заокружи еден од наведените одговори )

---

ш ли обичај да прегледуваш насловот , поднасловите и
страциите на градивото кое треба да го учиш ?

Д А ; б) Н Е

окружи еден од наведените одговори )

---

најмногу те привлекува :

а учиш; б) или те одбива да учиш ;

образложи го твојот одговор )

---

иши поопширно во означениот простор каков учебник би
сакал да имаш !

## НАЈЧЕСТИ ЗНАЦИ НА
## АНА МАНИФЕСТАЦИЈА
## А МУЗИЧКИОТ ТАЛЕНТ

| ДЕТЕТО : | никогаш | често | секогаш |
|---|---|---|---|
| окажува интерес за звуците во солината ; | | | |
| смирува на звук или музика; | | | |
| нимателно и мирно слуша музика | | | |
| задоволство учествува во узички активности ; | | | |
| ира прилика за слушање и соз-вање музика ; | | | |
| окажува знаци на задоволство , еселба и други емоции додека куша музика ; | | | |
| еагира со движења на ритам и ромена на телото ; | | | |
| ука да опишува со помош на зук и мелодија ; | | | |
| учи мелодиите "попатно" одека работи нешто друго ; | | | |
| забележува истовремено зву-ите на различните инструменти ри оркестарска изведба ; | | | |
| есно ги памети и репродуцира еловите или целата мелодија ; | | | |
| очна репродукција на поединеч-ни тонови ; | | | |
| очна репродукција на мелодија-та ; | | | |
| олема вештина во музичкото зразување ; | | | |
| антазија, голем број различни деи ; | | | |

| Е Т Е Т О : | никогаш | често | секогаш |
|---|---|---|---|
| особност за самостојно за-<br>вање на музичка задача и<br>јзино изведување до крај ; | | | |
| особност за самостојно ис-<br>ажување со експериментирање<br>игра ; | | | |
| доволство при решавање на<br>шки музички задачи ; | | | |
| перирање на тешкотиите во<br>кот на музичкото создава-<br>; | | | |
| особност за сопствена проценка<br>нка на својот музички та-<br>нт | | | |
| ставување на високи крите-<br>уми за сопствената работа; | | | |
| алистична проценка за по-<br>игнатото и план за идна<br>ција ; | | | |
| иницијатива за колективна<br>зичка работа ; | | | |
| н избор на "музичката"<br>офесија ; | | | |

ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА НАДАРЕНОСТА

ПОТСЕТНИК ЗА НАСТАВНИЦИТЕ

бини на надарените деца од основноучилишна возраст)

" ИМАГИНАТИВНОТО МИСЛЕЊЕ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПРОГРАМИРА
И ПРОИЗВЕДЕ ПО ЗАПОВЕД "

ер на потсетник за наставници од основните училишта кој асочен и на "општата и на "специфичната" надареност и претставува прашалник за наставници кој го применува нсовиот центар за проучување на креативноста .

ПРЕЗИМЕ И ИМЕ НА УЧЕНИКОТ : ______________________

УЧИЛИШТЕ : ______________________

ОДДЕЛЕНИЕ : ______________________

ДАТА : ______________________

Прочитајте ги внимателно следниве тврдења и ставете X на месото кое по ваше мислење најмногу одговара на карактеристиките ученикот.

1- ако никогаш или многу ретко сте ја забележале оваа карактеристика кај ученикот;
2- ако понекогаш сте ја забележале оваа карактеристика;
3- ако сте ја забележале оваа карактеристика многу често;
4- ако ја забележувате оваа карактеристикаскоро постојано ;

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | лесно учи | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 2. | оригинален, со фантазија,креативен | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3. | поседува големо знаење | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 4. | љубопитен, скептичен | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5. | покажува здраворазумска логика | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 6. | поседува знаења од необични подрачја | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 7. | ликовна способност | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8. | богат речник, леснотија во изразувањето | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 9. | музичка способност | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 0. | самостојно работи покажува иницијатива | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. | логичен е добро просудува | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 2. | во мислењето е еластичен отворен за ново | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3. | прилагодлив | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 4. | покажува необични увиди, открива ново | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5. | покажува голема социјална осетливост, емпатија | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 6. | покажува смисол за хумор | 1 | 2 | 3 | 4 |

станати набљуденија : ______________________

В Е Ж Б О В Н И А К Т И В Н О С Т И

предметна настава во функција на воспитување на

флексибилноста на мислењето кај учениците )

---

ДОНСКИ ЈАЗИК :

---

аботи писмен состав по следнава тема : " Патување во ненатото " со заедничко вреднување , оценување на внесените гинативни идеи во поглед на нивната продуктивност и урологија ( иднина ) !

---

з основа на македонската народна поговорка : " Се што било минало и што ќе биде ќе помине " , направи нејзино иманативно трансформирање ( менување ) по твоја замисла !

---

Бисеро моме Бисеро , за кого носиш бисерот ?

За кого готвиш дарои ?

Ја дарој не сака, тук сака мома Бисера " ....

прави споредба со други сродни стихови од македонската странската литература каде се прикажани на суптилен етнички начин вакви естетски емоции за чудесната вљубест и убавина ?

---

о се би можел-а да научиш од мешне инвентивната и креавната имитација на г-нот Бин и ѕвездите на Мапет-шоу ?

---

) Познатата анегдота за Насредин оџа кој едно утро клечејќи во тревата пред куката наводно како да го бара изгубениот клуч од куката, на прашањето од страна на неговиот сосед дали може да се сети каде го загубил клучот, одговорил :

" - Внатре во куката ".

Зачудениот сосед повторно го прашал за бесмисленоста да го бара клучот надвор кога тој го загубил внатре во самата кука, а на тоа Насредин оџа му одговорил :

" - Надвор е подобра светлината, подобро се гледа "....

---

) Се одлучила жабата да ја напушти својата лоша судбина во мочуриштето па го запрашала итриот буф за совет како да го оствари својот сон и да се научи да лета .

" - Ништо полесно од тоа " - одговорил буфот .

- Ќе пуштиш да ти пораснат крила и потоа со нив ќе мафташ и сигурно ќе полеташ .
- Но тоа како ќе го постигнам ? - се жалела жабата .
- Јас ти давам принципиелно решение се налутил буфот, а ти ме прашуваш за глупави детали, за нешто мораш и самата да се потрудиш " ....

---

одговорите на Насредин оџа и буфот можат да се земат како мошне инвентивни и креативни . Аналогно на овие примери обиди се да пронајдеш и други примери )

---

**иковно воспитување**

Според твоја замисла обиди се да ги развиеш и дополниш следниве звни фигури? Ти посакуваме пријатна забава?



Според твоја замисла обиди се на што поимагинативен начин да /ираш еден мозаик кој по желба можеш и да го обоиш.Потруди се да го поинвентивен?

# ЛИТЕРАТУРА


1. Adler, A., (1973), Umetnost i psihoanaliza, "Praksis", 3-4, Zagreb;
2. Babić, N., Lederer, J., (1991), Kvalitativna paradigma evaluacije predškolskog odgoja, "Napredak", 2, Zagreb;
3. Belamarić, D., (1986), Dijete i oblik, Školksa knjiga, Zagreb;
4. Bizen, T., (1983), Iskoristi svoj um, Univerzum, Ljubljana;
5. Белер, К., (1979), Ефекти организованих програма за педшколско васпитање, "Предшколско дете", бр. 4,Београд;
6. Dimazdie, J., (1973), U susret civilizacije slobodnog vremena, Zagreb;
7. Бојановиќ, Р., (1985), Аутентична и неаутентична личност, Просвета, Београд;
8. Дамјановски, А., (1970), Креативноста, нејзиното поттикнување и формирање кај децата, "Просветно дело", Одбрани трудови, Скопје;
9. Dijete i kreativnost, (1987), Globus, Zagreb;
10. Enciklopedijski rečnik pedagogije, (1963), Zagreb;
11. Dizdarević, I., (1980), Stvaralaštvo i društveno ponašanje mladih, Svjetlost, Sarajevo;
12. Бареш, Г., (1979), Социјалне условености образовања слободног времена, Београд;
13. Граорац, И., (1989), Учење у слободи и рамноправан однос, "Педагошка стварност", бр. 7-8, Нови Сад;
14. Granese, (1985), Dijalektika odgoja, Zagreb;
15. Grasi, E., (1981), Moć mašte, Školska knjiga, Zagreb;
16. Gilford, J.P., (1972), Značajke kreativnosti, "Umijetnost i dijete", br. 21, ZAgreb;
17. Гузина, Лј., (1979), Стваралаштво као сазнајни процес, "Педшколско дете", бр. 1-2, Београд;
18. Илиќ, М., (1979), Теорија и филозофија стваралаштва, Ниш;
19. Janković, Vl., (1978), Slobodno vrijeme i slobodne aktivnosti, Zagreb;
20. Каменов, Е., (1985), Предшколска педагогија, Београд;
21. Kamenov, E., (1986), Razvijanje dječje samostalnosti, "Peda-

goški rad", br 7-10, Zagreb;
22. Каменов, Е., (1986), Експериментални програми за рано образовање, Београд;
23. Kaplan, (1973), Izazov slobodnog vremena, Zagreb;
24. Kvaščev, R., (1982), Razvijanje kretivnosti ponašanja ličnosti, "Sviletlost", Sarajevo;
25. Квашчев, Р., (1985), Развијање способности за учење код ученика, Институт за педагошка истраживања, Београд;
26. Квашчев, Р., (1981), Психологија стваралаштва, Београд;
27. Квашчев, Р., (1970), Стваралаштво и критерији стваралаштва, "Педагогија, бр. 3, Београд;
28. Квашчев, Р., (1981), Како развитеи стваралачке способности, Београд;
29. Knežević, V., (1989), Međunarodni pedagoški parametri o identifikaciji kreativnih nastavnika, "Naša škola", br. 3-4, Sarajevo;
30. Kolka, Al., (1988), Može li suvremena škola poticati kreativnost, "Pedagoški rad", br. 4, Zagreb;
31. Koren, I., (1971), Eksperimentalni doprinos sistematskog identificirawa nadarene omladine, Zagreb;
32. Костова, М., (1994), Оптовареноста на учениците во наставата, Просветно дело, Скопје;
33. Коцић, Љ., (1972), Слободне активности у структури васпитнообразовне делатности школе, "Настава и васспитање", бр. 3, Београд;
34. Kolektiv autora, (1989), Dijete i kreativnost, Globus, Zagreb;
35. Kranjc, Ana., (1987), Odgoj za ztvaralaštvo, Zbornik na trudovi "Obrazovanje u funkciji inventivnog rada i tehnološkog stavaralaštva", Andragoški centar, Zagreb;
36. Kreativnost mladih i slobodno vrijeme, (1972), Zbornik na trudovi, Zagreb;
37. Конвенција за правата на децата, (1990), Сојуз за грижи и воспитување на децата на Република Македонија, Скопје;
38. Lipovac, M., (1991), O mogućnosti uticaja škole na kreativno ponašanje učenika, "Vaspitanje i obrazovanje", br. 1, Titograd;

39. Lipovac, M., (1989), Jedan od mogućih metodoloških pristupa u istraživanju povezanosti obrazovanja i inventivne kreativnosti, "Život i škola", br. 1, Titograd;
40. Лобро, М., (1979), Образовање пре свега, Београд;
41. Majl, A., (1968), Kreativnost u nastavi, "Svijetlost", Sarajevo;
42. Марјановић, А., (1987), Игра и стваралаштво, "Предшколско дете", бр. 1-4, Београд;
43. Марјановић, А., (1979), Стваралаштво, игра и васпитање детета "Предшколско дете", бр 1-2, Београд;
44. Mandić-Herera, (1992), Obrazovanje za 21 stoljeće,"Svijetlost Sarajevo;
45. Младеновић, М., (1965), Ослобаћање рада, "Култура", Београд;
46. Маслов, Абрахам, )1982), Мотивација и личност, Нолит, Београд;
47. Markuze, H., (1979), Analiza zapadne indistrijske civilizacije, Zagreb;
48. Милинивић, М., (1980), Способности, личност, стваралаштво, Институт за психологију, "Психолошка истраживања", Београд;
49. Miqak, A., (1990), Odgojno-obrazovna funkcija pedagoških ustanova, "Pedagoški rad", br. 4, Zagreb;
50. Miqak, A., (1986), NOvi pristupi u istraživanju predškolskog odgoja, "Pedagoški rad", br 7-10, Zagreb;
51. Muradbegović, M., (1972), Aktivnosti u slobodnom vremenu, "Isksustva", br. 9-10, Sarajevo;
52. Moris, B., (1987), Kreativni odgoj, "Umijetnost i dijete", br. 1, Zagreb;
53. Obrazovanje u funkciji inventivnog rada i tehnološkog razvoja, (1987), Andragoški centar, Zagreb;
54. Obradović-Čudina, M., (1987), Razvoj osobine ličnosti kao pretpostavka kreativnosti, Zbornik, Andragoški centar, Zagreb;
55. Откривање, развој и врáборување на надарените деца, (1989), Републички завод за школство, Скопје;
56. Ozimec, S., (1987), Odgoj i kreativnost- Kako prepoznati i

potticati dječju kreativnost, "Naša dijeca", Varaždin;
57. Puževski, V., (1989), Osnovna škola-pojava, razvoj i perspektive , Institut za pedagoška istraživanja, Filozofski fakultet, Zagreb;
58. Пантиќ, Д., (1982), Оспособљавање педагаога за стваралачки рад на унапређивању васпитања и образовања, "Настава и васпитање", бр. 3-4, Београд;
59. Pečjak, V., (1982), Putevi do ideja, Ljubljana;
60. Петров, Н., Михајловски, В., (1995), Креативноста и воспитанието, "Биангл, Битола;
61. Петров, Н., (1985), Детето во природата и околината, Скопје;
62. Петров, Н., (1990), Педагошкото творештво во функција на научно-технолошкиот развој, Скопје;
63. Петров, Н., (1996), Методика по култура на говорот, "Биангл", Битола;
64. Pediček, F., (1980), Kreativiranje - pedagoški postupak za razvoj integrativno stvaralačkog čovjeka, "Naša škola", br. 9-10, Sarajevo;
65. Pedagoška enciklopedija 1,2, (1989), Beograd-Zagreb;
66. Педагошки речник 1,2, (1967), Завод за издавање уџбеника, Београд;
67. Пешиќ, М., (1987), Вредновање предшколских васпитних програма, Београд;
68. Poljak, V., (1987), Stvaralaštvo i škola, PKZ, Zagreb;
69. Poljak, V., (1990), Škola i učenje, "Pedagoški rad", br. 1, Zagreb;
70. Poljak, V., (1960), Celovitost nastave, Školska knjiga, Zagreb;
71. Previšić, V., (1984), Poticanje kreativnosti u školi, "Odgoj i obrazovanje", Filozofski fakultet, Zagreb;
72. Previšić, V., (1987), Izvannastavne aktivnosti i stvaralaštvo, "Školske novine", Zagreb;
73. Јанушевиќ, М., (1961), Организација наставе, Београд;
74. Потконјак, Н., (1960), Слободне активности у основној школи, "Настава и васпитање", бр. 1, Београд;
75. Pol, Giam., (1970), Psihologija, Zagreb;

76. Рот, Н., (1982), Општа психологија, Београд;
77. Роџерс, К., (1985), Како постати личност, Нолит, Београд;
78. Сагадин, Ј., (1985), Почеци курикуларне евалуације, "Педагогија", бр. 3, Београд;
79. Самоловчев, Б., (1984), Теоретските и методичките основи на воспитната работа, Универзитет "Св. Кирил и Методиј Скопје;
80. Stevanović, M., (1986), Kreativnost nastavnika i učenika u nastavi, "Istarska naklada", Rijeka-Pula;
81. Strugar. V., (1992), Biti učitelj, Pedagoško-književni zbor, Zagreb;
82. Supek R., (1977), Razvitak i učenje u vezi s kreativnošću, "Pedagoški rad", br. 3-4, Zagreb;
83. Supek, R., (1987), Priroda ljudske kreativnosti, Zbornik "Dijete i kreativnost", Globus, Zagreb;
84. Суходолски, Б., (1974), Три педагогије, "Дуга", Београд;
85. Suhodolski, B., (1988), Permanentno obrazovanje i stvaralaštvo, "Školske novine", Zagreb;
86. Тасковић, Н., (1991), Могућности и домет стваралаштва дјеце предшколске, "Педагогија", бр. 1-2, Београд;
87. Торенс, П., (1981), Креативност, "Педагогија", бр. 1, Београд;
88. Filipović, N., (1967), Vananstavne aktivnosti, Zavod za udžbenike, Sarajevo;
89. Filipović, N., (1971), Kreativnost u nastavi, Sarajevo;
90. Filipović, N., (1988), Mogućnosti i dometi stvaralaštva učenika i nastavnika, "Svijetlost", Sarajevo;
91. Fridman, Ž., (1956), Razmrvljeni rad, Zagreb;
92. Фром, Е., (1960), Бекство од слободе, "Нолит", Београд;
93. Фром, Е., (1962), Здраво друштво, Београд;
94. Furlan, I., (1981), Čovjekov psihički razvoj, "Školska knjiga Zagreb;
95. Cvetić, I., (1991), Daroviti učenici kao saradnici u nastavi, "Napredak", br. 2, Zagreb;
96. Čandarlić, J., (1988), Kreativni učenici i nastavni proces, Izdavački centar, Rijeka;
97. Šelski, H., (1965), Skeptička generacija, Zagreb;
98. Шешић, Б., (1965), Савремени човек и свет, Београд;